# Предизвици

СПИСАНИЕ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА

## ЕВРОПА ВО КРИЗА, БАЛКАНОТ ВО НЕИЗВЕСНОСТ



FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

БРОЈ 14
06|2022

Предизвици

СПИСАНИЕ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА

# ЕВРОПА ВО КРИЗА, БАЛКАНОТ ВО НЕИЗВЕСНОСТ

FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

# ИМПРЕСУМ

**П Р Е Д И З В И Ц И** - списание за општествени прашања

**ТРИМЕСЕЧНИК** - излегува четири пати годишно
(март/јуни/септември/декември)

ГОДИНА IV
БРОЈ 14
ЈУНИ 2022
бесплатен примерок

**ИЗДАВА**
ФРИДРИХ ЕБЕРТ ФОНДАЦИЈА – СКОПЈЕ

**РЕДАКЦИЈА:**
Билјана Георгиевска (главен уредник)
м-р Нита Старова (заменик главен уредник)
д-р Ванчо Узунов
д-р Ана Чупеска
м-р Лура Положани

**ЛЕКТОР:**
Инда Костова Савиќ

**ГРАФИЧКИ УРЕДНИК:**
Ели  Гроздановска, КОНТУРА

**ПЕЧАТИ:**
КОНТУРА

**ТИРАЖ:**
150

Текстовите се примаат на адреса:
Фридрих Еберт Фондација
бул. 8 Септември 2/2-5
1000 Скопје (ТЦЦ Гранд Плаза)
Тел. + 389 2 3093-181/-182
Е-пошта: nita.starova@fes-skopje.org

# ЕДИТОРИЈАЛ



ВАНЧО УЗУНОВ

Историјата – и подалечна и поблиска – постојано нè потсетува и нè подучува дека: живеењето, раководењето и водењето бизнис ниту е лесно, ниту е едноставно. Тоа секогаш знае да биде исполнето со бројни, а често и со непредвидливи предизвици.

За жал, условите беа такви и во изминатите неколку години, што беше многу јасно отсликано, прво со ковид-пандемијата, со којашто ни поминаа две години во изолираност и „заклученост“. А потоа, како да не беше доволно, почна нова криза, последица на (новата) војна во Европа. Украина стана првата жртва на воените разурнувања, но скоро целиот свет, а особено Европа, станаа жртви на голема економска и безбедносна неизвесност и неизвесна иднина.

Неизвесноста е клучниот збор со којшто може да се опише и сегашната општа состојба во РС Македонија, погодена од кризата еднакво како и другите на континентот. Денес е неизвесно речиси сè, освен тоа дека таквата неизвесност ќе потрае. Не ѝ се гледа крајот на неизвесноста, а со тоа не им се гледа крајот ниту на обемот, ниту на последиците што ги создава.

Неизвесноста и кризите не се пријатен амбиент за живеење и ним, речиси, никој не им се радува. Меѓутоа, луѓето барем научиле дека можат и мораат да ги ублажуваат нивните последици. Покрај тоа, луѓето знаат и дека кризите можат некако да бидат искористени за градење на иднината, којашто, секако, ќе донесе промени. Од друга страна, пак, за да можат луѓето да ги ублажуваат последиците од кризите и да ја градат иднината, треба и да умеат и да знаат тоа да го направат. А, знаењето и умеењето, односно создавањето на знаење и умеење, започнува со анализирање и дебатирање.

Во таа смисла, согласно уредувачката политика на часописот „Предизвици“, основната тема на интерес на ова издание се однесува на сегашната кризна состојба во Европа, на Балканот и, конкретно, во Северна Македонија. Всушност, исто така во согласност со профилираноста на часописот, овој број покренува повеќе прашања и дилеми што се поврзани со, или/и произлегуваат од кризата и војната во Украина: геополитички, безбедносни, прашања поврзани со политиката на ЕУ за проширување, гледана во контекст на војната во Украина; прашања за тоа што може да очекуваат земјите од Западен Балкан во контекст на проширувањето на Унијата, сега и во блиска иднина. Покренува прашања и за: економските последици од кризата и како би можеле да се справуваме со нив; како да се менаџира енергетската криза во Европа и на Балканот; како да се надомести недостатокот на енергенси? Ги анализираме и односите меѓу Украина и Русија, бидејќи тие се во сржта на конфликтот; но се навраќаме и на „војната“ со лажни информации и вести во услови на криза.

Темата е многустрана, а дебатите не можат да наштетат. Барем за тоа, ако за ништо повеќе, сме сигурни. Затоа, ова издание на „Предизвици“ ги отвора за пошироката јавност посочените аспекти поврзани со кризата, во надеж дека ќе понуди ставови и одговори за правецот во кој ќе се движат промените во иднина.

*Член на Редакцијата на списанието*

# СОДРЖИНА

3 **ЕДИТОРИЈАЛ**

6 **ПРЕСВРТНИЦА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА – ПОСТОИ ЛИ ЗАКАНА ОД СЕКУРИТИЗАЦИЈА НА ПОЛИТИКАТА ЗА ПРИБЛИЖУВАЊЕ КОН ЕУ?**

**ZEITENWENDE IN SÜDOSTEUROPA – DROHT EINE SEKURITISIERUNG DER EU ANNÄHERUNGSPOLITIK?**

РЕНЕ ШЛЕЕ

25 **ИНТЕРВЈУ**

**ВОЈНАТА ВОДИ КОН НОВА ПОДЕЛБА ВО ЕВРОПА**

ЏОАН ХОИ

36 **НОВО ВРЕМЕ**

ВЛАДИМИР ГЛИГОРОВ

44 **ПРОШИРУВАЊЕТО НА ЕУ: МИНАТО, СЕГАШНОСТ И ИДНИНА**

**EU ENLARGEMENT: PAST, PRESENT AND FUTURE**

ЛАСЛО АНДОР

67 **ИСТОРИЈА НА ВОЈНАТА НА РУСИЈА ПРОТИВ УКРАИНА И ПРОТИВ ЦЕЛИОТ ДЕМОКРАТСКИ СВЕТ**

НАТАЛИЈА ЗАДОРОЖЊУК

75 **УКРАИНСКАТА КРИЗА И РУСКИОТ ГАС КАКО ОРУЖЈЕ ЗА ПОЛИТИЧКИ ЦЕЛИ**

МИТКО АНДРЕЕВСКИ

83 **МИНАТО ИЛИ ИДНИНА – ШТО ИЗБИРААТ РАЗВИЕНИТЕ ЗЕМЈИ, А ШТО ЗЕМЈИТЕ ВО РАЗВОЈ НА ЕВРОПСКИОТ КОНТИНЕНТ**

АЛЕКСАНДАР ДЕДИНЕЦ

93 **КРИЗА ПО КРИЗАТА: КАКО И ЗОШТО СЕ СОЗДАДЕ И КАКО ДА СЕ ЛЕКУВА?**

ВАНЧО УЗУНОВ

105 **КАКО ВОЈНАТА ВО УКРАИНА (ЌЕ) ВЛИЈАЕ ВРЗ МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА, И ШТО ДА СЕ ПРАВИ?**

БРАНИМИР ЈОВАНОВИЌ

122 **АВТОПАТОТ НА ФАКТИТЕ НАСПРОТИ ПОДРУМИТЕ ЗА ЛАЖНИТЕ ВЕСТИ**

МАРЈАН ЗАБРЧАНЕЦ



# ZEITENWENDE IN SÜDOSTEUROPA – DROHT EINE SEKURITISIERUNG DER EU ANNÄHERUNGSPOLITIK?

RENÉ SCHLEE

**EINE „ZEITENWENDE“ - ERKLÄRTE OLAF SCHOLZ IN SEINER REGIERUNGSERKLÄRUNG VOM 27. FEBRUAR. DIE GROSSE FRAGE IST NUN: WAS SOLL ES BEDEUTEN? DAS AUSMASS DER ANKÜNDIGUNGEN VON 100 MRD SONDERVERMÖGEN, EINHALTUNG DER 2% GDP MARKE FÜR VERTEIDIGUNGSAUSGABEN, ANSCHAFFUNG VON BEWAFFNETEN DROHNEN UND TORNADO-NACHFOLGE ÜBERRASCHTE NICHT NUR DIE EIGENE FRAKTION, SONDERN (FREUDIG) SELBST DIE HARTGESOTTENSTEN TRANSATLANTIKER UND KALTEN KRIEGER. ENTSPRECHEND IST DIE DEUTSCHE SICHERHEITSPOLITIK-BLASE SEIT DEM 27. FEBRUAR EIFRIG DABEI, DIE KONKRETEN FOLGEN DER REGIERUNGSERKLÄRUNG ZU ERMESSEN UND ERSTE SCHRITTE, WIE ETWA DER BESCHAFFUNG VON F-35 FÜR DIE TECHNISCHE NUKLEARE TEILHABE ZU BEWERTEN**

Der Krieg neben der Ukraine stellt in vielen Feldern der internationalen Politik auf dem europäischen Kontinent eine „Zeitenwende“ (Bundeskanzler Scholz in seiner Rede in der außerordentlichen Sitzung des Bundestags am 27.02.2022) dar.

Die deutsche Sicherheitspolitik befindet sich in einer Phase einer umfassenden Neuorientierung, deren Ergebnis erstmals in Deutschland im Rahmen einer nationalen Sicherheitsstrategie niedergeschrieben werden wird.

Die Bewerbung der Ukraine zur Aufnahme in der EU kurz nach Kriegsbeginn, Ausdruck einer noch entschlosseneren, der russischen Aggression trotzenden, Westorientierung, hat auch eine parallele Dynamik in der EU-Erweiterungspolitik entfacht. Die Wirkmittel der EU sind fast wie ein Spiegel der deutschen Außen- und Sicherheitspolitik: Soft-Power statt Hard Power. Wirtschaftliche Macht, Dialog und ambitionierte Rhetorik prägen sowohl den Stil von Entscheidungsträger_innen in Brüssel als auch in Berlin. Entsprechend stellt der Krieg in der Ukraine, und damit das Scheitern

einer auf Dialog und Interessensausgleich ausgelegter Politik die deutsche Regierung wie die europäische Kommission vor die Notwendigkeit einer Neubewertung des bisherigen Ansatzes.

Es ist zu früh fundierte Beurteilungen über die Wirkmächtigkeit und Langfristigkeit der, durch den Krieg entfachten, Entwicklungen anzustellen. Jedoch können bereits jetzt bereits einige Implikationen bzw. das Ausbleiben dieser für Südosteuropa verzeichnet werden.

Hierfür soll zunächst erklärt werden, was die deutsche Zeitenwende, um im Anschluss zu fragen, welche Schlüsse ausdieser für die EU Erweiterungspolitik gezogen werden können.

## Zeitenwende – Was soll es bedeuten?

Die russische Invasion der Ukraine und der westlichen Reaktion auf den, damit endgültigen, Zusammenbruch der fast 50-jährigen Sicherheitsordnung in Europa (gemeint ist die Helsinki Schlussakte von 1975) markiert eine Zeit des Umbruchs. Gewissheiten und Verhaltenserwartbarkeiten, wie eben das Auslassen von konventioneller militärischer Aggression, aber auch deutscher Zurückhaltung im Waffenexport in Krisenländer, und Schweizer Neutralität fielen Ende Februar Tag für Tag unter die Räder des Krieges.

Eine „Zeitenwende“ eben, wie Olaf Scholz in seiner Regierungserklärung vom 27. Februar erklärte. Die große Frage ist nun: Was soll es bedeuten?

Das Ausmaß der Ankündigungen von 100 Mrd Sondervermögen, Einhaltung der 2% GDP Marke für Verteidigungsausgaben, Anschaffung von bewaffneten Drohnen und Tornado-Nachfolge überraschte nicht nur die eigene Fraktion, sondern (freudig) selbst die hartgesottensten Transatlantiker und kalten Krieger. Entsprechend ist die deutsche Sicherheitspolitik-Blase seit dem 27. Februar eifrig dabei, die konkreten Folgen der Regierungserklärung zu ermessen und erste Schritte, wie etwa der Beschaffung von F-35 für die technische nukleare Teilhabe zu bewerten.

Selbstverständlich gab es für Scholz‘ Ankündigung keine fertigen Pläne in der Schublade, daher fragen unterschiedliche Stimmen zurecht, ob die Bundesregierung in der Lage ist, die enormen finanziellen Mittel administrativ so zu organisieren, dass diese sich auch in militärische Fähigkeiten – egal ob aus- oder aufgerüstet -übersetzt werden.

Jenseits der Steigerung der militärischen Verteidigungsfähigkeiten der Bundesrepublik Deutschland, „Ausrüstung, nicht Aufrüstung!“

ist hier das Stichwort, sind mit der Zeitenwende auch Erwartungen in ganz anderen Politikfeldern, wie eben der EU-Erweiterungspolitik, verknüpft. Diese Erwartungen können auf die Formel zusammengefasst werden, dass die BRD die Kluft zwischen Führungsanspruch und entschlossene Führung in Fragen von Frieden und Sicherheit schließen solle. Dieser Führungsanspruch wird der BRD sowohl von europäischen Partnern, aufgrund Deutschlands Wirtschafts- und Bevölkerungsgröße, als auch von deutschen Spitzenpolitiker_innen selbst zugeschrieben, die sich regelmäßigen Abständen – meist bei der jährlichen Münchener Sicherheitskonferenz – hierzu äußern.

## Von willkommenem Wandel zur Logik des Ausnahmezustands?

Insofern traft die Rede von Olaf Scholz zur Zeitenwende sowohl im Inland als auch im nahen Ausland auf sehr viel Zuspruch. Droht aber die Zeitenwende im Hinblick auf die EU-Erweiterungspolitik zu übersteuern und einer Sekuritisierung anheim zu fallen?

Unter Sekuritisierung versteht der Autor, im Hinblick auf die grundlegenden Werke von Buzan et al., Sprachakte, die eine bestimmte politische Streitfrage als existenzielle Bedrohung markieren. Als politische Folge einer solchen Sekuritisierung erfolgt die Verkleinerung des Diskursraums – die Ausnahmelogik diktiert staatliches Handeln. Konkret besteht die Sorge, ob die Europäische Union im geopolitischen Wettbewerb mit Russland und China die eigenen Aufnahmekriterien für EU-Beitrittskandidaten zugunsten einer geostrategischen Logik aufweichen würde.

Aus mazedonischer Sicht darf man fast schon zynisch danach fragen: Was wäre daran so schlimm? Sollten Sicherheitsbedenken es vermögen, die gegenwärtige Lähmung der EU-Erweiterung lösen, wäre das doch zu begrüßen!

Es sind Formen der direkten oder indirekten russische Einflussnahme von Desinformation über Parteienfinanzierung bis zur Unterstützung von Putschen vorhanden. Man muss sich die Evidenzen für eine Grundlage einer solchen Sekuritisierung nicht ausdenken.

Die normative Frage („Sollte man also eine Sekuritisierung der EU Erweiterungspolitik begrüßen?“) ist aus der Sicht der sozialen Demokratie jedoch leicht aufzuschlüsseln: Eine Sekuritisierung ist nicht zu begrüßen, denn die EU ist eben nicht nur eine rein-ökonomische Angelegenheit, sondern eine Wertegemeinschaft. Entsprechend sind

Entscheidungprozesse auf überlappende Werte- und Interessenkongruenz ausgelegt.

Aus Anwärterperspektive wäre eine solche Entwicklung ebenfalls nicht begrüßenswert, da sie die Fragen der Integration in die EU zu einer technischen Formprozessen degradieren würde. Genau darum geht es aber nicht.

Die EU eignet sich auch nicht als geopolitische Block. Sicherlich gibt es Überlappungen in der Mitgliederzusammensetzung. Jedoch ist die NATO (in welcher Nordmazedonien bereits Mitglied ist) die entscheidende Organisation in der internationalen Sicherheitspolitik, nicht die EU.

Sicherlich gibt die Frustration bei progressiven Kräften (sowohl innerhalb der EU als auch in Nordmazedonien) eine hinreichende Grundlage zu sagen: Anything goes – Hauptsache die Beitrittsverhandlungen beginnen! Langfristig gesehen wäre eine Sekuritisierung der EU Erweiterungspolitik jedoch ein Holzweg.

Dies wirft die zweite Frage auf, inwieweit denn überhaupt Anzeichen für eine solche Sekuritisierung zu erkennen sind.

**NACH NUNMEHR 100 TAGEN DES KRIEGES MUSS MAN JEDOCH FESTSTELLEN, DASS DIE SYSTEMATISCHE VERKNÜPFUNG DER EU-ERWEITERUNGSPOLITIK MIT GEOPOLITISCHEN MOTIVEN SYSTEMATISCH NACHGELASSEN HAT UND MAN VON EINER SEKURITISIERUNG DERZEIT NICHT SPRECHEN KANN. IM HINBLICK AUF DIE EU-MITGLIEDSCHAFT DER UKRAINE WURDE, NACH ANFÄNGLICHER BEGEISTERUNG, SCHNELL DIE BEDEUTUNG DER INTEGRITÄT DES BEITRITTSPROZESSES HERVORGEHOBEN. DIES GESCHAH AUS ZWEI GRÜNDEN: ZUM EINEN WURDE VIELEN POLITIKER_INNEN UND KOMMENTATOREN KLAR, DASS AUCH DIE EU – WIE DIE NATO – EINE BEISTANDSKLAUSEL BESITZT UND DIE EU BEI AUFNAHME DER UKRAINE ZUR DIREKTEN KRIEGSPARTEI WÜRDE. ZUM ANDEREN BETONTEN EU FUNKTIONÄRE, DASS DIE UKRAINE NICHT EINFACH HÜRDEN ÜBERSPRINGEN KÖNNTE, DIE MAN DEN LÄNDERN DES WESTBALKANS SO LANGE VORGEHALTEN HATTE**

### Welche Anzeichen gibt es für eine Sekuritisierung der EU Erweiterungspolitik?

In den Folgetagen des russischen Angriffskrieges auf die Ukraine mehrten sich die Anzeichen für eine solche Sekuritisierung. Im Allgemeinen mahnten Spitzenfunktionäre wie von der Leyen und Borrell an, die EU müsse jetzt (endlich) die Sprache der Macht sprechen. Genau wie in Deutschland ist diese Forderung ansich nicht neu, der Krieg wird jedoch als Zeitenwende, wenn auch nicht so benannt, gesehen. Im Rahmen von Diskussionsveranstaltungen wurde daher auch von der

„Geburt des geopolitischen Europas“ gesprochen. Speziell auf die Erweiterungspolitik äußerte sich dann auch der hohe Repräsentant Borell zum ukrainischen EU-Mitgliedschaftsantrag, dass „der Krieg nicht auf bürokratische Prozeduren warten“ könne. Ein Beispiel von Sekuritisierung par excellence!

**KONKRET BESTEHT DIE SORGE, OB DIE EUROPÄISCHE UNION IM GEOPOLITISCHEN WETTBEWERB MIT RUSSLAND UND CHINA DIE EIGENEN AUFNAHMEKRITERIEN FÜR EU-BEITRITTSKANDIDATEN ZUGUNSTEN EINER GEOSTRATEGISCHEN LOGIK AUFWEICHEN WÜRDE. AUS MAZEDONISCHER SICHT DARF MAN FAST SCHON ZYNISCH DANACH FRAGEN: WAS WÄRE DARAN SO SCHLIMM? SOLLTEN SICHERHEITSBEDENKEN ES VERMÖGEN, DIE GEGENWÄRTIGE LÄHMUNG DER EU-ERWEITERUNG LÖSEN, WÄRE DAS DOCH ZU BEGRÜSSEN! ES SIND FORMEN DER DIREKTEN ODER INDIREKTEN RUSSISCHE EINFLUSSNAHME VON DESINFORMATION ÜBER PARTEIENFINANZIERUNG BIS ZUR UNTERSTÜTZUNG VON PUTSCHEN VORHANDEN. MAN MUSS SICH DIE EVIDENZEN FÜR EINE GRUNDLAGE EINER SOLCHEN SEKURITISIERUNG NICHT AUSDENKEN.**
**SOLLTE MAN ALSO EINE SEKURITISIERUNG DER EU ERWEITERUNGSPOLITIK BEGRÜSSEN? AUS DER SICHT DER SOZIALEN DEMOKRATIE IST DIE SEKURITISIERUNG NICHT ZU BEGRÜSSEN, DENN DIE EU IST EBEN NICHT NUR EINE REIN-ÖKONOMISCHE ANGELEGENHEIT, SONDERN EINE WERTEGEMEINSCHAFT**

Diese Geisteshaltung trifft auch bei Mitgliedsaspiranten in Südosteuropa auf Zustimmung. Kosovos Premierminister Albin Kurti wurde zitiert, dass sich die EU im Angesicht des Krieges nicht sich normal verhalten könne, sondern die Staaten des westlichen Balkans schneller aufnehmen müsse, „um die südliche Flanke zu stärken“. Ähnlich äußerte sich auch der mazedonische Premierminister Dimitar Kovachevski, der im Hinblick auf das Votum im Juni jede weitere Verzögerung als katastrophal bezeichnete, die die Einflussmöglichkeiten für Drittstaaten vergrößern würde.

Nach nunmehr 100 Tagen des Krieges muss man jedoch feststellen, dass die systematische Verknüpfung der EU-Erweiterungspolitik mit geopolitischen Motiven systematisch nachgelassen hat und man von einer Sekuritisierung derzeit nicht sprechen kann. Im Hinblick auf die EU-Mitgliedschaft der Ukraine wurde, nach anfänglicher Begeisterung, schnell die Bedeutung der Integrität des Beitrittsprozesses hervorgehoben. Dies geschah aus zwei Gründen: Zum Einen wurde vielen Politiker_innen und Kommentatoren klar, dass auch die EU – wie die NATO – eine Beistandsklausel besitzt und die EU bei Aufnahme der Ukraine zur direkten Kriegspartei würde. Zum Anderen betonten EU Funktionäre, dass die Ukraine nicht einfach Hürden überspringen könnte, die man den Ländern des Westbalkans so lange vorgehalten hatte. Letztere, seltsame Solidarität des geteilten Leids hat

den Ursprung, dass man in Brüssel befürchtet, ein fatales Signal zu senden: Es braucht nur einen Krieg und schon kommt ihr rein!

Auch wenn man zutiefst skeptisch gegenüber einer drohenden Sekuritisierung der EU Erweiterungspolitik sollte, stellt sich die Frage, wie man jenseits von Momentaufnahmen und einzelnen, o.s. Äußerungen, eine Zeitenwende in der EU-Erweiterungspolitik erkennen könnte.

## Zeitenwende für die EU in Südosteuropa? Eine Frage der Macht

Ein validerer Maßstab zur Bewertung, ob eine solche Form der Zeitenwende sowohl in der deutschen Außen-, Sicherheits- und Verteidigungspolitik als auch EU-Erweiterungspolitik stattfindet, wäre die Frage der Macht, genauer, ob sich ein Wechsel im Machtverständnis vollzogen hat.

Die Ziele der deutschen wie europäischen Politik haben sich nicht geändert (Deutschland wie die EU möchten weiterhin in einer friedliebenden internationalen Umgebung sein, merkantilistische Ziele verfolgen, d.h. erfolgreiche Wirtschaftsmacht bleiben, die Wohlstandsgesellschaften schafft). Die Scholz'sche Zeitenwende Rede wie auch die Aussagen von von der Leyen und Borrell sind vor diesem Hintergrund keine Neubewertung dieser Ziele, sondern ein Eingeständnis, dass deutsche wie europäische Interessen wohl nicht mehr so einfach wie in den Jahrzehnten zuvor zu verwirklichen sind. Die rhetorisch wie politisch hervorstechende Änderung war jedoch in der Bewertung der Russischen Föderation und der Ankündigung, russischer Aggression nicht mehr mit Dialogbereitschaft, sondern mit gleichem Antagonismus zu begegnen.

Gemeint sind hiermit nicht die diversen Übersprungshandlungen verschiedener Akteure wie etwa die Europäische Kommission (sic!), welche Militärflugzeuge kaufen und in die Ukraine fliegen lassen wollte. In Anbetracht dessen, dass diese und andere vorschnell kommunizierten Pläne nicht weiterverfolgt wurden, wird deutlich, dass es sich hierbei um Aktionismus, nicht kurzfristigen Richtungswechsel handelt.

Wie könnte also eine Zeitenwende aussehen? Schon 2010 mahnte Steinmeier Deutschland an, mehr Verantwortung zu übernehmen. Kommissionspräsidentin von de Leven sagte bereits 2019 die EU müssen lernen „die Sprache der Macht zu sprechen". Aber was heißt das?

Der bisherige „Fehler" – wenn man denn in die Chöre der Kritiker einstimmen will – war den deliberativen modus Operandi innengerichteter

Prozesse, sowohl innerstaatlich als auch innerhalb der EU, in die auswärtige Politik zu tragen. Die EU sei, so Sigmar Gabriel bei der Münchener Sicherheitskonferenz 2018, der einzige „Vegetarier in der Welt der Fleischfresser." Vor dem Ukrainekrieg war die Empfehlung noch, die EU zu einer Art „Brachiosaurus" - zu groß um Opfertier zu werden – zu entwickeln. Die Zeitenwende suggeriert jedoch eine größere Ambition.

Konkret geht es um den Wechsel von einem von Arendt geprägten Machtverständnis (Macht als kollektive Autorisierung als Resultat eines auf Deliberation und Interessenausgleich basierten Prozesses) vs. Webersche Machtverständnis, die Fähigkeit Interessen auch gegen Widerstände durchzusetzen. (Herrschaft, Zwang, Gewalt). Das wäre insofern eine Zeitenwende, als dass Grundsätze deutscher wie europäischer Politik auf Arendtsches Verständnis ausgerichtet (nie wieder allein!, Dialogbereitschaft, Interessenausgleich) sind.

Eine solche Zeitenwende im Machtverständnis deutscher Außen-, Sicherheits-, Verteidigungspolitik würde nicht nur verstärkte Bemühungen im Innern gegenüber äußerer Beeinflussung, sondern vor allem Konsequenzen in der auswärtigen Politik haben. Man müsste nicht nur entschieden russischer Militäraggression mit robuster Bündnisverteidigung entgegenstehen, sondern könnte nicht weiter einer aggressiv vorangetriebenen Ressourcensicherungsstrategie Chinas (nahezu) tatenlos zuschauen. Stattdessen müsste – einer präemptiven Logik folgend – gleichermaßen aktiv um wirtschaftlichen und politischen Einfluss in Drittstaaten bemühen.

Südosteuropa, und vor allem die Staaten des Westlichen Balkans würde eine Rolle von Frontlinien-Staaten zugedacht werden. Dies könnte schlimmstenfalls dann die Form annehmen, dass der zum Glück weitestgehende verworfene Ansatz der „Stabilokratie" eine Renaissance erlebt. Bestensfalls würde es dazu führen, dass eine stärkere Werte-geleitete Erweiterungspolitik bestimmten Staaten, wie etwa Albanien, Kosovo und Nordmazedonien es erleichtert, in die EU aufgenommen zu werden; und im Gegenzug jene Staaten mit intensiver Konditionalität bedacht, in denen eine democratic rollback stattfindet (allen voran Serbien).

## Auto-Pilot statt Zeitenwende

Jedoch kann man von all dem bisher nichts feststellen. Das weiterhin drohende bulgarische Veto für den Beginn der Beitrittsgespräche mit Nordmazedonien lassen jede neue, geopolitisch motivierten Dynamik in der EU-Erweiterungspolitik missen. Im Angesicht der Lage

wünscht man sich schon fast eine Sekuritisierung der EU-Erweiterungspolitik, da ein Aufbrechen der aktuellen Stagnation nicht mit einer Erosion von Standards bezahlen müsste. Albanien und Nordmazedonien haben alle Bedingungen für den Beginn der Beitrittsgespräche erfüllt, Kosovo für die Visa-Liberalisierung ebenfalls.

Brüssel (und Berlin) scheinen jedoch weiterhin im Auto-Pilot unterwegs zu sein. Sowohl der Konflikt zwischen Bulgarien und Nordmazedonien als auch der Kosovo-Serbien Dialog lassen neue Impulse missen. Kurzfristige, nationale Rationalitäten überwiegen (v.A. Bulgariens Veto) einem gesamteuropäischen, geopolitischen Interesse. Sollte kein Fortschritt im Juni beim nächsten Treffen des europäischen Rats erzielt werden können, droht langfristig eine Abwahl der aktuellen Regierung, die ihren Willen zur Integration in die EU wieder und wieder demonstriert hat.

**BRÜSSEL (UND BERLIN) SCHEINEN JEDOCH WEITERHIN IM AUTO-PILOT UNTERWEGS ZU SEIN. SOWOHL DER KONFLIKT ZWISCHEN BULGARIEN UND NORDMAZEDONIEN ALS AUCH DER KOSOVO-SERBIEN DIALOG LASSEN NEUE IMPULSE MISSEN. KURZFRISTIGE, NATIONALE RATIONALITÄTEN ÜBERWIEGEN (V.A. BULGARIENS VETO) EINEM GESAMTEUROPÄISCHEN, GEOPOLITISCHEN INTERESSE. SOLLTE KEIN FORTSCHRITT IM JUNI BEIM NÄCHSTEN TREFFEN DES EUROPÄISCHEN RATS ERZIELT WERDEN KÖNNEN, DROHT LANGFRISTIG EINE ABWAHL DER AKTUELLEN REGIERUNG, DIE IHREN WILLEN ZUR INTEGRATION IN DIE EU WIEDER UND WIEDER DEMONSTRIERT HAT**

Der Krieg in der Ukraine hat viele Gewissheiten innerhalb der Staaten der EU erschüttert. Es bestand die Hoffnung, dass innerhalb des schrecklichen und sinnlosen Leids, welches allen voran die ukrainische Bevölkerung erfährt, es doch zumindest ein kleiner – wenn auch unverhältnismäßiger – Lichtblick ausgemacht werden konnte: Eine Zeitenwende für die EU-Erweiterungspolitik. Es war die Hoffnung auf die Einsicht bei den Regierungschefs der EU Mitgliedstaaten, dass, wie in ihren eigenen Staaten, nur resiliente, fest im westlichen Bündnissystem verankerte Staaten gefeit vor russischen Machtprojektion in Südosteuropa in Form von direkter oder indirekter (via Serbien) Einflussnahme sind, und es so eine neue Dynamik braucht. Kurzfristig gab es, wie oben beschrieben, sogar Anlass zur Sorge, dass der Schock des Krieges gar dazu führen könnte, zurecht robust entwickelte Prozesse auf dem Altar der Geopolitik zu Opfern. Abgesehen von dem oben skizzierten Wechsel im Machtverständnis bräuchte es jedoch eine, scheinbar sehr viel voraussetzungsreichere, Bedingung: Langfristige Rationalitäten. Solange wichtige Entscheidungen der EU-Erweiterungspolitik im Hinblick auf Parlaments- oder gar Lokalwahlen in einzelnen Mitgliedsstaaten Ratssitzung

**SOLANGE WICHTIGE ENTSCHEIDUNGEN DER EU-ERWEITERUNGSPOLITIK IM HINBLICK AUF PARLAMENTS- ODER GAR LOKALWAHLEN IN EINZELNEN MITGLIEDSSTAATEN RATSSITZUNG FÜR RATSSITZUNG VERTAGT WERDEN, KANN VON KEINER ZEITENWENDE IN DER EU ERWEITERUNGSPOLITIK DIE REDE SEIN. WENN ES IM INTERESSE DER EU IST, ALLE STAATEN DES WESTLICHEN BALKANS AUFZUNEHMEN, DANN MUSS EINE ZEITENWENDE BEDEUTEN, DIE RHETORISCHE LÜCKE ZWISCHEN AMBITION UND HANDLUNG ZU SCHLIESSEN. DIES GEHT NICHT NOTWENDIGERWEISE MIT EINER SEKURITISIERUNG EINHER, WOHL ABER MIT EINER GEOPOLITISCH-MOTIVIERTEN, JEDOCH WEITERHIN WERTE-BASIERTEN ERWEITERUNGSPOLITIK, DIE REFORMWILLEN IN ANWÄRTERSTAATEN SCHLICHTWEG BELOHNT**

für Ratssitzung vertagt werden, kann von keiner Zeitenwende in der EU Erweiterungspolitik die Rede sein. Wenn es im Interesse der EU ist, alle Staaten des Westlichen Balkans aufzunehmen, dann muss eine Zeitenwende bedeuten, die rhetorische Lücke zwischen Ambition und Handlung zu schließen. Dies geht nicht notwendigerweise mit einer Sekuritisierung einher, wohl aber mit einer geopolitisch-motivierten, jedoch weiterhin Werte-basierten Erweiterungspolitik, die Reformwillen in Anwärterstaaten schlichtweg belohnt.

Der stete Ruf des europäischen Rats nach Reformen in den Anwärterstaaten bei gleichzeitigem Fokus auf diejenigen Staaten, die sich ganz offen der Agenda der europäischen Integration verschließen (looking at you, Serbien) verkennt die verheerende Wirkung auf die Innenpolitiken der Staaten in Südosteuropa. Stattdessen braucht es stärkende, konkrete Entscheidungen des europäischen Rats an die europapolitisch-progressiven Kräfte.

Gerade die fast tägliche Shuttle-Diplomatie mit Belgrad, um Präsident Vucic doch noch von Sanktionen gegen die russische Förderation zu „überzeugen“, während dieser gleichzeitig ganz offen mit seiner „Politik der mehreren Stühle“ kokettiert, zeugt davon, dass noch keine Zeitenwende stattgefunden hat.

Die Metapher der Zeitenwende ist deshalb so passend, da im Zuge des russischen Angriffskriegs der Status-Quo sowohl der deutschen Sicherheits- und Verteidigungspolitik als auch der EU Erweiterungspolitik unhaltbar geworden ist. Gleichsam in Berlin wie Brüssel droht aber der notwendige Impetus für eine Zeitenwende in veränderter Rhetorik bei gleichbleibender bürokratischer Praxis zu verpuffen.

*(René Schlee leitet das Büro der Friedrich-Ebert-Stiftung in Nordmazedonien und im Kosovo.)*

# ПРЕСВРТНИЦА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА – ПОСТОИ ЛИ ЗАКАНА ОД СЕКУРИТИЗАЦИЈА НА ПОЛИТИКАТА ЗА ПРИБЛИЖУВАЊЕ КОН ЕУ?

РЕНЕ ШЛЕЕ

**ПРЕСВРТНИЦА – ИСТАКНА ОЛАФ ШОЛЦ ВО НЕГОВАТА ИЗЈАВА ОД ИМЕТО НА ВЛАДАТА НА 27 ФЕВРУАРИ. НО, СЕ ПОСТАВУВА ПРАШАЊЕТО: ШТО ЗНАЧИ ТОА? ОБЕМОТ НА НАЈАВИТЕ ЗА 100 МИЛИЈАРДИ СПЕЦИЈАЛНИ ФОНДОВИ, УСОГЛАСУВАЊЕТО СО ПРИНЦИПОТ НА НАТО ЗА ТРОШОЦИТЕ ЗА ОДБРАНА ВО ИЗНОС ОД 2 % ОД БДП, КАКО И НАБАВКАТА НА ВООРУЖЕНИ БЕСПИЛОТНИ ЛЕТАЛА, ЈА ИЗНЕНАДИЈА НЕ САМО НИВНАТА СОПСТВЕНА ФРАКЦИЈА, ТУКУ (ЗА СРЕЌА) И НАЈЗАКОРАВЕНИТЕ ЗАСТАПНИЦИ НА ТРАНСАТЛАНТИЗМОТ И СТУДЕНАТА ВОЈНА. СПОРЕД ТОА, ОД 27 ФЕВРУАРИ, ГЕРМАНСКАТА БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА СЕ ЗАНИМАВА СО ПРОЦЕНКА НА КОНКРЕТНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ВЛАДИНАТА ДЕКЛАРАЦИЈА И ПРОЦЕНКА НА ПРВИТЕ ЧЕКОРИ, КАКО ШТО Е НАБАВКАТА НА Ф-35 ЗА СПОДЕЛУВАЊЕ НА УЧЕСТВОТО ВО НАБАВКАТА НА НУКЛЕАРНО ОДБРАНБЕНО ОРУЖЈЕ**

Војната во Украина претставува „пресвртница“ на многу полиња на меѓународната политика на европскиот континент (како што истакна во својот говор канцеларот Олаф Шолц на вонредната седница на Владата на 27 февруари 2022 година).

Германската безбедносна политика се наоѓа во една таква фаза на целокупна преориентација, а чиј резултат за првпат ќе биде означен како дел од германската стратегија за национална безбедност.

Апликацијата на Украина за прием во ЕУ непосредно по почетокот на војната, израз на уште порешителна ориентација кон Запад што ѝ пркоси на руската агресија, предизвика сосема поинаква динамика во политиката за проширување на ЕУ. Ефективните средства на ЕУ, речиси, се како огледало на германската надворешна и безбедносна политика: мека сила, наместо тврда моќ. Економската моќ, дијалогот и предизвикувачката

реторика се дел од одликите коишто ги карактеризираат одлучувачките фактори како во Брисел, така и во Берлин. Според тоа, војната во Украина укажува на потребата Германската влада и Европската комисија да ја преиспитаат политиката што не успеа, заснована врз дијалог и помирување на интересите.

Премногу е рано да се прават основани проценки за долгорочното влијание врз развојот на настаните предизвикани од војната. Сепак, веќе може да се забележат некои импликации или нивно отсуство во Југоисточна Европа.

За таа цел, прво треба да се објасни што претставува германската пресвртница, а потоа да се постави прашањето: Кои заклучоци може да се извлечат од ова за политиката на проширување на ЕУ?

### Пресвртница – Што значи тоа?

Руската инвазија во Украина и западната реакција на конечниот колапс на, речиси, 50-годишниот безбедносен поредок во Европа (се мисли на завршниот акт од Хелсинки од 1975 година) означува пресвртница. На крајот на февруари, совеста и очекувањата за однесување, како што е изоставувањето на конвенционалната воена агресија, но и германската воздржаност во извозот на оружје во земјите во криза, како и швајцарската неутралност, од ден на ден потпаѓаа под тркалата на војната.

Пресвртница – како што, всушност, истакна Олаф Шолц во неговиот говор од 27 февруари. Но, сега се поставува прашањето: Што значи тоа?

Обемот на најавите за 100 милијарди специјални фондови, усогласувањето со принципот на НАТО за трошоци за одбраната во износ од 2 % од БДП, како и набавката на вооружени беспилотни летала, ја изненадија не само нивната сопствена фракција, туку (за среќа) дури и најзакоравените застапници на трансатлантизмот и студената војна. Според тоа, од 27 февруари германската безбедносна политика се занимава со проценка на конкретните последици од владината декларација и проценка на првите чекори, како што е набавката на Ф-35 за споделување на учеството во набавка на нуклеарно одбранбено оружје.

Се разбира, во фиоката на Шолц немаше претходно изготвени планови за неговата изјава, па повеќе гласноговорници со право

прашуваат дали Федералната влада е во состојба административно да ги организира огромните финансиски средства на таков начин за тие да можат да се претворат во воени капацитети – без оглед дали за надградба или за вооружување.

Надвор од зголемувањето на воените одбранбени способности на Сојузна Република Германија (СРГ), „опрема, а не повторно вооружување" е клучниот збор, очекувањата во различни политички области, како што е, на пример, политиката за проширување на ЕУ, се поврзани со пресвртницата. Овие очекувања може да се припишат на потребата СРГ да го затвори јазот меѓу амбицијата и дејствувањето по прашањата за мирот и безбедноста. Ова барање за лидерство ѝ е доделено на СРГ од европските партнери, како заради економската моќ, така и заради бројноста на населението на Германија, но и од самите врвни германски политичари, кои редовно го дискутираат ова – а најмногу на годинешната Конференција за безбедност одржана во Минхен.

**СЕГА, ПО 100 ДЕНА ВОЈНА, МОРА ДА СЕ КАЖЕ ДЕКА СИСТЕМАТСКОТО ПОВРЗУВАЊЕ НА ПОЛИТИКАТА НА ПРОШИРУВАЊЕ НА ЕУ СО ГЕОПОЛИТИЧКИТЕ МОТИВИ Е ЗНАЧИТЕЛНО НАМАЛЕНО, А ВО МОМЕНТОВ ДУРИ И НЕ МОЖЕ ДА СЕ ЗБОРУВА ЗА СЕКУРИТИЗАЦИЈА. ВО ОДНОС НА ЧЛЕНСТВОТО НА УКРАИНА ВО ЕУ, ПО ПРВИЧНИОТ ЕНТУЗИЈАЗАМ, БРГУ БЕШЕ НАГЛАСЕНА ВАЖНОСТА НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ. ОВА СЕ СЛУЧИ ОД ДВЕ ПРИЧИНИ: ОД ЕДНА СТРАНА, НА МНОГУ ПОЛИТИЧАРИ И КОМЕНТАТОРИ ИМ СТАНА ЈАСНО ДЕКА ЕУ – КАКО И НАТО – ИМА И КЛАУЗУЛА ЗА ВЗАЕМНА ПОМОШ И ДЕКА АКО УКРАИНА СЕ ПРИКЛУЧИ, ЕУ ЌЕ СТАНЕ СТРАНА ДИРЕКТНО ИНВОЛВИРАНА ВО ВОЈНА. ОД ДРУГА СТРАНА, ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА ЕУ ИСТАКНАА ДЕКА УКРАИНА, ЕДНОСТАВНО, НЕ МОЖЕ ДА ГИ ПРЕСКОКНЕ ПРЕЧКИТЕ ШТО ТОЛКУ ДОЛГО СТОЈАТ ПРЕД ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН**

## Од добредојдена промена, до логична вонредна состојба?

Во тој поглед, говорот на Олаф Шолц на почетокот наиде на голем одѕив, како во Германија, така и во соседните земји. Но, дали пресвртницата се заканува да ја надмине политиката за проширување на ЕУ и да стане жртва на секуритизацијата?

Авторот ја разбира секуритизацијата, повикувајќи се на научните дела на Бузан, како политичка полемика којашто се карактеризира како еден вид закана по конкретни политички прашања. Последица од истата врз политиката би било намалувањето на просторот за дискусија – со логиката на итност да се диктира

**ПОСТОИ ЗАГРИЖЕНОСТ ДАЛИ ЕУ, ВО ГЕОПОЛИТИЧКАТА КОНКУРЕНЦИЈА СО РУСИЈА И КИНА, ЌЕ ГИ УБЛАЖИ СОПСТВЕНИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ПРИЕМ НА КАНДИДАТИТЕ ЗА ПРИСТАП ВО ЕУ ВО КОРИСТ НА ГЕОСТРАТЕШКАТА ЛОГИКА. ОД МАКЕДОНСКА ГЛЕДНА ТОЧКА, РЕЧИСИ ДОСТА ЦИНИЧНО МОЖЕ ДА СЕ ПОСТАВИ ПРАШАЊЕТО: ШТО ИМА ТОЛКУ ЛОШО ВО ТОА? АКО БЕЗБЕДНОСНИТЕ СИЛИ СЕ СПОСОБНИ ДА ГО РЕШАТ МОМЕНТАЛНИОТ ЗАСТОЈ ВО ПРОШИРУВАЊЕТО НА ЕУ, ТОГАШ ТОА Е ДОБРЕДОЈДЕНО! ПОСТОЈАТ ФОРМИ НА ДИРЕКТНО ИЛИ ИНДИРЕКТНО РУСКО ВЛИЈАНИЕ, ОД ДЕЗИНФОРМАЦИИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПАРТИИТЕ, ДО ПОДДРШКА ЗА ДРЖАВЕН УДАР. НО, СЕПАК, МОРА ДА СЕ ПРИЛОЖАТ ДОКАЗИ КАКО ОСНОВА ЗА ТАКВА СЕКУРИТИЗАЦИЈА. ДАЛИ ТРЕБА ДА СЕ ПОЗДРАВИ СЕКУРИТИЗАЦИЈАТА НА ПОЛИТИКАТА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА ЕУ? ОД ГЛЕДНА ТОЧКА НА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТИЈАТА: СЕКУРИТИЗАЦИЈАТА НЕ Е ЗА ПОЗДРАВУВАЊЕ, БИДЕЈЌИ ЕУ НЕ Е САМО ЧИСТО ЕКОНОМСКА ЗАЕДНИЦА, ТУКУ ЗАЕДНИЦА НА ВРЕДНОСТИ**

државното дејствување. Поточно, постои загриженост дали ЕУ, во геополитичката конкуренција со Русија и Кина, ќе ги ублажи сопствените критериуми за прием на кандидатите за пристап во ЕУ во корист на геостратешката логика.

Од македонска гледна точка, речиси доста цинично може да се постави прашањето: Што има толку лошо во тоа? Ако безбедносните сили се способни да го решат моменталниот застој во проширувањето на ЕУ, тогаш тоа е добредојдено!

Постојат форми на директно или индиректно руско влијание, од дезинформации за финансирање на партиите, до поддршка за државен удар. Не мора да се изведуваат докази за основата за таква секуритизација.

Нормативно е прашањето: „Дали треба да се поздрави секуритизацијата на политиката за проширување на ЕУ? Сепак, лесно е да се одговори од гледна точка на социјалдемократијата: секуритизацијата не е за поздравување, бидејќи ЕУ не е само чисто економска заедница, туку заедница на вредности. Според тоа, процесите на донесување одлуки се така формирани да може да дојде до преклопување на вредностите и усогласеност на интересите.

Од перспективна гледна точка, ни таквиот развој на настаните не би бил добредојден, бидејќи би можел да ги деградира прашањата за интеграција во ЕУ преку технички формалниот процес, што, всушност, и не е целта.

Од друга страна, ниту ЕУ е погодна како геополитички блок. Секако дека има преклопувања во составот на членовите. Меѓутоа,

НАТО (чија членка е Северна Македонија) е клучната организација во меѓународната безбедносна политика, а не ЕУ.

Секако дека постои фрустрација кај прогресивните сили (и во ЕУ и во Северна Македонија) и има доволно основа да се каже: сè тече – главната работа е да почнат пристапните преговори! Меѓутоа, долгорочно, секуритизацијата на политиката за проширување на ЕУ би била само ќорсокак.

Ова го наметнува второто прашање: Колку, воопшто, може да се препознаат предзнаците кои водат до ваква секуритизација?

### Кои се предзнаците коишто водат до секуритизација на политиката на проширување на ЕУ?

Во деновите што следеа по руската агресија врз Украина, можеа да се забележат многу предзнаци кои ја навестуваа таквата секуритизација. Генерално, највисоките функционери, како Урсула Фон дер Лајен и Жозеп Борел, предупредија дека ЕУ сега (конечно) мора да почне да го употребува „јазикот на моќта". Исто како и во Германија, ова барање само по себе не е ново, но војната се гледа како пресвртница, дури и доколку не е именувана како таква. Во дел од дискусиите се спомнуваше и „раѓањето на геополитичка Европа". Притоа, високиот претставник Борел ја коментираше украинската апликација за членство во ЕУ, особено во однос на политиката на проширување, и како таква истакна дека „војната не може да чека бирократски процедури". Пример за секуритизација парекселанс!

Овој начин на размислување наиде на одобрување кај земјите-кандидати за членство во ЕУ од Југоисточна Европа. Беше цитиран косовскиот премиер Албин Курти кој истакна дека ЕУ не може да се однесува нормално во услови на војна и мора побргу да ги прими државите од Западен Балкан „за да го зајакне јужното крило". Слична изјава даде и македонскиот премиер Димитар Ковачевски, кој било какво натамошно одложување што ќе го зголеми влијанието на трети земји го оквалификува како катастрофално во однос на гласањето во јуни.

Сега, по 100 дена војна, мора да се каже дека систематското поврзување на политиката на проширување на ЕУ со доза на геополитички мотиви е значително намалено а, во моментов, дури и не може да се зборува за секуритизација. Во поглед на членството на

Украина во ЕУ, како првично воодушевување, брзо беше нагласена важноста на интегритетот на процесот на пристапување. Ова се случи од две причини: од една страна, на многу политичари и коментатори им стана јасно дека ЕУ – како и НАТО – има и клаузула за взаемна помош и дека ако Украина се приклучи, ЕУ ќе стане страна директно инволвирана во војна. Од друга страна, претставниците на ЕУ истакнаа дека Украина, едноставно, не може толку лесно да ги премине пречките коишто толку долго стојат пред земјите од Западен Балкан. Последната, чудна солидарност од заедничкото страдање потекнува од тоа што луѓето во Брисел се плашат да испратат фатален сигнал: Потребна е само една војна, а вие веќе сте во неа!

Дури и ако некој скептично ја гледа заканата од секуритизација на политиката на проширување на ЕУ, се поставува прашањето како да се оди подалеку од заедничките и индивидуалните изјави во кои би можело да се препознае пресвртницата во политиката за проширување на ЕУ.

## Пресвртница за ЕУ во Југоисточна Европа? Прашање на моќ?

Повалиден репер за проценка дали се случува таква пресвртница во германската: надворешна, безбедносна и одбранбена политика, како и во политиката на проширувањето на ЕУ, би било прашањето за моќта, поточно дали има промена во разбирањето на моќта.

Целите на германската и европската политика не се изменети (Германија и ЕУ сакаат да продолжат да бидат во мирољубива меѓународна средина, да ги следат меркантилистичките цели, т.е. да останат моќна економска сила што создава моќни општества). Наспроти ова, говорот на Шолц за пресвртницата, како и изјавите на Фон Дер Лајен и Борел, не се преоценување на овие цели, туку признание дека германските и европските интереси, веројатно, веќе не се толку лесни за реализација како што беа во претходните децении. Реторички и политички неизбежна промена е повеќе да не се одговара на руската агресија со подготвеност за дијалог, туку со истиот антагонизам.

Ова не значи преземање разни претерани акции од различни актери, како што е Европската комисија, којашто сакаше да купи воени авиони коишто би летале до Украина. Со оглед на фактот дека

овие и други прерано соопштени планови не беа реализирани, станува јасно дека се работи за акционизам, колку само да се прави нешто, а не за суштинска промена на насоката.

Значи, како може, всушност, да изгледа таа пресвртница? Уште во 2010 година, Штајнмаер ја повика Германија да преземе поголема одговорност. Претседателот на Комисијата, Фон дер Лајен, уште во 2019 година истакна дека ЕУ мора да научи „да го употребува јазикот на моќта". Но, всушност, што значи тоа?

Претходната „грешка" – ако некој сака да се приклучи во хорот на критичари – беше да се пренесе делиберативниот модус операнди на внатрешно насочени процеси, и дома и во ЕУ, во надворешната политика. Според изјавата на Зигмар Габриел на Конференцијата за безбедност одржана во Минхен во 2018 година, ЕУ е единствениот „вегетаријанец во светот на месојадите". Пред војната во Украина, препораката сè уште беше ЕУ да се развие во еден вид „брахиосаурус" – преголем диносаурс за да биде „жртвено јагне". Сепак, почетокот на векот сугерира поголема амбиција.

Поточно, станува збор за промената на сфаќањето на моќта, како што тоа Арент умее да го објасни – моќта како колективна дозвола, како резултат на процес заснован врз размислување и балансирање на интересите, наспроти разбирањето на Вебер за моќта како способност за наметнување на свои интереси и кон опозиционерите (доминација, принуда, насилство). Тоа би било пресвртница дотолку што принципите на германската и европската политика се засноваат врз разбирањето на моќта според Арент (никогаш повеќе сам! подготвеност за дијалог, изедначување на интересите).

**СЕ ЧИНИ ДЕКА БРИСЕЛ (И БЕРЛИН) СÈ УШТЕ ЛЕТААТ СО АВТОПИЛОТ. А, НА КОНФЛИКТОТ МЕЃУ БУГАРИЈА И СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, КАКО И НА ДИЈАЛОГОТ КОСОВО – СРБИЈА, ИМ ТРЕБА НОВ ПОТТИК. КРАТКОРОЧНИТЕ, НАЦИОНАЛИСТИЧКИ ПОТЕЗИ (ПРЕД СÈ ВЕТОТО НА БУГАРИЈА) ГО НАДМИНУВААТ ПАНЕВРОПСКИОТ, ГЕОПОЛИТИЧКИ ИНТЕРЕС. АКО НЕ МОЖЕ ДА СЕ ПОСТИГНЕ НАПРЕДОК НА СЛЕДНИОТ СОСТАНОК НА ЕВРОПСКИОТ СОВЕТ ВО ЈУНИ, ПОСТОИ ДОЛГОРОЧНА ЗАКАНА АКТУЕЛНАТА ВЛАДА ВО СКОПЈЕ, КОЈА ПОСТОЈАНО ЈА ДЕМОНСТРИРА СВОЈАТА ПОДГОТВЕНОСТ ДА СЕ ИНТЕГРИРА ВО ЕУ, ДА НЕ БИДЕ ИЗБРАНА НА СЛЕДНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ**

Таквата пресвртница во разбирањето на моќта во германската надворешна, безбедносна и одбранбена политика не само што би резултирала со зголемени внатрешни напори

**СЕ ЧИНИ ДЕКА БРИСЕЛ (И БЕРЛИН) СЀ УШТЕ ЛЕТААТ СО АВТОПИЛОТ. А, НА КОНФЛИКТОТ МЕЃУ БУГАРИЈА И СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, КАКО И НА ДИЈАЛОГОТ КОСОВО – СРБИЈА, ИМ ТРЕБА НОВ ПОТТИК. КРАТКОРОЧНИТЕ, НАЦИОНАЛИСТИЧКИ ПОТЕЗИ (ПРЕД СЀ ВЕТОТО НА БУГАРИЈА) ГО НАДМИНУВААТ ПАНЕВРОПСКИОТ, ГЕОПОЛИТИЧКИ ИНТЕРЕС. АКО НЕ МОЖЕ ДА СЕ ПОСТИГНЕ НАПРЕДОК НА СЛЕДНИОТ СОСТАНОК НА ЕВРОПСКИОТ СОВЕТ ВО ЈУНИ, ПОСТОИ ДОЛГОРОЧНА ЗАКАНА АКТУЕЛНАТА ВЛАДА ВО СКОПЈЕ, КОЈА ПОСТОЈАНО ЈА ДЕМОНСТРИРА СВОЈАТА ПОДГОТВЕНОСТ ДА СЕ ИНТЕГРИРА ВО ЕУ, ДА НЕ БИДЕ ИЗБРАНА НА СЛЕДНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ**

наспроти надворешното влијание, туку би имала и последици врз надворешната политика. Не само што ќе мора решително да се спротивстави на руската воена агресија со силна одбрана на сојузот, туку и не би можела да продолжи со агресивната политика за промоција на стратегијата за безбедност на ресурсите. Наместо тоа – следејќи ја сопствената логика на превентива – ќе мора активно да се стреми кон економско и политичко влијание врз трети земји.

На Југоисточна Европа, а особено на земјите од Западен Балкан, би им бил доделен називот држави од прв ред. Во најлош случај, ова би можело да заличи како пристапот на „стабилократијата", кој, за среќа, во голема мера е отфрлен да доживува ренесанса. Во најдобар случај, пак, би довело до поцврста политика за проширување предводена од вредности, што ќе им олесни на државите, како: Албанија, Косово и Северна Македонија, да бидат примени во ЕУ. А, на државите во коишто се случува демократско назадување да им постави силни услови (особено на Србија).

## Автопилот или пресвртница?

Сепак, од сè досега искажаното не може да се изнесе било каков заклучок. Сè уште постојното бугарско вето за почеток на пристапните преговори со Северна Македонија значи дека нема нова, геополитички мотивирана динамичка политика за проширување на ЕУ. Со оглед на ситуацијата, дури и се посакува секуритизација на политиката за проширување на ЕУ, бидејќи прекинувањето на моменталната стагнација не би морало да значи занемарување на европските стандарди врз кои се заснова ЕУ. Албанија и Северна Македонија ги исполнија сите услови за почеток на пристапните преговори, како и Косово за визна либерализација.

Сепак, се чини дека Брисел (и Берлин) сè уште летаат со автопилот! А на конфликтот меѓу Бугарија и Северна Македонија, како и на дијалогот Косово – Србија, им треба нов поттик. Краткорочните, националистички потези (пред сè ветото на Бугарија) го надминуваат паневропскиот, геополитички интерес. Ако не може да се постигне напредок на следниот состанок на Европскиот Совет во јуни, постои долгорочна закана актуелната Влада во Скопје, која постојано ја демонстрираше својата подготвеност да се интегрира во ЕУ, да не биде избрана на следните парламентарни избори.

Војната во Украина допре до совеста на многу земји од ЕУ. Дури и во време на страшното и бесмислено страдање, што особено го доживува украинското население, постои барем мала – иако непропорционална – трошка надеж за пресвртница во политиката на проширување на ЕУ. Надежта би се потпрела врз очекувањето дека шефовите на владите на земјите-членки на ЕУ ќе сфатат дека, како и во нивните земји, само оние држави кои се цврсто закотвени во системот на западниот сојуз се имуни на руското влијание во Југоисточна Европа во директна или индиректна форма (преку Србија) на влијание, со што се јавува потреба од нова подинамична политика. На краток рок, како што е опишано погоре, постоеше и причина за загриженост дека шокот од војната може да доведе дури и до жртвување на веќе темелно и цврсто развиените процеси на геополитиката. Меѓутоа, освен промената во погоре наведеното разбирање на моќта, потребен е еден услов кој се чини дека има многу повеќе предуслови: долгорочни рационални дејствувања. Сè додека важните одлуки на политиката за проширување на ЕУ се одложуваат во зависност од парламентарните или, дури и локални избори во одделни земји-членки, од

**СÈ ДОДЕКА ВАЖНИТЕ ОДЛУКИ НА ПОЛИТИКАТА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА ЕУ СЕ ОДЛОЖУВААТ, ВО ЗАВИСНОСТ ОД ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЛИ, ДУРИ И ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ ВО ОДДЕЛНИ ЗЕМЈИ-ЧЛЕНКИ, ОД ЕДЕН ДО ДРУГ СОСТАНОК НА СОВЕТОТ, НЕ МОЖЕ ДА СЕ ЗБОРУВА ЗА ПРЕСВРТНИЦА ВО ПОЛИТИКАТА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА ЕУ. АКО Е ВО ИНТЕРЕС НА ЕУ ДА ГИ ВКЛУЧИ СИТЕ ЗЕМЈИ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН, ТОГАШ ПРЕСВРТНИЦАТА БИ ЗНАЧЕЛА ЗАТВОРАЊЕ НА РЕТОРИЧКИОТ ЈАЗ МЕЃУ АМБИЦИОЗНИОТ ПРИСТАП И ОПШТОТО ДЕЛУВАЊЕ. ОВА НЕ МОРА ДА ОДИ РАКА ПОД РАКА СО СЕКУРИТИЗАЦИЈАТА, ТУКУ СО ГЕОПОЛИТИЧКИТЕ СТРАТЕГИИ, НО СЕПАК, ДА СЕ ЗАСНОВА ВРЗ ОДРЕДЕНИ ВРЕДНОСТИ. ДА ПРЕТСТАВУВА ПОЛИТИКА НА ПРОШИРУВАЊЕ ШТО, ЕДНОСТАВНО, ЈА НАГРАДУВА ПОДГОТВЕНОСТА ЗА РЕФОРМИ ВО ЗЕМЈИТЕ-КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЕУ**

еден до друг состанок на Советот, не може да се зборува за пресвртница во политиката за проширување на ЕУ. Ако е во интерес на ЕУ да ги вклучи сите земји од Западен Балкан, тогаш пресвртницата би значела затворање на реторичкиот јаз што се јавува помеѓу амбициозниот пристап и општото делување. Ова не мора да оди рака под рака со секуритизацијата, туку со геополитичките стратегии, но сепак, да се заснова врз одредени вредности. Да претставува политика на проширување што, едноставно, ја наградува подготвеноста за реформи во земјите-кандидати за членство во ЕУ.

Постојаниот повик од Европскиот Совет за реформи во земјите-кандидати, а во исто време фокусирањето кон земјите кои јасно ги затвораат очите пред агендата за европска интеграција (мислејќи на тебе Србијо), доведува до недоразбирање и јаз во внатрешната политика на земјите од Југоисточна Европа. Наместо тоа, потребно е зајакнување, конкретни одлуки од Европскиот Совет до европолитичките прогресивни сили.

Речиси секојдневната шатл-дипломатија со Белград, за да се „убеди" претседателот Вучиќ за санкции против Руската Федерација, додека во исто време тој отворено кокетира со неговата „политика на неколку столчиња", покажува дека сѐ уште не е дојдено до таква пресвртница.

Пресвртницата како метафора соодветно одговара, бидејќи во текот на руската агресија, досегашната состојба како на германската безбедносна и одбранбена политика, така и на политиката за проширување на ЕУ, стана неодржлива. Меѓутоа, како во Берлин, така и во Брисел, постои можност од закана за исчезнување на истата имајќи ја предвид изменетата реторика, додека, пак, бирократската практика останува иста.

*(Рене Шлее е директор на канцелариите на Фондацијата "Фридрих Еберт" во Северна Македонија и Косово.)*

Превод од германски јазик: Семира Сефидановска

ИНТЕРВЈУ



# ВОЈНАТА ВОДИ КОН НОВА ПОДЕЛБА ВО ЕВРОПА

ЏОАН ХОИ

Разговорот со Џоан Хои, регионална директорка за Европа во „Economist Intelligence Unit", го водевме за време на Преспа Форумот во Охрид, во средината на јуни, каде што беше модератор на панелот на кој учествуваа неколкумина премиери од Западен Балкан. И покрај тридецениското искуство како аналитичар за состојбите на континентот и уредник на влијателниот „Индекс на демократија" на EIU, Хои внимателно се подготвуваше, имајќи ги на ум отворените прашања меѓу балканските држави, со потенцијал ненадејно да се „вмешаат" во дискусијата. Центарот за политички и економски анализи со седиште во Лондон, „Economist Intelligence Unit" е прогласен за најдобар економски прогнозер во 2021 година. Со своите опсежни анализи преку 75 години им предочува на бизнисмените, финансиските компании и на владите како се менува светот, какви можности при тоа се отвораат, какви ризици се испречуваат и како сето да се менаџира. Нашата соговорничка, Џоан Хои, која во EIU работи скоро три децении, најпрво ја прашав дали во ваков момент, полн со неизвесност, со војна на прагот на Европа, оправдано е очекувањето на земјите од Западен Балкан нивното интегрирање во ЕУ да се деблокира и да се забрза?

**Џоан Хои:** Да, секако, тоа е едно од главните прашања покренато од војната и од оваа геополитичка пресвртница. Оваа ситуација го врати прашањето за ЕУ-интеграција на политичката агенда, главно заради тоа што Украина, Молдавија и Грузија поднесоа апликации за кандидатски статус за ЕУ-членство. Ова, пак, го покренува

и прашањето за Западен Балкан. Сведоци сме дека процесот е блокиран многу долго, што делумно се должи на локалните тешкотии, билатералните спорови коишто во регионот ги погодуваат неколку земји. Првенствено би рекла дека процесот, всушност, е блокиран и е во оваа состојба поради инерцијата на ЕУ и очигледниот раширен скептицизам околу натамошно проширување кон регионот и покрај тоа што на Западен Балкан му беа дадени ветувања за перспектива за членство уште во 2003 година, на самитот во Солун.

Но, прашањето што е на агендата долго, сега поради војната, се кристализираше како стратешки избор на ЕУ. Стана стратешки избор затоа што оваа војна води кон нова поделба на Европа, особено доколку Русија успее во анексијата на уште поголем дел од Украина и во етаблирањето нова граница. Затоа, за ЕУ прашањето е дали Унијата е подготвена да го види овој регион, Западен Балкан, оставен сега на некој начин на „ничија земја“, помеѓу ЕУ и Русија.

**ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН СЕ МАЛИ И ТРЕБА ДА БИДАТ ЗАЧЛЕНЕТИ ВО ЕУ. НО, ЗА ТОА СЀ УШТЕ ПОСТОИ ЈАСНА НЕУДОБНОСТ, ЈАСНО ПОЛИТИЧКО СПРОТИВСТАВУВАЊЕ И ТОА КАЈ НЕКОИ ОД КЛУЧНИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕУ, КАКО: ФРАНЦИЈА, ХОЛАНДИЈА, ДАНСКА. ЕДНА ОД ПРИЧИНИТЕ, ШТО БЕШЕ ИЗНЕСЕНА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ЕМАНУЕЛ МАКРОН, Е ДЕКА ВНЕСУВАЊЕТО НА ЗЕМЈИТЕ ВО ЕУ ЌЕ ГИ ЗАСИЛИ ПОСТОЈНИТЕ ПРОБЛЕМИ ОКОЛУ РЕФОРМИРАЊЕТО НА ЕУ, ЌЕ ЈА ОСЛАБИ КОХЕРЕНТНОСТА, ЌЕ ГО ОСЛАБИ ЛИДЕРСТВОТО НА КЛУЧНИТЕ ЧЛЕНКИ. ПОСТОИ ЗАГРИЖЕНОСТ И ОД НОВ МИГРАЦИСКИ БРАН, ОД ПОГОЛЕМ НАТПРЕВАР ЗА РАБОТНИ МЕСТА, ИТН. НО, СКЕПТИЦИТЕ ТРЕБА ДА БИДАТ ИСКРЕНИ И ТРАНСПАРЕНТНИ, ДА КАЖАТ ДАЛИ ГО ПОДДРЖУВААТ ИЛИ НЕ ГО ПОДДРЖУВААТ РЕГИОНОТ? ДАЛИ РИЗИКОТ ОД ОСТАВАЊЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН НАДВОР, ГО НАДМИНУВА РИЗИКОТ ОД НЕГОВО ИНТЕГРИРАЊЕ?**

**Предизвици:** *Поради ова многу од луѓето овде се чувствуваат оставени во празен простор, со можност за силно руско влијание. Многумина дури развија негативни чувства кон ЕУ, свртувајќи се кон политиката на Русија, или дури размислуваат за алтернативни сојузи. Ова го прави регионот уште поранлив. Дали ова искрено ја загрижува Европа, кревкоста на регионот? Не само на Северна Македонија, туку и на Босна и Херцеговина, блокираноста на преговорите меѓу Белград и Приштина. Колку е тоа опасно за регионот?*

**Џоан Хои:** Секако, има загриженост во Европа, во Брисел и во други европски главни градови, за тоа што се случува со овој регион, за фрагилноста, како што рековте, особено во некои од земјите. Овој регион сѐ уште прилично е сиромашен, од различни агли, некои се посиромашни од другите. И покрај тоа што има напредок и закрепнување, некаде и раст за почитување во последните години, ако ја оставиме на страна пандемијата, но трансформирањето е доста бавно. Достигнувањето на европскиот стандард не е на ниво на кое би требало да биде. Тоа уште повеќе ги продлабочува: политичките проблеми, поделеноста, социјалната нееднаквост. И, згора на сѐ, се испречуваат заостанати билатерални спорови за статусот, за границите, итн. Значи, има навистина многу ранливи точки во целиот регион. Затоа има и загриженост. Но, во исто време, има и поддршка за интеграција, особено од дел од членките на ЕУ. Меѓу другото, и од Британија којашто иако излезе од ЕУ смета дека зачленувањето токму за овој регион е важно. Земјите од Западен Балкан се мали и треба да бидат внесени во ЕУ. Но, од друга страна постои јасна неудобност, јасно политичко спротивставување и тоа кај некои од клучните членки на ЕУ, во Франција особено, во Холандија, во некои од нордиските земји, во Данска, на пример.

Оваа неудобност, односно противење, доаѓа од неколку причини. Една е загриженоста, којашто мислам дека беше изнесена од претседателот Емануел Макрон, дека внесувањето на земјите во ЕУ: ќе ги засили постојните тешкотии околу реформирањето на Унијата, ќе ја ослаби кохерентноста, ќе го ослаби лидерството на клучните земји-членки. Постои загриженост и за тоа што ќе значи проширувањето од политички аспект, дека ќе покрене поголема миграција од регионот, поголем натпревар за работни места, итн. Има најразлични причини за загриженост, но јас мислам дека скептиците треба да бидат поискрени и потранспарентни околу нивната позиција. Околу тоа дали го поддржуваат или не го поддржуваат регионот. Прашањето што треба да си го поставаат себе си, лидерите на ЕУ, а особено скептичните – е дали ризикот од оставање на Западен Балкан надвор го надминува ризикот или проблемите од неговото интегрирање.

**Предизвици:** *Но, до сега имаа доволно време за тоа!*

**Џоан Хои:** Се разбира, но тоа што сега е ново е фактот што војната го кристализираше сето ова, овој избор. Тој избор треба да

биде направен, не може повеќе да се избегнува или да се одложува во ваква ситуација. Имаме војна на прагот од Европа, се заканува потенцијална нова поделба во Европа, а тоа значи дека изборот треба да се направи. Не може и натаму да се одложува. Европа треба да каже каква ѝ е позицијата по ова прашање и да биде храбра. Политичарите треба да бидат храбри, да направат геополитички случај, со политички аргументи за внесување на Западен Балкан во ЕУ. Ова е мал регион.

**Предизвици:** *Да, со вкупно 18 милиони луѓе, сите заедно...*

**Џоан Хои:** Не зборуваме за големи земји, ова не е Турција. Јас дури ја разбирам загриженоста кога станува збор за Украина, тоа е многу поголема земја, со многу поголема тежина. Но, овој регион е мал, а ЕУ може тоа да си го дозволи. Прашањето е дали политичарите може да се соочат со политичките тешкотии и да ги изнесат своите аргументи. Да направат случај за зачленување на регионот.

**Предизвици:** *Во вакви околности, со војна на прагот на Европа, како го објаснувате однесувањето на бугарските власти? Две години го блокираат патот за Северна Македонија и за Албанија во исто време, тврдејќи дека делови од историјата на земјата и македонскиот јазик се само нивни. Сè уште јазикот го нарекуваат „таканаречен". Ова е 21 век, а Бугарија е 15 години членка на ЕУ...*

**Џоан Хои:** Многу е тешко да се даде објаснување, но ова е нешто што сме го виделе во минатото, тоа беше друго вето што многу го одложи пристапниот процес за Северна Македонија. Тој проблем беше решен со многу храброст.

**Предизвици:** *И жртвување, нели?*

**Џоан Хои:** Да, и со жртвување, исто така, големо жртвување од страна на Северна Македонија која го жртвуваше своето име, што воопшто не е мала работа.

**Предизвици:** *Некои луѓе во земјава сè уште немаат разбирање за тоа.*

**ТОА ШТО СЕГА Е НОВО Е ФАКТОТ ШТО ВОЈНАТА ГО КРИСТАЛИЗИРАШЕ ОВОЈ ИЗБОР. ТОЈ ИЗБОР ТРЕБА ДА БИДЕ НАПРАВЕН, НЕ МОЖЕ ПОВЕЌЕ ДА СЕ ИЗБЕГНУВА ИЛИ ДА СЕ ОДЛОЖУВА. ИМАМЕ ВОЈНА НА ПРАГОТ ОД ЕВРОПА, СЕ ЗАКАНУВА ПОТЕНЦИЈАЛНА НОВА ПОДЕЛБА ВО ЕВРОПА, А ТОА ЗНАЧИ ДЕКА ЕУ ТРЕБА ДА КАЖЕ КАКВА Ѝ Е ПОЗИЦИЈАТА ОКОЛУ ИНТЕГРАЦИЈАТА НА ЗАПАДЕН БАЛКАН. ПОЛИТИЧАРИТЕ ТРЕБА ДА БИДАТ ХРАБРИ, ДА НАПРАВАТ ГЕОПОЛИТИЧКИ СЛУЧАЈ, СО ПОЛИТИЧКИ АРГУМЕНТИ ЗА ВНЕСУВАЊЕ НА РЕГИОНОТ ВО ЕУ. ОВА Е МАЛ РЕГИОН, НЕ Е ТУРЦИЈА. ЈАС ДУРИ ЈА РАЗБИРАМ ЗАГРИЖЕНОСТА КОГА СТАНУВА ЗБОР ЗА УКРАИНА, ТОА Е МНОГУ ПОГОЛЕМА ЗЕМЈА, СО МНОГУ ПОГОЛЕМА ТЕЖИНА. ПРАШАЊЕТО Е ДАЛИ ПОЛИТИЧАРИТЕ МОЖЕ ДА СЕ СООЧАТ СО ПОЛИТИЧКИТЕ ТЕШКОТИИ И ДА ГИ ИЗНЕСАТ СВОИТЕ АРГУМЕНТИ. ДА НАПРАВАТ СЛУЧАЈ ЗА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ НА РЕГИОНОТ**

**Џоан Хои:** Го разбирам тоа, заради вашата историја, претпоставувам. Причината поради што овие прашања имаат поголема димензија овде, отколку на други места, е во тоа што историјата е важна, чувството на припадност е важно, јазикот е важен, идентитетот е важен. Вашето чувство за припадност кон држава е важно, тоа е основата на идентитетот, на демократијата. Конечно, ова се причините заради кои Украина се бори, за нејзиниот национален суверенитет – идеја којашто во последно време е многу оцрнета, во многу делови од Европа. А сега гледаме колку е важна, бидејќи тоа е основата: на демократијата, на автономијата, на самоопределувањето, итн.

Од друга страна, мислам дека прашањата за: идентитетот, историјата и јазиците имаат поголема важност во овој регион можеби и затоа што е оставен на страна од ЕУ, надвор од тој поголем проект. Така, за многумина овие прашања значат и решение за проблемите. Ова е многу сиромашен регион, па луѓето не веруваат многу дека нивната реална иднина е членство во ЕУ, трансформирање на нивниот живот и создавање подобра иднина за нив и нивните деца. Во таков случај тие се свртуваат кон нешто што за нив има големо значење, а тоа е идентитетот, јазикот, итн. Од друга страна, проблем е што во повеќе земји во овој регион има кревки коалиции, кревки влади, коишто делуваат без големо мнозинство. Во таква ситуација, кога многу партии се натпреваруваат за власт, има тенденција за политизирање на овој вид прашања. Тогаш тоа се претвора во политички фудбал, чии последици стануваат тешки за решавање.

**Предизвици:** *Дали сте имале можност да дојдете до повеќе детали, на пример за австрискиот план за постепена*

*интеграција на земјите од Западен Балкан, или за францускиот план, за политичка заедница?*

**Џоан Хои:** Да, тоа е идејата што дојде од францускиот претседател Емануел Макрон, за европска политичка заедница, што, очигледно, не е членство. Претпоставувам се потпира на концентрациони кругови. Треба да ги видиме конкретните детали. На почеток идејата покрена извесен аларм бидејќи се сметаше за алтернатива на ЕУ, но Макрон инсистира на тоа дека не се работи за алтернатива на членството. Неговата перспектива и перспективата на другите, како на Холандија, на пример, е дека за зачленување ќе треба долго време, а веќе слушнавме дека не е веројатно тоа да се случи пред 2030 година. Макрон, дури, спомна „повеќе децении", во однос на Украина, верувам не мислеше „многу децении" за Западен Балкан. Но, според мене, поентата е дека нема реалистична временска рамка за членство, а тоа значи дека ако зачленувањето во ЕУ не може да постигне „закотвување" на ништо во овој регион, никаква „котва" за политички реформи и слично, тогаш луѓето се откажуваат од идејата. Тоа, всушност, и се случува. Многу луѓе, можеби и мнозинството во регионот, како и во оваа земја, не веруваат дека ќе се зачленат во ЕУ. Значи, ако зборуваме за „децении" тоа не е реален проект. Затоа, ЕУ или треба да го забрза овој процес и да преземе чекори во таа насока, или, пак, да биде искрена и да каже – ова, всушност, нема да се случи во следната деценија, но тоа што можеме да го понудиме е нешто друго, од кое треба да има опипливи бенефити.

**ЕДНА ОД ПОСЛЕДИЦИТЕ НА ВОЈНАТА Е БРЗИОТ СКОК НА ИНФЛАЦИЈАТА. „ЕКОНОМИСТ ИНТЕЛИЏЕНС ЈУНИТ" ОЧЕКУВА ДА ДОСТИГНЕ 8.5 % НА ГЛОБАЛНО НИВО ОВАА ГОДИНА. ТОА Е МНОГУ ГОЛЕМ СКОК, КАКО ВО САД, ТАКА И ВО ЕВРОПА. ЌЕ ИМА НЕГАТИВНО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ РАСТОТ, ЗАТОА ШТО ЌЕ ЈА ПОГОДИ ПОТРОШУВАЧКАТА НА ДОМАЌИНСТВАТА, ОСОБЕНО ВО РЕГИОНИ КАКО БАЛКАНОТ КАДЕ ШТО ДОМАЌИНСТВАТА ТРОШАТ МНОГУ ПОВЕЌЕ ЗА ХРАНА И ЕНЕРГИЈА. ЌЕ ГО ПОГОДИ И БИЗНИСОТ И ИНВЕСТИЦИИТЕ, ТАКА ШТО И ПОКРАЈ ИЗРАЗЕНИОТ РАСТ ВО ПРВИОТ КВАРТАЛ ОД ГОДИНАВА, ВО ЦЕЛИОТ ЗАПАДЕН БАЛКАН, ШТО БЕШЕ ПОСТПАНДЕМИСКО ЗАКРЕПНУВАЊЕ, ЌЕ СЛЕДИ ЗАБАВУВАЊЕ, КВАРТАЛ ПО КВАРТАЛ. АКО ВОЈНАТА ПРОДОЛЖИ, А НИЕ ОЧЕКУВАМЕ ДА ПРОДОЛЖИ ДОЛГО ВРЕМЕ, ВО 2023 ГОДИНА ЦЕНИТЕ ЌЕ ПРОДОЛЖАТ ДА РАСТАТ, А УДАРОТ ВРЗ ЕКОНОМСКИОТ РАСТ ЌЕ БИДЕ ПРИЛИЧНО ОСТАР**

**Предизвици:** *Тоа би било нова рамка за побрз развој на регионот?*

**Џоан Хои:** Да, во однос на финансирањето и што ќе значи тоа. Во моментов, за регионот се одвојуваат многу мали суми, во споредба со фондовите што се одвојуваат за источните ЕУ-членки, или, пак, за тие од Јужна Европа. Овие мали суми нема да водат кон трансформација на инфраструктурата, ниту кон подигање на степенот на човечки капитал или кон исполнување на „зелената транзиција“ и други цели. Затоа сметам дека ЕУ треба да биде сериозна околу финансирањето во овој регион. Има некои сугестии кои велат дека овој регион треба да биде вклучен во ЕУ-буџетот, тоа нема да чини премногу за било која сегашна членка. Значи, трошокот ќе биде мал, а придобивките можат да бидат многу големи.

**Предизвици:** *И луѓето во регионот се многу позаинтересирани за развој на земјите отколку за правото на глас во ЕУ. Верувам дека овој план може да функционира, доколку нема начин за регуларно зачленување во Унијата. Но, има и друго очекување – кога ЕУ „се влечка“ во овој регион, обично Американците доаѓаат да ја завршат работата побрзо. Има ли изгледи и овој пат тоа да се случи: со оглед на војната во Украина, со оглед на безбедноста, со оглед на потребата за затворање на „дупките“ за руско влијание?*

**Џоан Хои:** Имате право кога велите дека Американците одиграа историски многу голема улога во овој регион, секако во војните што следеа по распадот на Југославија, особено во безбедносна смисла. САД и НАТО се арбитрите за она што се случи во регионот, а не ЕУ, која нема безбедносен и сигурносен капацитет. Тоа одеше преку НАТО. Сега, САД имаат многу јасна позиција – се залагаат за пристапување на Западен Балкан во ЕУ. НАТО, според мене, ќе остане „главниот играч во градот“ во смисла на безбедноста, а зачленувањето на неколку земји од регионот, вклучително и на Северна Македонија, е многу важно од безбедносна перспектива. Како резултат на војната, пак, одново ќе заживее американското лидерство во НАТО, а ќе остане прашањето за тоа дали Европејците ќе се согласат со тоа или ќе се обидуваат да развијат свои безбедносни капацитети, европска одбрана. Војната веќе измени многу работи, на пример, комплетната промена во безбедносна смисла во Германија

која сега се заложи за вложување од 50 милијарди евра за создавање сопствени воени сили, ќе потроши повеќе од 2 % од БДП за НАТО и за помош за Украина, нешто што не е никогаш сторено порано. Значи сите ги гледаме промените што ги донесе војната и мислам дека ќе помине многу време пред ЕУ да креира какви било кредибилни одбранбени капацитети. Тоа значи НАТО и САД остануваат „главни во градот".

**Предизвици:** *Всушност, колку е променет светот по 24 февруари?*

**Џоан Хои:** Светот е комплетно трансформиран, затоа што ова не е само уште една регионална војна, ова стана нешто многу поголемо од тоа. Ова е конфронтација меѓу Русија и Западот, иако САД и НАТО не се директно инволвирани во конфликтот, но цврсто стојат зад Украина. Ќе се појават и други промени. На прво место ова претставува крах на поредокот од постстудената војна. Овој воен налет од Русија е отфрлање на тој поредок, а тоа што го прави во Украина е нова поделба на Европа, што потоа ќе значи нестабилност и опасност. Доколку Шведска и Финска се вклучат во НАТО ќе бидеме сведоци на нова гранична линија којашто ќе биде милитаризирана. Тоа значи дека светот станува многу понестабилно и опасно место, мислам дека тоа ќе го забрза подвојувањето на глобалниот поредок меѓу Исток и Запад. Гледаме дека Кина не е подготвена да ја напушти Русија и не очекувам тоа воопшто да го стори. Значи, оваа руска инвазија ќе го забрза процесот на раздвојување на Западот, од една страна, и Кина и Русија, од друга страна. Гледаме и дека две третини од државите во светот не заземаат страна во оваа војна – или остануваат неутрални или, пак, се наклонети кон Русија. А, тоа се многу земји: во Африка, на Блискиот Исток, во Јужна Америка, што претставува навистина голем предизвик за демократскиот свет и за демократијата – враќањето на некои од овие земји назад кон основните вредности за кои вреди човек да се бори.

**Предизвици:** *Дали заклучокот е дека во светот демократијата не победува?*

**Џоан Хои:** Во моментов не, не победува.

**Предизвици:** *За што треба да се подготвуваат Европејците понатаму, за какви последици од војната, во економска смисла?*

**Џоан Хои:** Во економска смисла, очигледно војната веќе резултира со големи последици, главно како резултат на санкциите кон Русија, директно и индиректно. Синџирите за достава на продукти, и без тоа погодени од пандемијата, сега се уште посилно погодени по: затворањето на воздушниот простор, копнените патишта, нарушување на инфраструктурата, итн. Но, најголемиот удар доаѓа преку основните продукти, преку подигање на цените, не само на нафтата и гасот, туку и на земјоделските производи, храната, итн. Тоа покренува многу брз скок на инфлацијата, која ние во „Економист Интелиџенс Јунит" очекуваме да достигне 8.5 % глобално оваа година. Тоа е многу голем скок, како во САД, така и во Европа. А, тоа, секако, ќе има негативно влијание врз растот, затоа што ќе ја погоди потрошувачката на домаќинствата, особено во региони како овој каде што домаќинствата трошат многу повеќе за храна и енергија. Ќе го погоди и бизнисот и инвестициите, така што и покрај изразениот раст во првиот квартал од годинава, во целиот регион на Западен Балкан, што беше постпандемиско закрепнување, ќе следи забавување со тек на времето, квартал по квартал, а во 2023 година, ако војната продолжи, а ние очекуваме да продолжи уште долго време, цените ќе растат и натаму, а ударот врз економскиот раст ќе биде прилично остар, особено следната година.

**ЗА УКРАИНА ВОЈНАТА Е ЕГЗИСТЕНЦИЈАЛНО ПРАШАЊЕ: ЗА НЕЈЗИНИОТ СУВЕРЕНИТЕТ, ТЕРИТОРИЈА И САМООПРЕДЕЛУВАЊЕ. МНОГУ Е ТЕШКО ОКОЛУ ТОА ДА СЕ ПРАВАТ КОМПРОМИСИ. НО, ЗА РУСИЈА ВОЈНАТА НЕ Е ЕГЗИСТЕНЦИЈАЛНА, ТУКУ Е ЕГЗИСТЕНЦИЈАЛНА ЗА КРЕМЉ И ЗА ВЛАДИМИР ПУТИН, КОЈ ИМА ПОТРЕБА ДА БИДЕ ПОБЕДНИК ВО НЕШТО. ЗАТОА, ТЕШКО Е ДА СЕ КАЖЕ КАКВИ СЕ ШАНСИТЕ ЗА ПРЕГОВОРИ, ЗА НЕКАКОВ КОМПРОМИС. УКРАИНА ПОКАЖА ВОЛЈА ДА СЕ БОРИ, СО ФИНАНСИСКА И ДРУГА ПОМОШ, ДОСТАВА НА ОРУЖЈЕ, ОД ЗАПАДОТ. ТОА ЗНАЧИ ДЕКА УКРАИНА ЌЕ МОЖЕ ДА ПРОДОЛЖИ ДА СЕ БОРИ. ВО ЕДЕН МОМЕНТ ДВЕТЕ СТРАНИ ЌЕ СЕ ИЗМОРАТ, ПА МОЖЕБИ ЌЕ ИМА ПАУЗИРАЊЕ ВО ВОЈУВАЊАТА, НО БЕЗ ДОГОВОРЕНО РЕШЕНИЕ. ПО ПАУЗАТА, ВЕРОЈАТНО ЌЕ ПРОДОЛЖИ ПАК. ЗНАЧИ, ПОСТОИ ОПАСНОСТ ОВА ДА СЕ ПРЕТВОРИ ВО МНОГУ ДОЛГ КОНФЛИКТ, ЗАМРЗНАТ КОНФЛИКТ БЕЗ ВИДЛИВО РЕШЕНИЕ**

Во заклучокот околу економскиот аспект на војната, би напомнала дека друга последица од оваа

забрзана инфлација е тоа што централните банки ќе ги покачат каматните стапки во обид да сопре уште поголема инфлација, што ќе биде дополнителен удар врз економијата. Сето ова покренува многу други тешки прашања, ќе има очигледен економски пад, ќе биде тешко за земјите со голем долг, како ќе го сервисираат, но ќе биде тешко и за домаќинствата и поединците. Значи, ова е проблем.

**Предизвици:** *Велите војната може долго да трае, колку долго?*

**Џоан Хои:** Ние во „Економист Интелиџенс Јунит“ очекуваме војната да биде долга. Има неколку причини за тоа, една е затоа што се работи: за крајно егзистенцијални прашања за Украина, за нејзиниот суверенитет, територија, самоопределување, и слично. Значи, многу е тешко околу тоа да се прават компромиси. Од друга страна, војната не е егзистенцијална за Русија, туку е егзистенцијална за Кремљ и за Владимир Путин, кој има потреба да биде победник во нешто. Затоа е тешко да се каже какви се шансите за преговори, за некаков компромис. Друга работа е тоа што Украина покажа волја да се бори, со финансиска и друга помош, достава на оружје, од Западот. Тоа значи дека Украина ќе може да продолжи да се бори. Во еден момент двете страни ќе се изморат, па можеби ќе има паузирање во војувањата, но без договорено решение. По паузата веројатно ќе продолжи пак. Дури и да се дојде до решение низ преговори во еден момент, за што условите треба да ги определат Украинците, никој друг нема право на тоа. Но, дури и да се случи тоа, тешко е да се најде прецизно решение, поради природата на залогот. Значи, постои опасност

**СЕ ЧИНИ ДЕКА СО ГОДИНИ ЦЕЛ НА РУСИЈА Е ДА ПОСТИГНЕ НЕКАКВИ НОВИ БЕЗБЕДНОСНИ АРАНЖМАНИ ВО ЕВРОПА, ЗА ШТО САКАА ДА ПРЕГОВАРААТ СО САД И СО НИКОЈ ДРУГ. ОТКАКО СФАТИЈА ДЕКА НЕМА ШАНСИ ТОА ДА СЕ СЛУЧИ, СЕ РЕШИЈА ЗА ОВАА ИНВАЗИЈА, ЧИЈА МИНИМАЛНА ЦЕЛ Е ДА ГО СПРЕЧАТ НАТАМОШНОТО ИНТЕГРИРАЊЕ НА УКРАИНЦИТЕ ВО НАТО ИЛИ ЕУ, ДА КРЕИРААТ ЕДЕН ВИД ТАМПОН МЕЃУ РУСИЈА И ЗАПАДОТ, ШТО ЌЕ ВКЛУЧУВА ДЕЛОВИ ОД ИСТОЧНА И ЈУЖНА УКРАИНА ПЛУС БЕЛОРУСИЈА И КАЗАХСТАН. ОД ДРУГА СТРАНА, СЕ ЧИНИ ДЕКА ОВА Е ДЕМОНСТРАЦИЈА ДЕКА НА РУСИЈА ТРЕБА ДА СЕ ГЛЕДА СЕРИОЗНО, КАКО НА ГОЛЕМА СИЛА, А ЗАД СЕТО ОВА – КОЈ ЗНАЕ КОИ СЕ МОТИВИТЕ? НО, ЕДНО МОЖЕМЕ ДА РЕЧЕМЕ СО ИЗВЕСНОСТ, А ТОА Е ДЕКА ОВАА ВОЈНА НЕМА ДА ЗАВРШИ НА НАЧИНОТ НА КОЈ ВЛАДИМИР ПУТИН И ДРУГИТЕ ВО КРЕМЉ ЗАМИСЛУВАА**

ова да се претвори во многу долг конфликт, без видливо решение. Да се претвори во војна долж граничната линија, војна без крај или замрзнат конфликт. Но, сè додека беснеат жешки воени дејствија, цената на енергенсите, на основните продукти, ќе бидат високи.

**Предизвици:** *Дали е ова војна за територија или е еден вид „лекција" од Путин за Западот?*

**Џоан Хои:** До сега Владимир Питин и Русија се немаат изјаснето околу тоа што е целта на војната. Можеме само да претпоставуваме што е нивната цел и каква е нивната замисла околу војната. Но, без оглед на сè, оваа војна не може да се оправда, нема никакво одобрување за неа. Се чини дека со години цел на Русија е да постигне некакви нови безбедносни аранжмани во Европа, за што сакаат да преговараат со Америка. Само со САД и со никој друг. Откако имаат сфатено дека нема шанси тоа да се случи, се решија за оваа инвазија, чија минимална цел е да го спречат натамошното интегрирање на Украинците во НАТО или ЕУ, да креираат еден вид тампон меѓу Русија и Западот, што ќе вклучува делови од источна и јужна Украина плус Белорусија и Казахстан. Од друга страна, се чини дека ова е демонстрација дека на Русија треба да се гледа сериозно, како на голема сила, а зад сето ова – кој знае кои се мотивите. Но, едно можеме да речеме со извесност, а тоа е дека оваа војна нема да заврши на начинот на кој Владимир Путин и другите во Кремљ замислуваа. Тоа е природата на војната. Сите војни содржат или продуцираат фатални изненадувања особено за тие кои ги покренуваат и ги водат. И обично, на долг рок, имаат негативни последици за нив.

**Предизвици:** *Значи, Европа одново треба да се подготви за тешки времиња?*

**Џоан Хои:** Да, ова е големо прашање за Европа: за што се залага, за што е подготвена да се бори, до кој степен е подготвена да се бори, до кој степен да ја поддржува Украина, какви чекори сега ќе преземе за да се осигури дека оваа поделба на Европа нема да биде цементирана и нема да добие размери на нешто како Студената војна?

Разговорот со Џоан Хои го водеше Билјана Георгиевска



## НОВО ВРЕМЕ

ВЛАДИМИР ГЛИГОРОВ

**ПРОБЛЕМОТ СО ОЛИГОПОЛОТ, КАКО ШТО Е КОНЦЕРТОТ НА ЕВРОПА ИЛИ НА СВЕТОТ, СО ИЛИ БЕЗ ВНАТРЕШНА КООРДИНАЦИЈА, Е ТОА ШТО ОЛИГОПОЛСКАТА КОНКУРЕНЦИЈА, ШТО СИГУРНО ЌЕ СЕ РАЗВИВА, НЕ Е СТАБИЛНА. ОД ЕДНА СТРАНА, ЗАТОА ШТО ЧЛЕНОВИТЕ НА ОЛИГОПОЛОТ ИМААТ ТЕНДЕНЦИЈА ДА ЈА ПОДОБРАТ СВОЈАТА ПОЗИЦИЈА ВО ОДНОС НА ДРУГИТЕ ВО ГРУПАТА, ПРЕКУ ВНАТРЕШНО-ОЛИГОПОЛСКО КОАЛИЦИРАЊЕ. А, ОД ДРУГА СТРАНА, ЗАТОА ШТО АУТСАЈДЕРИТЕ ЌЕ СЕ НАТПРЕВАРУВААТ ЕДНИ СО ДРУГИ, НО И СО ЧЛЕНОВИТЕ НА ОЛИГОПОЛОТ, ЗА НИВНА ПОДДРШКА И ЗА ПОТЕНЦИЈАЛНО ИДНО ЧЛЕНСТВО**

Во неодамнешната статија: „The New Concert of Powers, How to Prevent Catastrophe and Promote Stability in a Multipolar World" во Foreign Affairs, Ричард Хас и Чарлс Капчан расправаат за Глобалниот концерт, или Концертот на светот, по аналогија со Концертот на Европа во 19 век. Хенри Кисинџер поддржува слични идеи долго време. Тој е автор на авторитативната дисертација за постнаполеонската европска реставрација, „A World Restored: Metternich, Castlereagh and the Problems of Peace 1812-1822".

Првиот проблем со идејата за Концертот на големите сили е дека рамнотежата на моќта од 19 век, што требеше да ја обезбеди Концертот на Европа, пропадна во Првата светска војна. Концертот не ја спречи катастрофата, една од најлошите во историјата. Но, зошто работеше толку долго, како што работеше, и зошто на крајот не функционираше? Тоа не е непознато, а не е познато ниту што е лекот. Навистина, барем уште од Кантовиот есеј за вечен мир се знае зошто таквата рамнотежа на силите нема да функционира, а неговите сознанија не се без преседан. Барем од почетокот на Вестфалскиот систем чиј

изданок е Концертот на Европа. Но, тоа ќе го оставам на страна и ќе се навратам подоцна во заклучокот.

Проблемот со олигополот, како што е Концертот на Европа или светот, со или без внатрешна координација, е тоа што олигополската конкуренција, што сигурно ќе се развива, не е стабилна. Од една страна, затоа што членовите на олигополот имаат тенденција да ја подобрат својата позиција во однос на другите членови на групата, преку внатрешно-олигополско коалицирање, а од друга страна затоа што аутсајдерите ќе се натпреваруваат едни со други, како и со членовите на олигополот, за нивната поддршка и за потенцијалното идно членство.

Стабилноста би можела да се обезбеди со, таканаречениот, Стакелберг лидер, што значи дека еден член на Концертот треба да ја обезбеди лидерската моќ. Но, сето ова, пред сè, ќе биде причина Концертот да не се формира. Како пример за динамиката на таков олигопол, со лидер во работата, може да се земе Советот за безбедност во периодот по завршувањето на Студената војна и враќањето на ќор-сокакот на почетокот на новиот век. Периодот за кој станува збор може да биде периодот помеѓу првата војна во Ирак и отфрлањето на планот на Ахтисари за Косово поради руското вето. Во меѓувреме, немаше договор за војната на НАТО со Србија и за втората војна во Ирак.

### Критериуми за вклучување и трајна стабилност на Концертот

За едноставно да ги доловам овие предизвици со кои може да се соочи Концертот на светот, земам предвид три критериуми за вклучување во Концертот и за неговата трајна стабилност.

Првиот е комбинираната економска и воена тежина, што се поврзува со поимот голема сила. Ако претпоставиме дека членовите на Концертот се: САД, ЕУ, Јапонија, Кина, Русија и Индија, како што е предложено од Хас и Капчан, првите две имаат индивидуално поголеми економии од Кина, додека економијата на Јапонија е поголема од руската или индиската. Првите три економии заедно во голема мера ги надминуваат збирните економии на последните три.

Воено, во однос на нуклеарното оружје, Русија е некаде горе, со САД, додека кинеското воено јакнење се приближува кон двете

држави. Од своја страна, Индија сигурно ќе продолжи да се труди да им се приближи. Додека ЕУ и Јапонија не се воени сили; ЕУ веројатно и не може да биде. Велика Британија е исклучена од групата во овој предлог, што е тешко да се оправда само со критериумот за голема моќ, па причините, веројатно, треба да се најдат во другите две.

**ГЛЕДАЈЌИ ГИ ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА МЕНУВАЊЕ НА ГЕОГРАФИЈАТА НА НЕПРИЈАТЕЛСТВОТО, НЕ ИЗГЛЕДА ДЕКА НЕКОЈ ОД ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНЦЕРТОТ НА СВЕТОТ ИМА ОБВРСКИ ШТО НЕ МОЖЕ ДА ГИ ИСПОЛНИ. РУСИЈА Е ИСКЛУЧОК БИДЕЈЌИ ЈА ЗГОЛЕМУВА СВОЈАТА ВКЛУЧЕНОСТ ВО СИТЕ СВЕТСКИ ЖЕШКИ ТОЧКИ, ИАКО НЕЈЗИНАТА ЕКОНОМСКА ТЕЖИНА НЕ Е ТОЛКАВА ЗА ОДРЖЛИВО ДА СИ ГИ ДОЗВОЛИ СВОИТЕ АМБИЦИИ ЗА СВЕТСКА СИЛА. НО, АКО СЕ БАРА ПРИМЕР ЗА ЗЕМЈА ШТО СЕ НАТПРЕВАРУВА ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ГОЛЕМА ЛИГА, ТОА, СЕКАКО, БИ БИЛА РУСИЈА, ИАКО ИСТОРИСКИ ГЛЕДАНО ТОА Е СО ТЕНДЕНЦИЈА НА НЕИСПЛАТЛИВОСТ**

Вториот критериум е постоење на безбедносни ризици меѓу членовите на Концертот и генерално. Територијалните конфликти се најзагрозувачки. САД имаат потенцијални, проблеми со Кина на Пацификот, кои може да се избегнат, и со Русија на Арктикот. ЕУ има проблеми со Русија во нивното заедничко соседство. Русија разви и одржува голем број замрзнати конфликти на нејзините граници; од кои украинскиот веќе не е замрзнат. Кина, од една страна има територијални прашања со Индија, во минатото имаше проблеми и со Русија, а сега има потенцијално сериозни проблеми и со Јапонија. Русија и Јапонија имаат нерешен територијален спор. Индија се чувствува загрозена од Кина. Додека на друга страна од нејзината граница е директно вклучена во долгогодишниот и сериозен територијален спор за контрола на Кашмир, со нуклеарната сила, Пакистан.

Третиот критериум е постоењето на безбедносни и други обврски на кризните места, како, на пример, на Блискиот Исток и на Корејскиот Полуостров. Таква ситуација има на: Кавказ, во Украина, Кашмир, Авганистан и на Балканот, но се разбира, има и многу други кризи на други места во светот. Овие кризни точки ја креираат светската географија на непријателство. Гледајќи ги предизвиците на менувањето на географијата на непријателството, не изгледа дека некој од потенцијалните членови на Концертот на светот има обврски што не може да ги исполни. Русија е исклучок бидејќи ја зголемува својата вклученост во сите светски жешки точки, иако

нејзината економска тежина не е толкава за одржливо да си ги дозволи своите амбиции за светска сила. Но, ако се бара пример за земја што се натпреварува за членство во голема лига, секако, тоа би била Русија, иако историски гледано ова е со тенденција на неисплатливост.

### Како до стабилно ниво на силите?

Постојат најмалку три главни проблеми со овие идеи за Глобалниот концерт, или рамнотежата на моќ. Прво, и веројатно, најфундаментално е дека Кисинџер не дефинира што значи – стабилен однос на силата. Всушност, овој проблем го мачеше и Концертот на Европа. Рамнотежа може да се воспостави на сегашното ниво или на некое договорено ниво на еднаква распределба на моќта.

Првиот би требало да претпостави дека рамнотежата е веќе воспоставена, така што никому не му треба дополнително зголемување на воената сила. Ова би значело дека посилниот треба да дозволи послабиот да стане релативно помоќен. Сепак, шансите се дека сите големи сили ќе продолжат да ја градат својата релативна сила.

Другиот проблем е што Хас и Капчан не размислуваат што треба да се случи со НАТО и со американско-јапонскиот безбедносен пакт, а можеби и со други партнерства меѓу членовите на Концертот. Тоа, секако, води до проблемот на внатрешната нерамнотежа во рамките на Концертот на светот. Ако некој ги собере: САД, ЕУ и Јапонија, тие, плус Велика Британија, се сојузници преку нивните безбедносни обврски. Тие во голема мера ја надминуваат економската и воена сила на другите три земји, кои и без тоа немаат толку блиски економски и воени односи. Дури, на пример, Кина и Русија да создадат траен сојуз, па дури и ако кинеската економија продолжи да ги достигнува оние на понапредните членови на Концертот, сепак ќе биде потребно извесно време за да се изедначат релативните економски сили. Притоа, придонесот на Русија ќе продолжи да се намалува во релативна смисла. А, потоа, се разбира, тука е Индија, која би можела да ги дели глобалните економски интереси со Кина и Русија, но би станала сѐ посигурна со растечката економска моќ на Кина во овој тип на поставка.

### Улогата на ЕУ како невоена сила

И на крај, тука е улогата на ЕУ, која воопшто не е воена сила, а веројатно нема да сака ниту да стане. И, не би требало да сака, имајќи ја предвид историската улога на империјална Европа. Сепак, ваквата поставеност ќе обезбеди поттик за ЕУ да ги зголеми своите безбедносни сили, што може да доведе до проблеми во Европа. Во смисла на тоа дека Европа би можела да се претвори во една од кризните области на начини коишто не се пожелни, барем според историските прилики. Со Обединетото Кралство во ЕУ, работите, можеби, беа поинакви. Можеше да се гледа на глобалната тежина на ЕУ како комбинација на војската, особено нуклеарната, моќта на ОК и Франција, со нивниот глобален дострел и, се разбира, со економската моќ на Германија. Но, со излегувањето на Британија, ЕУ можеби не ослабна многу во економска смисла, но на воен и дипломатски план секако е послаба.

Ова се размислувања коишто, речиси, се прелиминарни. Динамиката на промените во Глобалниот концерт и неговите односи со остатокот од светот допрва треба да се разгледува. Кога идејата до некаде беше имплицитно изнесена од Русија, пред нападот на Украина, таа се засноваше на распадот на НАТО и на ирелевантноста на ЕУ во политиката на моќ. Идејата е дека штом ќе заврши Студената војна, завршуваат и непријателствата, а воените сојузи треба да се распуштат. На начинот на кој Франција беше вклучена во Концертот на Европа по завршувањето на војните на Наполеон. Но, тоа, сепак, не се случи по двете светски војни, чиј крај на некој начин се провлекуваше дури до завршувањето на Студената војна. Русија и Кина беа вклучени во Советот за безбедност на Обединетите нации, еден вид Концерт на светот, но на крајот на Студената војна не дојде до демобилизација на НАТО за да се совпадне со распаѓањето на Варшавскиот пакт. Ова, секако, е едно од централните прашања. Ако навистина се појави полицентричен олигопол на големите сили, некои од наследените безбедносни аранжмани ќе треба да се преиспитаат со цел членовите на Концертот на светот да се приближат барем до еднаква распределба на моќта. Во спротивно, речиси, нема шанси Концертот на светот да придонесе за стабилност, а не за конфликт.

### Кога Концертот на светот има смисла?

Но, зошто САД и ЕУ би се откажале од НАТО и зошто САД и Јапонија би се откажале од својот безбедносен сојуз? Националистите би можеле да бидат изолационисти што е начин администрацијата на Доналд Трамп да му пристапи на проблемот. Ако се претпостави дека секоја земја е за себе и само билатералните аранжмани се остварливи, додека сите потенцијални партнери се подеднакво соодветни, тогаш НАТО и нуклеарниот штит на САД за Јапонија не мора да имаат смисла.

**НА КРАЈОТ НА СТУДЕНАТА ВОЈНА НЕ ДОЈДЕ ДО ДЕМОБИЛИЗАЦИЈА НА НАТО ЗА ДА СЕ СОВПАДНЕ СО РАСПАЃАЊЕТО НА ВАРШАВСКИОТ ПАКТ. ОВА, СЕКАКО, Е ЕДНО ОД ЦЕНТРАЛНИТЕ ПРАШАЊА. АКО НАВИСТИНА СЕ ПОЈАВИ ПОЛИЦЕНТРИЧЕН ОЛИГОПОЛ НА ГОЛЕМИТЕ СИЛИ, НЕКОИ ОД НАСЛЕДЕНИТЕ БЕЗБЕДНОСНИ АРАНЖМАНИ ЌЕ ТРЕБА ДА СЕ ПРЕИСПИТААТ СО ЦЕЛ ЧЛЕНОВИТЕ НА КОНЦЕРТОТ НА СВЕТОТ ДА СЕ ПРИБЛИЖАТ БАРЕМ ДО ЕДНАКВА РАСПРЕДЕЛБА НА МОЌТА. ВО СПРОТИВНО, РЕЧИСИ, НЕМА ШАНСИ КОНЦЕРТОТ НА СВЕТОТ ДА ПРИДОНЕСЕ ЗА СТАБИЛНОСТ, А НЕ ЗА КОНФЛИКТ**

Мултилатералните аранжмани тогаш имаат уште помалку смисла. Но, тогаш и Концертот на светот нема смисла. Значи, не само што членовите треба да бидат во некоја смисла еднакви, туку треба да бидат националисти за да нема трајни сојузи во рамките на Концертот на светот. Но, ако од шест земји-членки на Концертот на светот, три се сојузници и заедно се многу посилни од другите три земји-членки земени поединечно или колективно, тогаш директна последица од тој однос на силите е – коалициската моќ на трите сојузници да е повеќе од збирот на нивните индивидуални тежини, поради што тие можат да им понудат на секоја од трите преостанати членки на Концертот да се приклучат во нивната коалиција, во зависност од прашањата на маса. На тој начин тие можат да арбитрираат во прашањата каде што се судираат интересите на другите членови на Концертот. Лекот за тоа е правото на вето. Но, тоа веќе постои во Советот за безбедност.

Така, за Концертот на светот да функционира како што е предвидено, ЕУ и Јапонија би требело да се откажат од постојан сојуз со САД, што навистина беше патека по која работите почнаа да се движат за време на администрацијата на Трамп. Значи, без САД подготвени да влезат во сојуз со Русија или Кина, исто како и со ЕУ и Јапонија, Концертот на светот нема смисла.

Во случајот на Концертот на Европа, пак, растечката моќ на Германија и потенцијалниот сојуз со Австро-Унгарија, заедно со воеността засилување на Русија, придонесоа за сè поголема ирелевантност на Концертот.

## Со економска глобализација до траен мир

Ако се земе предвид остатокот од светот, во случајот со Концертот на Европа, постоеше Отоманската империја. Кисинџер во својот неодамнешен разговор ја спомна Кримската војна и проблемот што таа го претставуваше за Концертот на Европа. Можеби нема слични проблеми во моментов, но работите можат брзо да се променат. Не сакајќи да шпекулирам, овде би можел само да спомнам два алтернативни меѓународни аранжмани кои би можеле да имаат подобри шанси во постигнување траен мир отколку Концертот на светот. И двата се потпираат врз разбирањето што доведе до формирање на универзални меѓународни институции по двете светски војни. И врз развојот на Европската Унија, што е еден вид Кантовски проект.

Едниот аранжман е натамошната економска глобализација. Тоа би значело нов договор за светската трговија, длабок и сеопфатен, ако се користи жаргонот на трговската политика. Другиот е новата Повелба на ОН за решавање на глобалните јавни добра и основните човекови права. Со други зборови, ново разбирање на суверенитетот на народите и политичките сојузи. Тоа би била Кантовска алтернатива.

**ПО РУСКАТА АГРЕСИЈА ВРЗ УКРАИНА, НАСТАПИ НОВО ВРЕМЕ ВО КОЕ ВЕЌЕ НЕ СЕ ДОСТАПНИ НИТУ РЕАЛПОЛИТИЧКИОТ КОНЦЕПТ НА КОНЦЕРТОТ НА ГОЛЕМИТЕ СИЛИ, НИТУ КАНТОВИОТ УНИВЕРЗАЛЕН МИРОВЕН ПРОЕКТ. ЗЕМЈАТА ШТО Е ВО ВОЈНА, А ТОА Е РУСИЈА, ИМА ЗА ЦЕЛ ЕКОНОМСКИ И ПОЛИТИЧКИ ДА СЕ КОНФРОНТИРА СО ЦЕЛИОТ СВЕТ, КОЈ НА ОВОЈ ИЛИ ОНОЈ НАЧИН НЕ Е ВО СОЈУЗНИЧКИ ОДНОСИ СО АМЕРИКА И СО НЕЈЗИНИТЕ ПАРТНЕРИ. ДРУГАТА СТРАНА СЕ ОБИДУВА ДА ЈА ИЗОЛИРА РУСИЈА ЗА ДА ВЛИЈАЕ НА ИСХОДОТ НА УКРАИНСКАТА ВОЈНА. АКО ВОЈНАТА ТРАЕ ГОДИНА ИЛИ ДВЕ, ЌЕ ТРЕБА ДА СЕ БАРА НОВА МЕЃУНАРОДНА РАМКА. ВО ОВОЈ МОМЕНТ, ТЕШКО Е ДА СЕ КАЖЕ КАКО БИ МОЖЕЛА ДА ИЗГЛЕДА. СИГУРНО Е ДЕКА НЕМА ДА БИДЕ КОСМОПОЛИТСКА, НИТУ ЌЕ СЕ ВОСПОСТАВИ НЕКАКОВ КОНЦЕРТ НА ГОЛЕМИТЕ СИЛИ. МОЖЕБИ ЕДИНСТВЕНОТО НЕШТО ШТО Е СИГУРНО Е ДЕКА СО ПРОДОЛЖЕНАТА ВОЈНА ЌЕ СЕ НАМАЛИ ВЛИЈАНИЕТО НА РУСИЈА ВРЗ НОВИОТ СВЕТСКИ ПОРЕДОК ШТО Е ВО СОЗДАВАЊЕ**

По руската агресијата врз Украина, настапи ново време во кое веќе не се достапни ниту реалполитичкиот концепт на Концертот на големите сили, ниту Кантовиот универзален мировен проект. Земјата што е во војна, а тоа е Русија, има за цел економски и политички да се конфронтира со целиот свет, кој на овој или оној начин не е во сојузнички односи со Америка и со нејзините сојузници. Другата страна се обидува да ја изолира Русија за да влијае на исходот на украинската војна. Како што поминува времето и ако војната трае година или две, ќе треба да се бара нова меѓународна рамка. Во овој момент, тешко е да се каже како би можела да изгледа. Сигурно е дека нема да биде космополитска, ниту ќе се воспостави некаков Концерт на големите сили. Можеби единственото нешто што е сигурно е дека со продолжената војна ќе се намали влијанието на Русија врз новиот светски поредок што е во создавање.

*(Владимир Глигоров е економист и политиколог. Магистрирал во Белград во 1973 година, а докторските студии ги завршил во 1977 година на Универзитетот Колумбија, во САД. Работел на Белградскиот универзитет и на Институтот за економски науки, а од 1994 година на Виенскиот институт за меѓународни економски студии. Се смета за еден од првите критичари на комунистичкиот систем. Во 1989 година бил еден од основачите на Демократската партија на Србија.)*



# EU ENLARGEMENT: PAST, PRESENT AND FUTURE

LÁSZLÓ ANDOR

**THE MOST SIGNIFICANT DEBATE IN CONNECTION WITH THE "NEW MEMBER STATES" IS NEITHER THE INCOME GAP NOR DEMOGRAPHIC DECLINE BUT THE DEVIATIONS FROM COMMON STANDARDS OF RULE OF LAW. THE COUNTRIES ON THE EASTERN FLANK OF THE EU ARE CHARACTERIZED WITH IMMATURITY RATHER THAN UNDERDEVELOPMENT. HOWEVER, WHILE TEN YEARS AGO, THE LACK OF MATURITY IN THE EAST WAS PROVERBIALLY CONNECTED WITH CORRUPTION IN ROMANIA AND BULGARIA, TODAY IT IS MAINLY ABOUT THE EXTINCTION OF THE RULE OF LAW IN HUNGARY AND POLAND. THE SAME RISK WAS DETECTED IN SLOVENIA AS WELL WHILE THE RIGHT-WING PRIME MINISTER JANEZ JANŠA WAS IN OFFICE**

## Enlargement fatigue

The latest enlargement of the European Union took place in 2013, when Croatia joined. An end to enlargement was never announced officially, but when the European Commission lead by Jean-Claude Juncker entered office in 2014, instead of appointing a commissioner for neighbourhood and enlargement, they appointed one for neighbourhood and enlargement *negotiations* (Johannes Hahn).

Negotiations continued to generate reforms in countries with aspirations for EU membership, but the general feeling in recent years has been that efforts have not been rewarded. The failure to open negotiations with Albania and North-Macedonia in 2019 October made the governments and the citizens of these two countries upset or even offended. Friends of enlargement were appalled by the perceived arrogance and ignorance of France and the other non-supporters of the case, even if this episode was followed by a more favourable decision in March 2020.

The 2019 debacle was, however, not a unique error, but another sign of European indecision, which at the same time highlights the

limitation of substituting policy with communication. And the issue is more complex than just blaming the reluctant group of wealthy member states. In his famous book (Europe Entrapped, 2015), Claus Offe portrayed EU integration as one that was entrapped, namely in a half-way arrangement from which it cannot move either forward or backwards. For Offe this was mainly an issue of deepening, but the image applies for widening as well.

Beyond Albania and North Macedonia, there are further applicants for EU membership, some of them already in candidate status. And there has been a tendency to speak about the integration of the Western Balkans, instead of cases of individual countries in the region spanning from Croatia to Greece. However, even if by geographic or population size the Western Balkans would not be a very large-scale enlargement (with altogether 18 million citizens in the 6 countries), there is simply no obvious way for doing it, and some even question the reasons. For most observers, enlargement fatigue is a given. But this is not simply linked to lack of comprehension or empathy, but also the mixed experience with previous enlargements to the East.

### East—West asymmetry

From the beginning of the 1990s, EU accession was an express desire of societies in the region making its way from state socialism to a market based economic system. EU membership became a reality for the majority in 2004 (and later for Romania and Bulgaria in 2007, and for Croatia in 2013). All this, however, did not lead to the elimination of asymmetries between East and West (Andor 2019). Economic growth in the region has remained strongly dependent on foreign direct investment (FDI), and – with EU membership – also on receiving transfers from the EU budget. National governments were able to take advantage of these opportunities with varying degrees of success, but none was able to pull off a miracle.

Asymmetries between East and West have led to tensions within the EU. European integration has never been entirely homogenous, but prior to the eastward expansion, when nine countries were added to the original integration of six members, development gaps were not enormous. The 2004 expansion, however, was novel in the sense that a far greater income gap separated the new member countries from the old ones than at the time of previous enlargements. For this reason,

while capital has largely flowed from West to East, labour has mostly flowed from East to West, and the EU as a whole became a strikingly imbalanced economic system.

Despite varying paces of convergence in terms of national income (GDP), the Eastern region has developed as a kind of inner periphery within the EU. The most important of the features that distinguish this periphery from the EU centre is perhaps the dominance in a wide variety of sectors (automotive, banking, insurance, retail etc.) of transnational companies from higher-income OECD countries.

Labour relations have not converged either. A gulf is apparent between East and West with respect to the levels of organisation of employers and employees, and the strength and prevalence of collective bargaining processes. The latter represents a constant temptation for economic policymakers to strengthen competitiveness to the detriment of workers, while strategies built on investment in human capital, vocational training and innovation remain relatively rare.

Coming to terms with the asymmetries within the EU runs into difficulties not only on the Eastern side. In West European countries, too, many find them hard to digest. The EU's expansion meant the accession not only of countries and markets, but also of people – moreover, people with equal rights. Although countries that have welcomed migrant labour are clearly winners from migration in the economic sense, a kind of "welfare chauvinism" can still be observed among them, turning public opinion against EU migrants. Debates within EU institutions on the subject of "social dumping" lasted very long (raising demand for renewed regulation of services that reach across the borders of member countries).

In reality, the actual risks related to East-West mobility exist not in the recipient states, but among the countries of origin which experience shortages of skilled workers and professionals as well as demographic decline. While the Eastward expansion of the EU (in 2004 and 2007) practically doubled labour mobility within the Union, the income gap between East and West is not going away any time soon.

### Rule of law and regrets

In EU institutions and EU related academic discussions the most significant debate in connection with the "new member states" is neither

the income gap nor demographic decline but the deviations from common standards of rule of law. The countries on the Eastern flank of the EU are characterized with immaturity (cultural and legal deviance) rather than underdevelopment.

However, while ten years ago, the lack of maturity in the East was proverbially connected with corruption in Romania and Bulgaria, today it is mainly about the extinction of the rule of law in Hungary and Poland. Serbia is perceived as a country descending into being a franchise of Viktor Orbán, the autocratic ruler of Hungary, and the same risk was detected in Slovenia as well while the right-wing prime minister *Janez Janša* was in office. This authoritarian outcome of the transition was not inevitable but the early signs of degeneration did not trigger strong response and corrective measures from the European Union.

Make no mistake, heavy political anomalies also exist in the West. The strength of the far right from France to Flanders, the Catalunya constitutional conundrum in Spain, and the intertwined informal economic and political power structures in the South of Italy (often called mafia) should all be matters of concern for the whole EU. But the political deformation in Hungary under Fidesz' rule tops the list of anomalies. This deformation has consequences, including on EU enlargement policy.

On average, newer member states of the EU are more pro-enlargement than older ones. If they have an opportunity, they advocate the cause of Western Balkans integration and more recently also candidate status for Ukraine. This is where the rule of law controversy unfortunately plays a role. The political and constitutional quagmire of a few Eastern member states is the worst

**THE ISSUE IS MORE COMPLEX THAN JUST BLAMING THE RELUCTANT GROUP OF WEALTHY MEMBER STATES. IN HIS FAMOUS BOOK (EUROPE ENTRAPPED, 2015), CLAUS OFFE PORTRAYED EU INTEGRATION AS ONE THAT WAS ENTRAPPED, NAMELY IN A HALF-WAY ARRANGEMENT FROM WHICH IT CANNOT MOVE EITHER FORWARD OR BACKWARDS. FOR OFFE THIS WAS MAINLY AN ISSUE OF DEEPENING, BUT THE IMAGE APPLIES FOR WIDENING AS WELL. BEYOND ALBANIA AND NORTH MACEDONIA, THERE ARE FURTHER APPLICANTS FOR EU MEMBERSHIP, SOME OF THEM ALREADY IN CANDIDATE STATUS. AND THERE HAS BEEN A TENDENCY TO SPEAK ABOUT THE INTEGRATION OF THE WESTERN BALKANS, INSTEAD OF CASES OF INDIVIDUAL COUNTRIES IN THE REGION SPANNING FROM CROATIA TO GREECE. HOWEVER, EVEN IF BY GEOGRAPHIC OR POPULATION SIZE THE WESTERN BALKANS WOULD NOT BE A VERY LARGE-SCALE ENLARGEMENT (WITH ALTOGETHER 18 MILLION CITIZENS IN THE 6 COUNTRIES), THERE IS SIMPLY NO OBVIOUS WAY FOR DOING IT**

possible context for those who want to encourage the EU to take seriously and speed up enlargement – until the entire Western Balkans region becomes part of the EU.

One can call this the enlargement a paradox. Some governments that are keen to proceed with enlargement do everything to disprove that it is a successful and worthwhile project. Consequently, to help the cause of continuing EU enlargement, Poland and Hungary would need to make a U-turn and re-democratise. One needs to appreciate that such a turn is very far from being imminent, but at least Slovenia has decided to step out of the shadow of Orbán during the April 2022 elections and recommit to the values of political pluralism and social progress. Their new government as well as the one of Bulgaria have to work hard to ensure that there is no return to the ominous practices of the past.

### Lessons from past enlargements

While actual progress with the enlargement process is hindered by various factors (within the aspirant countries), and we are waiting for the proverbial "steps to the right direction" (from the side of the EU institutions), there is some time available to reflect about the 25 years of Eastern enlargement. I would like to highlight three important lessons that might provide some food for thought in the context of the Western Balkans and other contemporary discussions.

The first point is that individual versus group enlargement was a major question 20 years ago and this dilemma may surface again. In the late 1990s, those considering themselves more advanced were claiming the right to join the EU ahead of the "laggards". At the end, however, the EU opted for the "regatta" model, which means opening the door for a group as a whole. Some adjustment of the timing was needed and perhaps some investment into the capacity of the weaker ones were also made, but the group approach seemed superior. Maintaining regional balance and cohesion is a legitimate concern for fellow Europeans, and the EU has to ensure that those with the ambition don't simply try to impress the centre, but demonstrate the capacity to be nice to and supportive of each other.

The second lesson is that while it is primarily the entry date which will eventually make it to the yearbooks, enlargement is a very gradual process both before and after the actual entry date. Ex ante: the candidate countries already receive pre-accession funds, and benefit

from visa liberalization. Investment is also facilitated to them by the European Bank for Reconstruction and Development (EBRD), which has progressively diminished its involvement in countries that have already joined the EU. On the other hand, free movement of labour and full agricultural subsidies did not come at once for the Eastern "new member states", they did not immediately join the eurozone, and many of them did not immediately enter the Schengen zone either. Altogether, the enlargement process is by definition a transition process, which puts in question the sole focus on the actual accession year, which nevertheless remains important since it signals the start of participation in political representation and decision making.

The third lesson is that while most observers and political actors focus on the legal and financial aspects of accession, the social dimension is equally important for the citizens of aspirant countries. If it is ignored, it will haunt the partnership in later years. Following the 2004 enlargement round, Eastern and Western member states were locked in a poisonous debate on social dumping for about 15 years. It also took a long time to clarify that the Union expects all member states to integrate their Roma minorities, which is still a policy lacking real enforcement tools. Since trade union membership fell in the East much faster than in the West, collective bargaining today is much weaker, and wage convergence is lagging behind GDP growth (hence the eagerness of MEPs from the East to encourage the EU to coordinate minimum wages and define minimum standards in health and childcare).

**IN THE 1990S, STUDENTS OF THE EUROPEAN UNION IN THE EAST COULD LEARN IN LESSON ONE THAT THE EU CAN PRACTICALLY DO TWO THINGS: DEEPEN AND WIDEN. A KEY TASK FOR THE EU LEADERSHIP (ORGANIZED IN THE THREE INSTITUTIONS AT THE TOP) IS TO BALANCE BETWEEN THE TWO. TODAY THIS PREMISE DOES NOT HOLD: THE EU CANNOT JUST DEEPEN AND WIDEN, BUT ALSO SHRINK. THE WHITE PAPER OF PRESIDENT JUNCKER IN 2017 OPENED UP THE POSSIBILITIES OF FUNCTIONAL WITHDRAWAL AS WELL (E.G. GOING BACK TO "JUST THE SINGLE MARKET", OR BECOMING A "MULTI-SPEED" INTEGRATION). WHILE "UNDEEPENING" REMAINS THEORETICAL FOR THE TIME BEING, SHRINKING HAS BEEN ABSOLUTELY REAL, WITH MANIFOLD CONSEQUENCES, INCLUDING ON THE BUDGET OF THE EU**

## Brexit effect on enlargement

In the 1990s, students of the European Union in the East could learn in Lesson One that the EU can practically do two things: deepen and widen. A key task for the EU leadership (organized in the three institutions at the top) is to

balance between the two. Today this premise does not hold: the EU cannot just deepen and widen, but also shrink. Furthermore, at least theoretically, the White Paper of President Juncker in 2017 opened up the possibilities of functional withdrawal as well (e.g. going back to "just the single market", or becoming a "multi-speed" integration). While "undeepening" remains theoretical for the time being, shrinking has been absolutely real, with manifold consequences, including on the budget of the EU.

While it is true that the larger share of the British business and political elites did not want Brexit, it has happened partly because of their success to enlarge the EU to the East, which is another irony. Workers from new member states started to enjoy the freedom of movement (i.e. the right to work in another EU country without a permit) maximum 7 years after accession, but in the British case from day one (vis-à-vis the countries that joined the EU in 2004). But many in Britain, especially at the time of the great financial crisis and the subsequent economic slump, looked at the consequences of unrestricted intra-EU mobility as an unwelcome influx which they could not tame without leaving the single market.

Brexit has made things more complicated for the would-be new members, not least because the UK governments in the past decades were among the most pro-enlargement ones, driven by the intention to make further deepening more difficult. In the future, British governments will surely maintain a view on South-East Europe and Eastern Europe, but without a direct say on who should be EU member, and who should not.

In any case, the point is that following Brexit the EU needs to find a new geopolitical equilibrium, which would somehow already take into account the would-be new members. This, in turn, should not be a simple consideration about what can be financed today or tomorrow, but what this all means in an historic perspective. Brexit drove out of the EU a country that was a net contributor to the EU budget, and this has been repeatedly used as an argument for budgetary restrictions (especially by so-called frugal member states). The actual decisions, on the other hand, gave evidence of the capacity of the Union to raise funds if needed, even if the frontier between net contributor and net recipient countries has changed to some extent.

### Western Balkans imperative

While Turkey has preserved its candidate status (which was declared in 1999), enlargement debates of recent years revolved around

the Western Balkans region. The Slovenian presidency of the EU (in the 2nd half of 2021) worked hard to promote Western Balkans integration and convince the community about the merits of incorporating into the EU the region encompassing the remaining former Yugoslav statelets and Albania. The government of Slovenia organised a summit on the Western Balkans in October 2021 in order to revitalise the process of enlargement.

For those aware of history, the significance of this region for European stability cannot be a question. World War One began with a pistol shot in Sarajevo (today capital city of Bosnia and Herzegovina), and Austria—Hungary declaring war on Serbia as a result. Such memories should not suggest that the region would always remain explosive for others, but it definitely has remained a source of instability. The Tito era stands out as an extraordinary period of peace and development, but the post-war Yugoslavia was destroyed by the 1980s debt crisis, insoluble distributional issues, rampant nationalism, and eventually violence and even attempts of genocide.

The process of EU enlargement has stopped with the two countries that split from Yugoslavia first, and which used to be parts of the Habsburg Empire and subsequently of Austria—Hungary. In the jargon factory of Brussels commentators often refer to the state we are in as „unfinished business", but this may not be the best way to describe the situation. The EU and its "geopolitical" Commission should speak about an incomplete reconstruction here. We are facing a region that is greener and younger than the EU average, and has a lot to offer to the EU struggling with population ageing and climate change.

Of course, even those outraged by the 2019 October shock must admit that there is no automatic right to EU membership. On the other hand, the enlargement sceptics should appreciate that there was a particular understanding regarding reform delivery on the one side (including change of name of one applicant country), and the nature of the reciprocal step on the side of the EU. This is what was derailed in 2019, and any further delay (including the Bulgaria's language controversy) threatens with serious loss of credibility and drop of confidence. Applying the Copenhagen criteria (as defined in 1993) would allow for more dynamic progress, while the EU would need to prepare itself institutionally for the accession of further smaller states.

## Beyond the Western Balkans

Since it is not only the candidate countries but also the EU which needs to transform to make additional accessions possible, it would have been a progressive cause to ensure that when EU nations launch a Conference on the Future of Europe, further enlargement, and specifically the integration of the Western Balkans appear among the top issues of the debate, if not at the very top. This, however, did not happen. It seems that participants of this extraordinary EU consultation with citizens considered other issues paramount from the point of the future of Europe than the extension of the boundaries to the East or South-East.

**IT IS NOT ONLY THE CANDIDATE COUNTRIES BUT ALSO THE EU WHICH NEEDS TO TRANSFORM TO MAKE ADDITIONAL ACCESSIONS POSSIBLE, IT WOULD HAVE BEEN A PROGRESSIVE CAUSE TO ENSURE THAT WHEN EU NATIONS LAUNCH A CONFERENCE ON THE FUTURE OF EUROPE, FURTHER ENLARGEMENT, AND SPECIFICALLY THE INTEGRATION OF THE WESTERN BALKANS APPEAR AMONG THE TOP ISSUES OF THE DEBATE, IF NOT AT THE VERY TOP. THIS, HOWEVER, DID NOT HAPPEN. IT SEEMS THAT PARTICIPANTS OF THIS EXTRAORDINARY EU CONSULTATION WITH CITIZENS CONSIDERED OTHER ISSUES PARAMOUNT FROM THE POINT OF THE FUTURE OF EUROPE THAN THE EXTENSION OF THE BOUNDARIES TO THE EAST OR SOUTH-EAST**

However, the unprovoked aggression by Russia against Ukraine triggered an application for EU membership by the Ukrainian government. Nobody just a month earlier would have spoken about EU accession in this context as something realistic, but to support the ambition of the Ukrainian government, the European Parliament confirmed that we want to have Ukraine "with us", and the European Council declared that Ukraine belongs to the European family. Right after the formal application by Ukraine, Georgia and Moldova also decided to apply.

The tragedy of the war makes the Ukraine application special, but there are some important reminders to be made. There has been a case before that a country under partial occupation applied for EU membership (Cyprus). There have been further cases when border issues were unresolved at the time of applying (e.g. between UK and Ireland, Slovenia and Croatia). And there have been ways to handle a general sense of instability, just to mention for example the "Balladur Plan" from 1993.

The "Pact on Stability in Europe", a proposal originating with the French prime minister, was an important initiative by the EU, in the spirit of preventative diplomacy, to help stabilise relations among, and promote cooperation between, the countries of the former Warsaw Pact which, in

the words of the French government, 'may eventually be associated to varying degrees with the European Union'. It was designed to encourage Central and Eastern European countries, which were looking Westwards in the hope of future enlargement, to maintain close mutual relations and continue to work together on sensitive issues. Essentially, Balladur's stability pact was designed to offer a framework in which they might attempt to resolve border disputes, address problems of minorities and develop relations with Russia in a post-Soviet era.

The EU should not refrain from openly discussing the possibility of future membership of countries of the Eastern neighbourhood, as it also has to remain open to the UK rejoining or Iceland reapplying at some point. Enrico Letta (2022) has proposed the launch of a European Confederation and Emmanuel Macron the establishment of a European Political Community, to offer a realistic solution to the ambitions of Ukraine to integrate with the West after the war, but such broader integration formats would not exclude actual membership to materialise in the long-run for Ukraine or other former USSR member states.

If a momentum is gained for EU enlargement from the convulsion of war in Eastern Europe, the next decade can bring about the decisions that allow the accession of Western Balkans countries to happen. In the meantime, the reconstruction of Ukraine can be completed, not only in terms of rebuilding infrastructure but also establishing a stable democratic polity and a competitive social market economy which is capable of growing in a sustainable fashion. This could be potentially followed by a period when countries of the Eastern neighbourhood can seriously discuss EU accession and together we can make it happen.

The text is a revised version of the lecture delivered by the author in Warsaw to participants of the FEPS *Ones to Watch* programme.

*(László Andor is Secretary General of FEPS (Foundation for European Progressive Studies, Brussels). He served as EU Commissioner for Employment, Social Affairs and Inclusion from 2010-2014. Between 2005 and 2010, he was a member of the board of directors at the European Bank for Reconstruction and Development, representing Hungary, the Czech Republic, the Slovak Republic and Croatia. Beforehand he taught political science and economic policy at at Corvinus University (Budapest), and advised the Prime Minister's Office. He is Senior Fellow at Hertie School (Berlin) and Visiting Professor at ULB -Brussels.)*

# ПРОШИРУВАЊЕТО НА ЕУ: МИНАТО, СЕГАШНОСТ И ИДНИНА

ЛАСЛО АНДОР

**НАЈЗНАЧАЈНАТА ДЕБАТА ВО ВРСКА СО „НОВИТЕ ЗЕМЈИ-ЧЛЕНКИ“ НЕ Е НИТУ РАЗЛИКАТА ВО ПРИХОДИТЕ, НИТУ ДЕМОГРАФСКИОТ ПАД, ТУКУ НАЈМНОГУ СЕ ЗБОРУВА ЗА ОТСТАПУВАЊА ОД ЗАЕДНИЧКИТЕ СТАНДАРДИ НА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО. ЗЕМЈИТЕ ОД ИСТОЧНОТО КРИЛО НА ЕУ СЕ КАРАКТЕРИЗИРААТ ПОВЕЌЕ СО НЕЗРЕЛОСТ ОТКОЛКУ СО НЕДОВОЛНА РАЗВИЕНОСТ ВО ОДНОС НА ДРУГИТЕ. АКО ПРЕД ДЕСЕТ ГОДИНИ НЕДОСТИГОТ НА ЗРЕЛОСТ НА ИСТОКОТ БЕШЕ ЧЕСТО ПОВТОРУВАН РЕФРЕН ПОВРЗАН СО КОРУПЦИЈАТА ВО РОМАНИЈА И БУГАРИЈА, ДЕНЕС ГЛАВНАТА ТЕМА Е ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО ШТО ПОЛЕКА ИЗУМИРА ВО УНГАРИЈА И ПОЛСКА. СЛИЧЕН РИЗИК ИМАШЕ И ВО СЛОВЕНИЈА ДОДЕКА БЕШЕ ПРЕМИЕР НА ДРЖАВАТА ДЕСНИЧАРСКИОТ ПОЛИТИЧАР ЈАНЕЗ ЈАНША**

## Замор од проширувањето

Последното проширување на Европската Унија се случи во 2013 година, кога во организацијата се приклучи Хрватска. Оттогаш, до сега, никогаш не беше официјално објавен крај на проширувањето, но кога на чело на Европската комисија застана Жан-Клод Јункер, во 2014 година, наместо да се назначи комесар за соседска политика и проширување, Европската комисија назначи комесар за соседска политика и преговори за проширување (Јоханес Хан).

Во меѓувреме, земјите-кандидати за членство во ЕУ продолжија да генерираат реформи, но во изминатите години преовладува општо чувство дека тие напори не се наградени. Неуспехот да се започнат преговорите со Албанија и Северна Македонија во октомври 2019 година ги вознемири, па дури и ги навреди владите и граѓаните на овие две земји. Оние кои го поддржуваа проширувањето беа изненадени од очигледната арогантија и незнаење што го

манифестираа Франција и останатите земји кои не го поддржуваа процесот и покрај тоа што оваа епизода беше проследена со поповолна одлука донесена во март 2020 година.

Сепак, дебаклот од 2019 година не беше единствената грешка, туку само уште еден показател за нерешителноста на Европа, што уште повеќе ги истакна слабостите на замена на политиката со комуникација. А, прашањето е многу посложено отколку само да се обвини групата богати земји-членки заради нивното противење за процесот. Во неговата позната книга: „Европа во стапица“ (Europe Entrapped, 2015), Клаус Офе, всушност, ја прикажува ЕУ како да е во стапица, како да е на половина пат во еден процес, па сега не може да продолжи да се движи ниту напред, ниту назад. Иако за Офе ова повеќе се однесува на процесот на продлабочување, сликата подеднакво важи и за процесот на проширувањето.

Но, освен Албанија и Северна Македонија, има и други земји коишто се стремат за членство во ЕУ, а некои веќе одамна со статус на земја-кандидат. Во ЕУ постои тенденција да се зборува за интеграција на Западен Балкан, наместо да се дискутираат поединечните земји во регионот, коишто се протегаат од Хрватска, до Грција. Сепак, ако се гледа според големината на земјите или според бројот на нивното население, проширувањето на ЕУ не би бил многу драстичен чекор (во Западен Балкан живеат вкупно 18 милиони жители, во 6 земји) иако, очигледно, нема начин како да се спроведе тоа. Многумина веќе се прашуваат кои се причините коишто доведоа до оваа состојба? Според повеќето набљудувачи, очигледен е заморот од проширувањето, што, во основа, не се должи само на немањето разбирање или емпатија, туку и на различните искуства од претходното проширување на Унијата кон Исток.

### Асиметрија на релација Исток – Запад

Уште од почетокот на 1990-тите, членството во Европската Унија беше јасно изразена желба на општествата во регионот коишто транзитираа од државен социјализам кон систем на пазарна економија. Членството во ЕУ стана реалност за повеќето земји во 2004 година (а подоцна и за Романија и Бугарија, во 2007 година, и за Хрватска, во 2013 година). Сепак, сето ова не ја отстрани нееднаквоста што постои меѓу Истокот и Западот (Андор 2019).

Економскиот раст во регионот остана силно зависен од странските директни инвестиции (СДИ), а по зачленувањето во ЕУ и од добивањето трансфери од буџетот на ЕУ. Поедини национални влади успеваа, која помалку, која повеќе, да ги користи овие можности, но ниту една особено.

Оваа асиметрија помеѓу Истокот и Западот предизвика тензии во ЕУ. Европската интеграција никогаш не беше целосно хомогена, но пред проширувањето кон Исток, кога на првичната интеграција на шесте членки им беа додадени девет нови држави, не беа толку изразени разликите во поглед на нивниот степен на развој. Сепак, проширувањето од 2004 година донесе новина, во смисла на тоа дека се создаде многу поголем јаз во приходите, што создаде јаз меѓу новите и старите земји-членки, споредено со времето на претходните проширувања. Заради ова, додека капиталот, главно, се движеше од Запад кон Исток, работната сила, пак, главно, тргна од Исток кон Запад, а ЕУ како целина стана изразено неизедначен економски систем.

И покрај различното темпо на усогласување на националниот доход (БДП), источниот регион се развиваше како еден вид внатрешна периферија во рамките на самата ЕУ. Една од најважните карактеристики што ја разликуваат оваа периферија од центарот на ЕУ, можеби е доминацијата на транснационалните компании од земјите на ОЕЦД во широк спектар на сектори (автомобилски, банкарски, осигурување, малопродажба, итн.) коишто се со повисоки приходи.

Состојбата не е ништо подобра ниту со работната сила. Очигледно, како да постои амбис што ги раздвојува Истокот и Западот во поглед на степенот на организираност на работниците и работодавачите, како и во поглед на силата и застапеноста на колективното преговарање. Ова последното постојано ги мами креаторите на економските политики, кои, за сметка на работниците, работат само на јакнење на конкурентноста, а сè уште се многу ретки стратегиите што се потпираат врз инвестиции во: трудот, стручното образование и обуката и иновациите.

Сепак, справувањето со оваа асиметрија во ЕУ е процес кој оди тешко не само на источната страна. На многу западноевропски земји им е тешко да се справат со овие нееднаквости. Проширувањето на

**ПРАШАЊЕТО Е МНОГУ ПОСЛОЖЕНО ОТКОЛКУ САМО ДА СЕ ОБВИНИ ГРУПАТА БОГАТИ ЗЕМЈИ-ЧЛЕНКИ ЗА ПРОТИВЕЊЕ КОН ПРОШИРУВАЊЕТО. ВО НЕГОВАТА ПОЗНАТА КНИГА: „ЕВРОПА ВО СТАПИЦА“, КЛАУС ОФЕ ЈА ПРИКАЖУВА ЕУ КАКО ДА Е НА ПОЛОВИНА ПАТ ВО ЕДЕН ПРОЦЕС, ПА СЕГА НЕ МОЖЕ ДА ПРОДОЛЖИ НИТУ НАПРЕД, НИТУ НАЗАД. ИАКО ЗА ОФЕ ОВА, ГЛАВНО, СЕ ОДНЕСУВА НА ПРОЦЕСОТ НА ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ, СЛИКАТА ПОДЕДНАКВО СЕ ОДНЕСУВА И ЗА ПРОЦЕСОТ НА ПРОШИРУВАЊЕ. ВО ЕУ ПОСТОИ ТЕНДЕНЦИЈА ДА СЕ ЗБОРУВА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА ЗАПАДЕН БАЛКАН, НАМЕСТО ДА СЕ ДИСКУТИРА ЗА ПОЕДИНЕЧНИТЕ ЗЕМЈИ КОИ СЕ ПРОТЕГААТ ОД ХРВАТСКА, ДО ГРЦИЈА. АКО СЕ ЦЕНИ СПОРЕД ГОЛЕМИНАТА ИЛИ ПО БРОЈОТ НА НИВНОТО НАСЕЛЕНИЕ, ПРОШИРУВАЊЕТО НА ЕУ НЕ БИ БИЛ МНОГУ ДРАСТИЧЕН ЧЕКОР ИАКО, ОЧИГЛЕДНО, НЕМА НАЧИН КАКО ДА СЕ СПРОВЕДЕ**

ЕУ значеше не само пристапување на земји и пазари, туку и на граѓани – и тоа на граѓани со еднакви права. Иако земјите каде допатувала мигрантска работна сила се очигледно победници од миграцијата во економска смисла, меѓу нив сè уште може да се забележи еден вид „шовинизам на благосостојбата“, што го насочува јавното мислење против мигрантите во ЕУ. Веќе долго време во институциите на ЕУ се одвиваат дебати на тема: „социјален дампинг“ (со што се бараат измени во регулирањето на услугите коишто се нудат на територијата на сите земји-членки).

Во основа, ризиците коишто се поврзани со мобилноста на работниците на релација Исток – Запад не постојат само во земјите во коишто доаѓаат, туку и во земјите од каде што доаѓаат работниците, во коишто, исто така, постои недостиг на стручна и квалификувана работна сила, а истовремено, постои и демографски пад на населението. Иако експанзијата на ЕУ кон Исток (во 2004 и 2007 година) практично ја удвои мобилноста на работната сила во рамките на самата Унија, уште долго ќе остане јазот во приходите помеѓу земјите на Истокот и Западот.

## Владеење на правото и неговиот неуспех

Во рамки на институциите на ЕУ и академските дискусии поврзани со ЕУ, најзначајната дебата во врска со „новите земји-членки“ не е ниту разликата во приходите, ниту демографскиот пад, туку најмногу се зборува за отстапувањата од заедничките стандарди на владеење на правото. Земјите од источното крило на ЕУ се

карактеризираат повеќе со незрелост (културна и правна девијација), отколку со недоволна развиеност во однос на другите.

Иако пред десет години недостигот на зрелост на Истокот беше често повторуван рефрен поврзан со корупцијата во Романија и Бугарија, денес главната тема е владеењето на правото што полека изумира во Унгарија и Полска. Србија се смета за земја која се претвора во франшиза на Виктор Орбан, автократскиот владетел на Унгарија, а сличен ризик беше воочен и во Словенија, кога премиер на државата беше десничарскиот политичар Јанез Јанша. Овој авторитарен исход од транзицијата не беше неизбежен, но раните знаци на дегенерација не предизвикаа силен одговор и корективни мерки од Европската Унија.

За волја на вистината, и на Западот постојат тврдокорни политички аномалии. Силата на екстремната десница од Франција, до Фландрија, уставниот заплет што постои во Каталонија, како и неформалните економско-политички структури на моќ во Јужна Италија (честопати се наречени мафија) се состојби што треба да ја засегаат цела ЕУ. Но, политичката деформација во Унгарија, под водство на партијата Фидес, е на врвот на сите аномалии. Секако, оваа деформација има свои последици, вклучително и врз политиката на проширување на ЕУ.

Во просек, новите земји-членки на ЕУ се порасположени за проширувањето во споредба со постарите членки. Тие се залагаат за интеграција на Западен Балкан, а од неодамна и за кандидатскиот статус на Украина. За жал, во овој дел своја улога има и контроверзијата со владеењето на правото. Политичкиот и уставниот „жив песок" во кој се западнати неколку членки од Источна Европа е најстрашниот можен контекст за оние коишто сакаат да ја охрабрат ЕУ да се зафати посериозно со процесот на проширување и да го забрза – сè додека целиот регион на Западен Балкан не стане дел од ЕУ.

Целиов овој процес на проширување може лесно да се нарече парадоксален. Некои влади коишто сакаат да продолжат со проширувањето прават сè за да го побијат ставот дека тоа е успешен и вреден проект. На пример, за да помогнат во каузата за продолжување на проширувањето на ЕУ, Полска и Унгарија би требало да направат вистински пресврт и одново да се демократизираат. Но, јасно е дека

таквиот пресврт нема да се случи набргу. Во тој контекст е поволно тоа што Словенија гласаше за излегување од сенката на Орбан, на изборите во април 2022 година, и враќање кон вредностите на политичкиот плурализам и социјален напредок. Нивната нова влада, како и онаа во Бугарија, мора да работат напорно за да стават крај на штетните практики од минатото.

### Научени лекции од претходните проширувања

Иако самиот процес на проширување на ЕУ го кочат низа фактори (во самите земји-аспиранти), а ние ги чекаме оние фамозни „чекори во вистинската насока" (од страна на институциите на ЕУ), останува малку време за размислување за процесот на проширување кон Исток кој трае веќе 25 години. Јас би сакал да потцртам три важни лекции коишто би можеле да дадат важен придонес во контекст на Западен Балкан и на другите современи дискусии на овие теми.

Првата важна работа е дека пред околу 20 години главната дилема беше дали да се оди со индивидуално наспроти групно проширување, а таа дилема може и сега да стане актуелна. Во доцните 1990-ти години, оние кои се сметале за понапредни тврделе дека тие имаат право да се приклучат кон ЕУ побрзо од оние што „заостануваат." Сепак, на крајот ЕУ се реши за моделот „регата", што значи отворање на вратата за група, во целина. Секако дека за тоа беа потребни мали приспособувања на тајмингот, а можеби и малку инвестиции во капацитетите на послабите, но се чинеше дека групниот пристап е посупериорен. Со право, Европејците сметаат дека одржувањето на регионалната рамнотежа и кохезија е многу важна, а ЕУ мора да се погрижи оние поамбициозните не само да се трудат да го импресионираат центарот, туку и да демонстрираат капацитет за меѓусебно почитување и поддршка.

Втората лекција е дека иако на крајот ќе се запамети само датумот на влез во ЕУ, проширувањето е многу постепен процес и се случува пред и по вистинскиот датум на зачленувањето. Ex ante: земјите-кандидати веќе добиваат претпристапни фондови и имаат корист од визната либерализација, а инвестициите им се олеснети преку Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), којашто постепено ја намалува својата вклученост во земјите коишто веќе стануваат

членки на ЕУ. Од друга страна, слободното движење на работната сила и целосните субвенции за земјоделците не дојдоа одеднаш за „новите земји-членки од Истокот", тие не се приклучија веднаш во Евро-зоната, а многу од нив не влегоа веднаш ниту во Шенген-зоната. Севкупно, процесот на проширување по дефиниција е процес на транзиција, што го доведува во прашање фокусирањето само на годината кога конкретно ќе се случи пристапувањето, што, сепак, останува важно бидејќи го означува почетокот на учеството во процесот на политичкото претставување и донесувањето одлуки.

**ВО 90-ТИТЕ ГОДИНИ ОД МИНАТИОТ ВЕК, СТУДЕНТИТЕ ОД ИСТОЧНА ЕВРОПА КОИ УЧЕЛЕ ЗА ЕУ, УШТЕ ВО ПРВАТА ЛЕКЦИЈА МОЖЕЛЕ ДА ПРОЧИТААТ ДЕКА УНИЈАТА, ВО ОСНОВА, МОЖЕ ДА СЕ ПРОДЛАБОЧУВА И ДА СЕ ПРОШИРУВА. ОСНОВНА ЗАДАЧА НА РАКОВОДСТВОТО НА ЕУ (ВО ТРИТЕ ИНСТИТУЦИИ НА ВРВОТ) Е ДА ОДРЖУВА РАМНОТЕЖА ПОМЕЃУ ДВАТА ПРОЦЕСА. ДЕНЕС, ОВАА ПРЕМИСА ВЕЌЕ НЕ ВАЖИ: ЕУ ОСВЕН ШТО МОЖЕ ДА СЕ ПРОДЛАБОЧУВА И ПРОШИРУВА, МОЖЕ И ДА СЕ СТЕСНУВА. „БЕЛАТА КНИГА" НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ЈУНКЕР ОД 2017 ГОДИНА ГИ ОТВОРИ МОЖНОСТИТЕ И ЗА ФУНКЦИОНАЛНО ПОВЛЕКУВАЊЕ, НА ПРИМЕР ВРАЌАЊЕ „САМО НА ЕДИНСТВЕНИОТ ПАЗАР" ИЛИ ПРЕМИНУВАЊЕ КОН ИНТЕГРАЦИЈА СО „ПОВЕЌЕ БРЗИНИ". ИАКО ПРОЦЕСОТ НА „ОД-ДЛАБОЧУВАЊЕ" ЗАСЕГА ОСТАНУВА ТЕОРЕТСКИ, СТЕСНУВАЊЕТО Е АПСОЛУТНО РЕАЛНО, СО ПОВЕЌЕКРАТНИ ПОСЛЕДИЦИ, ВКЛУЧИТЕЛНО И ВРЗ БУЏЕТОТ НА ЕУ**

Третата лекција е дека иако повеќето набљудувачи и политички чинители се фокусираат на правните и финансиските аспекти на пристапувањето, социјалната димензија е подеднакво важна за граѓаните на земјите-аспиранти. Доколку таа се игнорира, во подоцнежните години ќе биде предизвик за партнерството. По кругот на проширување во 2004 година, источните и западните земји-членки беа заглавени во жолчна дебата за социјалниот дампинг цели 15 години. Подоцна беше потребно долго време да се разјасни дека Унијата очекува сите земји-членки да ги интегрираат своите ромски малцинства, што сè уште е политика за која недостасуваат вистински алатки за таа да се спроведе. Со оглед на тоа што процентот на членство во синдикатите во источните земји е опаднат многу подрастично во споредба со западните, денес колективното договарање е многу послабо, а висината на платите заостанува зад порастот на БДП (оттука и желбата на европратениците од источните членки да ја охрабрат ЕУ да ги координира

минималните плати и да го дефинира минималниот стандард во здравството и детската грижа).

### Ефектот на Брегзит врз проширувањето

Во 1990-тите години од минатиот век, студентите кои учеле за Европската Унија во земјите во Источна Европа, уште во првата лекција можеле да прочитаат дека ЕУ, во основа, може да постигне две работи: да се продлабочува и проширува. Основна задача за раководството на ЕУ (организирано во трите институции на врвот) е да одржува рамнотежа помеѓу двата процеса. Денес, оваа премиса веќе не важи: ЕУ не може само да се продлабочува и проширува, туку и да се стеснува. Во теоријата, „Белата книга“ на претседателот Јункер во 2017 година ги отвори можностите и за функционално повлекување (на пример, враќање „само на единствениот пазар“ или преминување кон интеграција со „повеќе брзини“). Иако процесот на „од-длабочување“ засега останува теоретски, стеснувањето е апсолутно реално, со повеќекратни последици, вклучително и врз буџетот на ЕУ.

Факт е дека поголемиот дел од британската бизнис и политичка елита не го сакаше Брегзит, тој навистина се случи, делумно заради успехот од проширувањето на ЕУ кон Исток, што е само уште една иронија. Работниците од новите земји-членки почнаа да ја уживаат слободата на движење (т.е. правото да работат во друга земја на ЕУ без дозвола) најмногу 7 години по пристапувањето, но во случајот со Британија уште од првиот ден (во споредба со земјите што се приклучија во ЕУ во 2004 година). Но, многумина во Британија, посебно во времето на големата финансиска криза и економскиот пад што следеше, гледаа на последиците од неограничена мобилност внатре во ЕУ како на несакан прилив, кој не можеа да го скротат без да го напуштат единствениот пазар.

Брегзит само ги усложни работите за земјите кои сакаа да пристапат кон ЕУ, меѓу другото и затоа што владите на Велика Британија во изминатите децении беа едни од најгласните во полза на проширувањето, водени од идејата да се отежни натамошното продлабочување. Секако, во иднина, британските влади ќе продолжат да ги следат состојбите во Југоисточна и Источна Европа, но без директно влијание врз тоа која земја треба, а која не треба да стане членка на ЕУ.

Во секој случај, поентата е дека по Брегзит ЕУ треба да најде нова геополитичка рамнотежа, која некако веќе би ги зела предвид новите потенцијални членки. Ова не треба да се сведе само на размислување за тоа што може да се финансира денес или утре, туку што значи сето ова од историска перспектива. Со процесот Брегзит, од ЕУ излезе земја којашто беше нетопридонесувач во буџетот на Унијата и тоа постојано се користи како аргумент за буџетските кратења што следеа (особено од, таканаречените, штедливи земји-членки). Од друга страна, вистинските одлуки посведочија за капацитетот на Унијата да собира средства доколку е потребно, дури и ако границата помеѓу нетопридонесувачите и нетопримателите е до одреден степен изменета.

### Императивот на Западен Балкан

Иако Турција го задржува својот статус на кандидат (објавен во 1999 година), во изминатите години имаше безброј дебати за проширувањето што се однесуваат на Западен Балкан. За време на словенечкото претседавање со ЕУ (во втората половина на 2021 година) напорно се работеше на промовирање на интеграцијата на Западен Балкан и на тоа да се убеди заедницата од придобивките од интегрирање на ЕУ во регионот, што би ги опфатило преостанатите земји од поранешна Југославија и Албанија. Словенечката влада организираше посебен Самит за Западен Балкан, во октомври 2021 година, со цел да го ревитализира процесот на проширување.

За познавачите на историјата, значењето на овој регион за европската стабилност никако не се доведува во прашање. Првата светска војна започна со истрели од пиштол во Сараево (денес главен град на Босна и Херцеговина), по што Австро-Унгарија ѝ објави војна на Србија. Ваквите сеќавања не треба да сугерираат дека регионот секогаш ќе остане експлозивен за останатите во Европа, но дефинитивно останува да биде извор на нестабилност. Ерата на Тито се издвојува како извонреден период на мир и развој, но повоена Југославија беше уништена од должничката криза во 1980-тите, нерешливите прашања на распределба, агресивен национализам што ескалираше со насилство, па дури и обиди за геноцид.

Процесот на проширување на ЕУ запре по интегрирањето на двете земји кои први се одделија од Југославија, а кои порано биле

дел од Хабсбуршката империја, а потоа и од Австро-Унгарија. Состојбата во која се наоѓаме, аналитичарите во Брисел често ја опишуваат (жаргонски) како „незавршена работа", иако тоа, секако, не е најсоодветно. ЕУ и нејзината „геополитичка" Комисија би требало повеќе да ја коментираат состојбата како нецелосна реконструкција. Се соочуваме со регион што е „позелен" и „помлад" од просекот на ЕУ, којшто има многу да ѝ понуди на ЕУ и којшто се бори против стареење на населението и климатските промени.

Се разбира, дури и оние коишто се огорчени од шокот од октомври 2019 година, мора да признаат дека не постои автоматско право за членство во ЕУ. Секако, скептиците за проширувањето треба да го уважат фактот дека постоело конкретно разбирање во врска со спроведувањето на реформите, од една страна (вклучувајќи ја и промената на името на една земја-апликант) и од друга страна, со чекорот на реципроцитет којшто треба да го преземе ЕУ. Тоа е она што „излезе од шините" во 2019 година и секое натамошно одложување (вклучувајќи ја и контроверзијата на Бугарија во врска со јазикот) претставува закана дека сериозно ќе се изгуби кредибилитетот и ќе опадне довербата во Унијата. Примената на Копенхашките критериуми (како што е дефинирано во 1993 година) би овозможила подинамичен напредок, додека ЕУ ќе треба институционално да се подготви за натамошно пристапување на помалите држави.

### Прашање коешто оди пошироко од Западен Балкан

Сепак, не треба само земјите-кандидати да се трансформираат, туку тоа треба да го стори и ЕУ за да овозможи натамошно зачленување на нови држави. Одржувањето на конференција на земјите-членки за иднината на Европа, за нејзиното натамошно проширување, ќе значеше покренување на една главна дебата, ако не и најглавна – интеграцијата на Западен Балкан во ЕУ. Но тоа, сепак, не се случи. Се чини дека учесниците на овие вонредни консултации на ЕУ со граѓаните сметаа дека се поважни другите прашања, од гледна точка на иднината на Европа, а не проширувањето на границите кон Исток или Југоисток.

Но, неиспровоцираната агресија на Русија врз Украина ја поттикна Украинската влада да поднесе барање за членство во ЕУ. Само еден месец порано никој немаше воопшто да зборува за

пристапување на Украина во ЕУ, во овој контекст како нешто реално, но како поддршка на амбицијата на Украинската влада, Европскиот Парламент потврди дека сака Украина да биде „со нас", а следеше и потврда од Европскиот Совет дека Украина му припаѓа на европското семејство. Веднаш по формалната апликација што ја поднесоа властите во Киев, следеше одлука да поднесат барање до ЕУ и Грузија и Молдавија.

Тоа што ја прави украинската апликација посебна е трагедијата и страдањата во војната. Но, тука треба да се потсетиме и на неколку други работи. И порано се случувало земја чијашто територија била делумно под окупација да поднесе барање за членство – како што беше примерот со Кипар. Имаше и други примери на нерешени гранични прашања во време на поднесување на барањето за членство, на пример меѓу Обединетото Кралство и Ирска, меѓу Словенија и Хрватска. Понатаму, и порано постоеле начини како државите да се справуваат со чувството на општа нестабилност, доволно е само да се потсетиме на „Планот Баладур", од 1993 година.

**НЕ ТРЕБА САМО ЗЕМЈИТЕ-КАНДИДАТИ ДА СЕ ТРАНСФОРМИРААТ, ТУКУ ТОА ТРЕБА ДА ГО СТОРИ И ЕУ, ЗА ДА ОВОЗМОЖИ НАТАМОШНО ЗАЧЛЕНУВАЊЕ НА НОВИ ДРЖАВИ. ОДРЖУВАЊЕТО НА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ЗЕМЈИТЕ-ЧЛЕНКИ ЗА ИДНИНАТА НА ЕВРОПА, ЗА НЕЈЗИНОТО НАТАМОШНО ПРОШИРУВАЊЕ, ЌЕ ЗНАЧЕШЕ ПОКРЕНУВАЊЕ НА ЕДНА ГЛАВНА ДЕБАТА, АКО НЕ И НАЈГЛАВНА – ИНТЕГРАЦИЈАТА НА ЗАПАДЕН БАЛКАН ВО ЕУ. НО, ТОА, СЕПАК, НЕ СЕ СЛУЧИ. СЕ ЧИНИ ДЕКА ПОВАЖНИ БЕА ДРУГИТЕ ПРАШАЊА, ОД ГЛЕДНА ТОЧКА НА ИДНИНАТА НА ЕВРОПА, А НЕ ПРОШИРУВАЊЕТО НА ГРАНИЦИТЕ КОН ИСТОК ИЛИ ЈУГОИСТОК. НО, НЕИСПРОВОЦИРАНАТА АГРЕСИЈА НА РУСИЈА ВРЗ УКРАИНА БРЗО ЈА ПОТТИКНА УКРАИНСКАТА ВЛАДА ДА ПОДНЕСЕ БАРАЊЕ ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЕУ**

„Пактот за стабилност во Европа", предлог што потекнува од поранешниот француски премиер Едуар Баладур, беше важна иницијатива на ЕУ изнесена во духот на превентивната дипломатија, со цел да се помогне за стабилизирање на односите помеѓу земјите од поранешниот Варшавски Пакт и да се промовира нивната соработка, а кои, според зборовите на Француската влада, „понатаму може да се поврзат во различен степен со Европската Унија". Планот беше осмислен да ги охрабри земјите од Централна и Источна Европа, кои гледаа кон Запад, со надеж за идно проширување на Унијата, да одржуваат

блиски меѓусебни односи и да продолжат да работат заедно на чувствителни прашања. Во суштина, Пактот за стабилност на Баладур беше направен да понуди рамка во којашто тие би можеле да се обидат да ги решат граничните спорови, да ги решаваат проблемите на малцинствата и да ги развијат односите со Русија во постсоветската ера.

Европската Унија треба да биде отворена за дискусија за можноста за идно членство на земјите од источното соседство, како што, исто така, треба да биде отворена за повторно приклучување на Обединетото Кралство или за, евентуално, во одреден момент, повторно барање за членство од Исланд. Енрико Лета (2022) предложи формирање на европска конфедерација, а Емануел Макрон сега зборува за формирање европска политичка заедница, како можно решение за амбициите на Украина по војната да се интегрира со Запад. Но, таквите поширoки формати на интеграција не би го спречувале реалното приклучување на Украина или на другите земји од поранешниот СССР на подолг рок.

Доколку се случи вистински момент за проширување на ЕУ, имајќи ја предвид војната во Источна Европа, следната деценија може да биде време за носење одлуки да се повикаат на приклучување земјите од Западен Балкан. Во меѓувреме, може да се заврши со обновата на Украина, што не значи само обнова на нејзината инфраструктура туку и воспоставување стабилна демократска политика и конкурентна социјална пазарна економија – способна да се развива на одржлив начин. По ова, може да следи период кога земјите од источното соседство ќе може сериозно да дискутираат за приклучувањето во ЕУ, бидејќи ние заедно имаме капацитет да го оствариме тоа.

Овој текст е ревидирана верзија на предавањето на авторот во Варшава пред учесници во програмата на ФЕПС „Оние кои гледаат" (*Ones to Watch).*

*(Ласло Андор е економист од Унгарија. Од 2010 до 2014 година бил Комесар за вработување, социјални прашања и инклузија во администрацијата на Европската комисија. Во периодот од 2005-*

*2010 година бил член на бордот на директори на Европската банка за обнова и развој, претставувајќи ги: Чешка, Хрватска, Унгарија и Словачка. Дипломирал економски науки на Универзитетот „Корвинус“ во Будимпешта, а подоцна во истата институција работел како професор за економски политики. Постдипломски студии завршил на Универзитетот „Џорџ Вашингтон“ во САД.)*

Превод од англиски јазик: Наталија Куновска Цингарска



# ИСТОРИЈА НА ВОЈНАТА НА РУСИЈА ПРОТИВ УКРАИНА И ПРОТИВ ЦЕЛИОТ ДЕМОКРАТСКИ СВЕТ

НАТАЛИЈА ЗАДОРОЖЊУК

**РУСИТЕ ДУХОВНО, КУЛТУРНО, ИСТОРИСКИ, ЖИВЕАТ ВО СТАРАТА ИМПЕРИЈА. СО ЗАГУБАТА НА УКРАИНА, СЕ УНИШТУВА ВЕКОВНАТА ЛАЖНА ИДЕОЛОГИЈА НА РУСИЈА – ЗА ЗАЕДНИЧКА ИСТОРИЈА, ЗАЕДНИЧКА ЦРКВА, ИТН. ПОКРАЈ ТОА, НА РУСИЈА Ѝ Е ПОТРЕБНА УКРАИНА КАКО КОНТРОЛИРАНА ПРЕЧКА ЗА ШИРЕЊЕ НА: ЗАПАДНИТЕ ВРЕДНОСТИ, СЛОБОДАТА И ДЕМОКРАТИЈАТА ВО РУСИЈА, ВРЕДНОСТИ КОИШТО ГО ЗАГРОЗУВААТ АВТОРИТАРНИОТ РЕЖИМ НА ПУТИН. СИЛНАТА, ПРОСПЕРИТЕТНАТА, ДЕМОКРАТСКАТА УКРАИНА Е СЕРИОЗНА ЗАКАНА ЗА ПУТИНОВИОТ РЕЖИМ. ОД ДРУГА СТРАНА, РУСИЈА, СЕ СТРЕМИ ЗА СМЕТКА НА УКРАИНА ДА ЈА ПОДОБРИ СВОЈАТА ДЕМОГРАФСКА РАМНОТЕЖА БИДЕЈЌИ СЛОВЕНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ ИЗУМИРА И ЕМИГРИРА, А БРОЈОТ НА ДРУГИТЕ НАРОДИ ЗНАЧИТЕЛНО РАСТЕ. СЕГА, ЗА ВРЕМЕ НА ВОЈНАТА, ГИ ГЛЕДАМЕ НИВНИТЕ ЗЛОНАМЕРНИ ДЕЈСТВИЈА – ГИ ПРИНУДУВААТ ЛУЃЕТО ОД ИСТОЧНИТЕ ОБЛАСТИ НА УКРАИНА ДА СЕ ЕВАКУИРААТ ВО РУСИЈА, ГИ НОСАТ УКРАИНСКИТЕ СИРАЧИЊА ВО РУСИЈА**

На 24 февруари 2022 година со инвазијата од големи размери од страна на руската армија започна нова етапа во руско-украинската војна. Ова е народна војна за независност и суверенитет на Украина, која трае од 2014 година. Исто така, ова е војна за избор на цивилизација Украина ја брани својата припадност кон европската цивилизација, а во исто време ги штити основните: вредности, права и слободи кои лежат во срцта на демократскиот свет.

Руската војна против Украина стана предизвик за целиот свет. Инвазијата од страна на Руската Федерација во Украина практично го уништи системот на меѓународната безбедносна архитектура што беше создаден по Втората светска војна.

Основните принципи на: суверенитет, територијален интегритет и правото на нацијата за самоопределување беа брутално прекршени.

Идниот политички систем на целиот свет директно ќе зависи од тоа

**ОД ПОЧЕТОКОТ НА ВОЈНАТА РУСИТЕ ИМААТ КИДНАПИРАНО 2.389 УКРАИНСКИ ДЕЦА, НО ПО ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА ОКУПИРАНИТЕ ТЕРИТОРИИ, ВЕРОЈАТНО, ЌЕ ДОЗНАЕМЕ ЗА МНОГУ ПОГОЛЕМ БРОЈ. ДЕЛУМНО ЗНАЕМЕ КОИ СЕ ОВИЕ ДЕЦА И КАДЕ СЕ НАОЃААТ, ДЕЛУМНО СЕ ВО ТЕК ОПЕРАЦИИ ЗА ПРОНАОЃАЊЕ. ВКЛУЧЕНИ СЕ МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ, МЕЃУ КОИ И МЕЃУНАРОДНИОТ ЦРВЕН КРСТ. ВО РУСИЈА СЕ ФАЛАТ СО ДЕПОРТАЦИЈА НА ОКОЛУ 200 ИЛЈАДИ УКРАИНСКИ ДЕЦА. РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА СООПШТУВА ДЕКА ГИ ЕВАКУИРА ДЕЦАТА ОД ОПАСНИТЕ ПОДРАЧЈА. НО, ДОКОЛКУ ДЕТЕТО БИЛО ЕВАКУИРАНО, ЗА ИСТОТО МОРА ВЕДНАШ ДА СЕ ОБЕЗБЕДАТ СИТЕ ДОКУМЕНТИ, И МОРА ВЕДНАШ ДА СЕ ВРАТИ. ОВА ВО РУСИЈА НИКОЈ НЕМА НАМЕРА ДА ГО НАПРАВИ. ОД ПРАВЕН АСПЕКТ, НЕ МОЖЕМЕ ДА ЗБОРУВАМЕ ЗА ЕВАКУАЦИЈА, ТУКУ ЗА ПРИНУДНО РАСЕЛУВАЊЕ ИЛИ ПРИНУДНА ДЕПОРТАЦИЈА. СПОРЕД ЖЕНЕВСКАТА КОНВЕНЦИЈА, СЕКОЕ РАСЕЛУВАЊЕ Е ЗАБРАНЕТО. ТАКА Е И КОГА ЗБОРУВААТ ЗА МОЖНОСТ ЗА ПОСВОЈУВАЊЕ НА УКРАИНСКИ ДЕЦА ВО РУСИЈА. ВЛАДИМИР ПУТИН, НА 30 МАЈ ПОТПИША УКАЗ СО КОЈ СИРАЧИЊАТА ОД УКРАИНА НА ПОЕДНОСТАВЕН НАЧИН МОЖАТ ДА СТЕКНАТ РУСКО ДРЖАВЈАНСТВО**

како ќе се реши прашањето за руската агресија.

Сепак, невозможно е да се разберат тие дејствија и тие воени злосторства коишто ги извршува Русија во Украина без да се разбере историскиот контекст. Секоја генерација Украинци се бори со обидите на руската империја да нѐ уништи и пороби.

Сѐ започна со Киев. Во 9. век токму со центар во Киев била основана средновековната држава – Рус. Рус се нарекуваше целата територија каде што беше призната власта на киевските кнезови, а тоа се земјите околу Киев (Кијив). Доста подоцна, почнувајќи од 13. век, во земјите на североисток, формирано е Московското кнежество, лулка на модерна Русија. Многу подоцна од Рус-Украина.

Украина и Русија се развивале во различни историски услови, имале влијание од различни соседи. Со тоа се утврдени значајните: културни, политички и идеолошки разлики.

По монголската инвазија во 13. век, историските судбини на териториите на модерна Украина и Русија конечно се разделија. Украинските територии продолжија да се развиваат во европски контекст. Демократија, самоуправа и европско право, верска толеранција, почитување на приватната сопственост. Ова ја определи политичката култура на Украинците. Украинските земји на почетокот биле дел од Големото Литванско Војводство (од средината на 14. до средината на 16. век), а подоцна и од Полско-Литванската државна

заедница (од средината на 16. до средината на 17. век). Посебна светла страница во украинската историја во тие времиња бил феноменот на украинското козаштво и појавата на Запорижската сеча. Повеќето карактеристики на демократија и самоуправа се задржале во козачката држава – Гетманат.

Североисточните земји (Московија) влегле во составот на монголската Златна орда. Формирањето на политичката култура на Московското кнежевство, всушност, било под значително влијание на редот и традициите на ордата со воздигнување на владетелот и целосна послушност кон него, апсолутна доминација на државата, недостаток на приватна сопственост на земјиште и комунален поредок.

Комунистичката пропаганда, многу подоцна, формираше јасни шаблони за прикажување на историјата на Украина. Пред сè, таа требаше да биде додаток на руската историја. Историските настани во Украина требаше да ги копираат руските процеси. Но, да бидат споредни. Оваа пропаганда немаше ништо заедничко со реалноста.

## „Братски народ“ – измислица на руската пропаганда

Што се однесува до современието, Украина е европска земја. Руската пропаганда постојано измислува некакви виртуелни непријатели коишто ги спречуваат Украина и Русија да бидат заедно. Но, не постои никаков непријател. Постои јасниот избор на Украинците да бидат во демократскиот свет. И изборот на Русите да живеат во: тоталитарен, автократски свет, без опозиција, без слобода на говор.

Митовите за „братски народи“ или „еден народ“ се апсолутно вештачки. Концептот на „братски народи“ е болна измислица на советската пропаганда. Тоа е обид насилно да се поврзе украинската историја со руската историја и да се ускрати правото на Украинците да прават свои историски избори. Не постои еден народ. Постојат Украинци и постојат Руси, кои избрале различни патишта за развој.

Украина не зависи од Русија, без разлика колку Русија го сака тоа. Пропагандистите на Путин не можат да разберат дека Украинците не живеат во Русија од 19. век, туку во Европа од 21. век.

Но, руската империја не може да го прифати ова. Конфликтот во Транснистрија, војната во Грузија, војната во источниот дел на Украина и окупацијата на Крим се делови од поголем, системски феномен на руската надворешна политика – рускиот експанзионизам.

Кремљ ги решава своите надворешно-политички задачи и внатрешно-политички задачи, од кои најважни се зацврстување на сферата на влијание на Русија и консолидирање на руското општество околу идејата за руска наддржавност. Русите: духовно, културно, историски живеат во империјата. Со загубата на Украина, се уништува вековната лажна идеологија на Русија – за заедничка историја, за заедничка црква, итн.

Покрај тоа, на Русија ѝ е потребна Украина како контролирана пречка за ширење на западните вредности, слободата и демократијата во Русија, вредности кои го загрозуваат авторитарниот режим на Путин.

Силната, просперитетната, демократската Украина е сериозна закана за Путиновиот режим. Покрај тоа, Русија, се стреми за сметка на Украина да ја подобри својата демографска рамнотежа (словенското население изумира и емигрира, а бројот на другите народи значително расте). Сега, за време на војната, ги гледаме нивните злонамерни дејствија – ги принудуваат луѓето од источните области на Украина да се евакуираат во Русија, ги носат украинските сирачиња во Русија.

Од почетокот на војната Русите имаат киднапирано 2.389 украински деца, но по ослободувањето на окупираните територии, веројатно, ќе дознаеме за многу поголем број.

Делумно знаеме кои се овие деца и каде се наоѓаат, делумно се во тек операции за пронаоѓање. Вклучени се меѓународни организации, меѓу кои и Меѓународниот Црвен крст. Но, овие бројки што денес ги објавуваме се приближни, бидејќи сè уште не сме влегле во окупираните територии. Овие бројки може да се зголемат многу пати.

Во Русија се фалат со депортација на околу 200 илјади украински деца. Руската федерација соопштува дека ги евакуира децата од опасните подрачја. Но, доколку детето било евакуирано, за истото мора веднаш да се обезбедат сите документи, мора веднаш да се врати. Ова во Русија никој нема намера да го направи.

Од правен аспект, воопшто не можеме да зборуваме за евакуација. Зборуваме за принудно раселување (ако се работи за окупираните територии на Украина) или за принудна депортација (ако е во областите на Русија). Се разбира, за законитоста на таквата

постапка воопшто не може да се зборува, затоа што, според Женевската конвенција, секое раселување е забрането.

Така е и кога зборуваат за можност за посвојување на украински деца во Русија. Со оглед на тоа што Руската федерација ја ратификуваше Конвенцијата на ООН за правата на детето, според чл. 21, секоја земја гарантира дека постапката за усвојување се спроведува во согласност со сите правила и со дозвола на специјалниот орган на земјата кој е овластен да го стори тоа. Во Украина, според Семејниот законик, Националната социјална служба е овластеното тело, но во оваа служба не добиле никакви барања за обезбедување дозвола за посвојување деца од Украина.

Претседателот на Русија, Владимир Путин, на 30 мај потпиша указ со кој сирачињата од Украина на поедноставен начин можат да стекнат руско државјанство. Ова е срамна одлука.

## Ѕверства што не се опишуваат со зборови

Нема зборови со кои може да се опишат ѕверствата што Русија ги врши на територијата на Украина. Тоа се акти на геноцид, злосторства против човештвото.

Во најскоро време во Украина ќе биде отворена канцеларија на Меѓународниот кривичен суд (МКС), со цел да се истражуваат злосторствата извршени за време на руската војна.

На 17 мај во Украина беа испратени до сега најголем број експерти од Канцеларијата на обвинителството на Меѓународниот кривичен суд и специјалисти од Холандија. Покрај шесте земји кои се членки на Заедничкиот истражен тим (Полска, Литванија, Латвија, Естонија, Словачка, Украина), уште 13 земји спроведуваат истраги. „Ние не можеме да ги

**СТРАШНИ РАБОТИ СЕ СЛУЧУВААТ ВО УКРАИНА, ВО ЕВРОПА, ВО 21. ВЕК. РУСИТЕ НЕ ВОЈУВААТ ТОЛКУ ПРОТИВ ВОЈНИЦИ, ТУКУ МАСОВНО УНИШТУВААТ: ЦИВИЛИ, МИРНИ ГРАДОВИ И СЕЛА. ЦЕЛИОТ СВЕТ СЛУШНА И ГО ВИДЕ УНИШТУВАЊЕТО НА УКРАИНСКИТЕ: МАРИУПОЛ, БОРОДЈАНКА, ИРПИН, И МНОГУ ДРУГИ НАСЕЛЕНИ МЕСТА, КОИ ЕДНОСТАВНО ФИЗИЧКИ БЕА УНИШТУВАНИ. БЕА ИСКОПАНИ МАСОВНИ ГРОБНИЦИ ЗА УБИЕНИТЕ. РУСИТЕ СИЛУВААТ ЖЕНИ, ДЕЦА. НО, КОБНАТА ГРЕШКА НА ПУТИН Е ТОА ШТО ИСПРАТИ „РОБОВИ“ ДА ГИ ОСЛОБОДУВААТ ВЕЌЕ СЛОБОДНИТЕ ЛУЃЕ. НИЕ СМЕ НА СВОЈА ЗЕМЈА И НЕМАМЕ ДРУГ ИЗБОР ОСВЕН ДА СЕ БОРИМЕ И ДА ПОБЕДИМЕ. НА ЕДНА СТРАНА Е ОСАМЕНАТА РУСИЈА, ИЗОЛИРАНА ОД ЦЕЛИОТ ЦИВИЛИЗИРАН СВЕТ, А НА ДРУГА СТРАНА Е УКРАИНА, НА ФРОНТОТ НА ОВАА ЦИВИЛИЗАЦИСКА ВОЈНА**

толерираме злосторствата што ги гледаме во Украина", изјави претседателот на Меѓународниот кривичен суд, Карим Кан.

Русите не војуваат толку против војници, колку што масовно уништуваат цивили, мирни градови и села. Целиот свет слушна и го виде уништувањето на украински: Мариупол, Бородјанка, Ирпин и многу други населени места, кои едноставно физички беа уништувани. Беа ископани масовни гробници, Русите силуваат жени, деца.

Страшни работи се случуваат во Украина, во Европа во 21. век.

Но, кобната грешка на Путин беше тоа што тој испрати „робови" да ги ослободуваат веќе слободните луѓе. Ние сме на своја земја и немаме друг избор освен да се бориме и да победиме. На една страна е осамената Русија, изолирана од целиот цивилизиран свет, а на друга страна е Украина, на фронтот на оваа цивилизациска војна.

Веќе победивме историски и идеолошки. Единственото нешто што би сакала е тоа да се случи што е можно поскоро, бидејќи во прашање се: човечки животи, мирни украински градови и села, смрт на украински деца. Затоа сега е најважно да се удри режимот што е можно побргу и поболно. Тоа го прават Украина и целиот свет.

## Вклучително и пријателска Северна Македонија

Благодарни сме ѝ на Северна Македонија за јасната поддршка на Украина, како на ниво на Владата, така и на ниво на Парламентот, политичките партии, невладините организации, водечките медиуми и граѓанското општество. Посебно би сакала да му се заблагодарам на вашиот бизнис и финансиски сектор за организирање на хуманитарна помош за Украина. Целото ваше општество нерамнодушно одговори на нашата трагедија. Се јавуваат обични луѓе, доаѓаат во амбасадата и нудат сместување на нашите луѓе кои бегаат од војната. Ние сме многу благодарни. Украинците никогаш не го заборават доброто.

Што се однесува до политичката поддршка, на 3 март 2022 година, Собранието на Република Северна Македонија ја усвои Декларацијата за поддршка на Украина и осуда на Русија.

Владата донесе одлука: да го затвори воздушниот простор за руските авиони, да ја спречи достапноста на руските телевизиски канали, да протера 11 руски дипломати, да го суспендира дипломатското присуство во Руската Федерација на ниво на амбасадор, да воведе визен режим за руските граѓани од 16 март 2022 година.

Република Северна Македонија се приклучи кон сите санкции на Европската Унија против Русија. Северна Македонија ги поддржува сите одлуки поврзани со исклучување или ограничување на учеството на Русија во меѓународните организации.

На 27 април 2022 година, при посетата на Украина, претседателот на Македонскиот парламент, Талат Џафери, официјално ги нарече геноцид дејствијата на Руската Федерација на територијата на Украина.

**РУСКАТА ПРОПАГАНДА ПОСТОЈАНО ИЗМИСЛУВА НЕКАКВИ ВИРТУЕЛНИ НЕПРИЈАТЕЛИ КОИШТО ГИ СПРЕЧУВААТ УКРАИНА И РУСИЈА ДА БИДАТ ЗАЕДНО. НО, НЕ ПОСТОИ НИКАКОВ НЕПРИЈАТЕЛ. ПОСТОИ ЈАСНИОТ ИЗБОР НА УКРАИНЦИТЕ ДА БИДАТ ВО ДЕМОКРАТСКИОТ СВЕТ. И ИЗБОРОТ НА РУСИТЕ ДА ЖИВЕАТ ВО: ТОТАЛИТАРЕН, АВТОКРАТСКИ СВЕТ, БЕЗ ОПОЗИЦИЈА, БЕЗ СЛОБОДА НА ГОВОР. МИТОВИТЕ ЗА „БРАТСКИ НАРОДИ“ ИЛИ „ЕДЕН НАРОД“ СЕ АПСОЛУТНО ВЕШТАЧКИ, БОЛНА ИЗМИСЛИЦА НА СОВЕТСКАТА ПРОПАГАНДА. ТОА Е ОБИД НАСИЛНО ДА СЕ ПОВРЗЕ УКРАИНСКАТА ИСТОРИЈА СО РУСКАТА ИСТОРИЈА И ДА СЕ УСКРАТИ ПРАВОТО НА УКРАИНЦИТЕ ДА ПРАВАТ СВОИ ИСТОРИСКИ ИЗБОРИ. НЕ ПОСТОИ ЕДЕН НАРОД. ПОСТОЈАТ УКРАИНЦИ И ПОСТОЈАТ РУСИ КОИ ИЗБРАЛЕ РАЗЛИЧНИ ПАТИШТА ЗА РАЗВОЈ. УКРАИНА НЕ ЗАВИСИ ОД РУСИЈА, БЕЗ РАЗЛИКА КОЛКУ РУСИЈА ГО САКА ТОА. ПРОПАГАНДИСТИТЕ НА ПУТИН НЕ МОЖАТ ДА РАЗБЕРАТ ДЕКА УКРАИНЦИТЕ НЕ ЖИВЕАТ ВО РУСИЈА ОД 19. ВЕК, ТУКУ ВО ЕВРОПА ОД 21. ВЕК**

На 9 мај 2022 година, премиерот на Република Северна Македонија, Димитар Ковачевски, сними видео обраќање до украинскиот народ по повод Денот на сеќавањето и победата, со поддршка за Украина.

На 17 мај, претседателот на Северна Македонија, Стево Пендаровски, со писмо упатено до претседателот Володимир Зеленски, изрази недвосмислена поддршка за Украина во борбата против руската агресија и аспирациите на Украина да добие статус на земја-кандидат за членство во Европската Унија.

На 27 мај, министерот за надворешни работи на Република Северна Македонија, Бујар Османи, ја посети нашата земја и изрази јасна поддршка за Украина во спротивставувањето на руската агресија.

Им благодариме на: Министерството за здравство, збратимените градови, деловните структури, компаниите, финансиските организации, невладините организации, Црвениот крст, на обичните граѓани, за обезбедувањето на хуманитарна помош за Украина.

### Цивилизираниот свет против тиранијата

Со заеднички напори мораме да го победиме ова зло. Сепак, треба да размислуваме и за иднината, но прво треба да одговориме на прашањето зошто ова можеше да се случи во цивилизирана Европа во 21. век?

Можеби затоа што постојните безбедносни механизми не се доволно ефикасни во борбата против автократијата и тиранијата. Нема заштита од злото и насилството. Правото на сила е посилно од силата на правото.

Кој е излезот? Војната во Украина покажа дека демократскиот свет мора да биде посилен од автократските, тирански режими. Цивилизираниот свет мора заеднички и жестоко да ѝ се спротивстави на тиранијата. Тоа треба да се направи преку зајакнување на постојните сојузи и здруженија. Преку зајакнување на НАТО, преку зајакнување на Европската Унија. Генерално, треба да зајакне евроатлантското единство.

Европската Унија ќе стане посилна примајќи ги во својот состав Украина и земјите од Западен Балкан.

Треба да се преиспитаат инструментите и механизмите за донесување одлуки во водечките меѓународни структури. Покрај ЕУ и НАТО, тоа се: ООН, ОБСЕ, Советот на Европа, и други. Дали механизмот за консензус во донесувањето одлуки функционира или треба да се замени, на пример, со квалификувано мнозинство. Можеби треба се преиспита потребата од ставање вето за земјите од Советот за безбедност на ООН, и слично.

Мора да се воспостават такви општи безбедносни гаранции за секоја земја, за да не биде возможно посилните да ги диктираат своите услови. И ова е врвен приоритет за сите нас – за оние на кои: демократските вредности, човековите права и слободниот избор им се приоритет.

Убедена сум дека сите ние – демократските земји, заедно ќе победиме во оваа војна со Русија и заедно ќе формираме праведни меѓународни механизми и инструменти за праведен развој на секоја држава.

*(Наталија Задорожњук е амбасадорка на Украина во Република Северна Македонија.)*



# УКРАИНСКАТА КРИЗА И РУСКИОТ ГАС КАКО ОРУЖЈЕ ЗА ПОЛИТИЧКИ ЦЕЛИ

МИТКО АНДРЕЕВСКИ

**ВО УСЛОВИ НА ДРАМАТИЧНА ЕКОНОМСКА И ЕНЕРГЕТСКА ГЛОБАЛНА КРИЗА, ЗНАЧЕЊЕТО НА ПРОЕКТОТ „АЛЕКСАНДРОПОЛИ“ Е УШТЕ ПОГОЛЕМО. ЦЕНИТЕ НА ЕНЕРГЕНСИТЕ НЕЗАПИРЛИВО РАСТАТ, А СКОКОТ ОД 18 ЕВРА ПО MWH НА НАД 200 ЕВРА ПО MWH, СО ЗНАЧАЈНО ПОВИСОКИ ДНЕВНИ ПИКОВИ, Е ГОЛЕМ УДАР ЗА СЕКОЈА ЕКОНОМИЈА. ВО НЕДОСТИГ НА РУСКИ ГАС СЕ ЗГОЛЕМУВА ПОБАРУВАЧКАТА НА ТЕЧЕН ПРИРОДЕН ГАС НА ПАЗАРИТЕ ВО АЗИЈА, ШТО, СЕ РАЗБИРА, ИМА ЕФЕКТ НА ФОРМИРАЊЕТО НА ЦЕНАТА. ДОПОЛНИТЕЛНО, САНКЦИИТЕ ОД ЕУ КОН РУСИЈА СЕ ОЧЕКУВА ДА РЕЗУЛТИРААТ СО МОЖЕН ПРЕКИН НА ПРИСТАПОТ ДО: ПРИРОДЕН ГАС, ЈАГЛЕН И НАФТА, А ИСТОВРЕМЕНО И ДО НАТАМОШЕН СКОК НА ЦЕНИТЕ. СЕТО ОВА СОЗДАВА НЕИЗВЕСНОСТ НА ПОДОЛГ РОК ВО ГЛОБАЛНИ, НО И ДОМАШНИ РАМКИ**

*Украина, главна артерија за транзит на природен гас кон Европа во времето на поранешниот СССР.*

### 2005 година, Украина

Почетокот на политичките промени што започнаа во Украина во 2005 година, со „Портокаловата револуција“, ја навести првата гасна криза. Државите од Југоисточна Европа останаа без испорака на природен гас кој транзитираше низ Украина, главната артерија за трансфер на овој енергенс во тие години. Уште тогаш стана јасно дека гасот ќе се користи за политички притисок кон Украина, но и кон другите земји од ЕУ, кои немаат друг извор и алтернатива во снабдувањето. Двете страни почнаа меѓусебно да се обвинуваат за причините, што доведе до судски спор.

ЕУ во тоа време немаше заеднички одговор на гасната криза –туку напротив,  секоја земја-членка продолжи да потпишува директни долгогодишни договори со „Гаспром“, по различна методологија за

формирање на цените, за условите и за начинот на плаќање. Во такви креирани односи не се работеше за слободен пазар, ниту за комерцијални договори. Ниту, пак, станувaше збор за креирање конкурентност на пазарите за природен гас.

„Гаспром“ и Руската Федерација почнаа да развиваат нови коридори за испорака на природен гас, како во северниот дел на Европа, така и кон јужниот.

До првите несогласувања помеѓу ЕУ и „Гаспром“ дојде во текот на изградбата на гасоводот „Јужен поток“, проект чија цел беше да ја заобиколи Украина и да направи „бајпас“ за достава на гас до Југоисточна Европа. Во тоа време ЕУ ги преферираше гасоводите „Набуко“ (од Турција до Австрија) и „ТАП“ („Транс Адриатик Пајплајн“).

## Улогата на Германија во периодот 2005-2021 година и гасните кризи

Ако внимателно се анализираат циклусите на политички промени во Германија, слободно може да се заклучи дека по Парламентарните избори во 2005 година кога на позицијата канцелар стапи Ангела Меркел, а која замина во 2021 година, Руската Федерација и „Гаспром“ секогаш ги користеа политичките смени за создавање криза преку испораките и цената на енергенсот. Така, во 2005 година, кога канцеларката Меркел, речиси, сè уште не беше седната во својот кабинет, почна гасната криза во Украина. Тогаш нејзиниот претходник Герхард Шредер беше назначен за претседател на бордот во „Гаспром“.

Во 2021 година, по 16 години поминати на позицијата канцелар на Република Германија, г-ѓа Меркел го најави своето заминување во политичка пензија. Во истиот момент почнаа проблеми со испораката на гас од „Гаспром“. Цената за 1 мвтч беше 15 €, но набргу почна да бележи раст, во август 2021 година стигна до 50 € за 1 мвтч, во октомври беше 74 € за 1 мвтч, за на 7 март 2022 година да достигне неверојатни 227 € за 1 мвтч.* (Извор: TTF)

Зошто токму Германија беше одбрана да биде лакмус што ќе ги одреди движењата во политичка и во енергетска смисла? Затоа што Германија е единствена земја од големата „четворка“ во ЕУ (покрај: Франција, Италија и Шпанија) со преку 40 % зависност од руски гас. Германија нема ниту еден терминал за течен природен

гас што би значело сигурност во снабдувањето и баланс на цената. Германија во тоа време имаше и многу блиски врски со Руската Федерација и „Гаспром“. Поранешниот канцелар Герхард Шредер е очигледен пример за тоа, како и изградбата на „Северен поток“ 1 и 2, гасоводи што ја направија Германија исклучително ранлива во однос на изворите на природен гас што доаѓаат од Русија.

По Изборите во Германија во 2021 година и формирањето на новата коалициска Влада, во која партиципираат и „Зелените“, стана јасно дека Русија и „Гаспром“ нема да имаат веќе толкаво влијание како претходно. Со почеток на војната во Украина, пак, стана јасно дека Германија ќе мора да се реши за диверзификација на изворите за снабдување со гас и за итна изградба на 4 терминали за течен природен гас.

**ЗОШТО ТОКМУ ГЕРМАНИЈА БЕШЕ ОДБРАНА ДА БИДЕ ЛАКМУС ШТО ЌЕ ГИ ОДРЕДИ ДВИЖЕЊАТА ВО ПОЛИТИЧКА И ВО ЕНЕРГЕТСКА СМИСЛА? ЗАТОА ШТО ГЕРМАНИЈА Е ЕДИНСТВЕНА ЗЕМЈА ОД ГОЛЕМАТА „ЧЕТВОРКА“ ВО ЕУ (ПОКРАЈ: ФРАНЦИЈА, ИТАЛИЈА И ШПАНИЈА) СО ПРЕКУ 40 % ЗАВИСНОСТ ОД РУСКИ ГАС. ГЕРМАНИЈА НЕМА НИТУ ЕДЕН ТЕРМИНАЛ ЗА ТЕЧЕН ПРИРОДЕН ГАС ШТО БИ ЗНАЧЕЛО СИГУРНОСТ ВО СНАБДУВАЊЕТО И БАЛАНС НА ЦЕНАТА. ГЕРМАНИЈА ИМАШЕ И МНОГУ БЛИСКИ ВРСКИ СО РУСИЈА И „ГАСПРОМ“. ПОРАНЕШНИОТ КАНЦЕЛАР ГЕРХАРД ШРЕДЕР Е ОЧИГЛЕДЕН ПРИМЕР ЗА ТОА, КАКО И ИЗГРАДБАТА НА „СЕВЕРЕН ПОТОК“ 1 И 2. НО, ПО ИЗБОРИТЕ ВО 2021 ГОДИНА И ФОРМИРАЊЕТО НА НОВАТА КОАЛИЦИСКА ВЛАДА ВО БЕРЛИН, ВО КОЈА ПАРТИЦИПИРААТ И „ЗЕЛЕНИТЕ“, СТАНА ЈАСНО ДЕКА РУСИЈА И „ГАСПРОМ“ НЕМА ДА ИМААТ ПОВЕЌЕ СИЛНО ВЛИЈАНИЕ КАКО ПОРАНО. СО ВОЈНАТА ВО УКРАИНА, ПАК, СТАНА ЈАСНО ДЕКА ГЕРМАНИЈА ЌЕ МОРА ДА СЕ РЕШИ ЗА ДИВЕРЗИФИКАЦИЈА НА ИЗВОРИТЕ ЗА ГАС И ИТНА ИЗГРАДБА НА 4 ТЕРМИНАЛИ ЗА ТЕЧЕН ПРИРОДЕН ГАС**

## Република Северна Македонија и гасните проекти

„Јужен поток“ е проект на „Гаспром“ за испорака на природен гас преку Црното Море, до копното на Бугарија, по што се разгранува во два правца: кон север низ Србија, Унгарија, со крајна дестинација гасниот хаб „Баунгарнер“ во Австрија, и кон југ – во Грција, преку Албанија, со крајна дестинација Италија.

Политичкиот естаблишмент во Македонија во тоа време, во 2012 година, потпиша преддоговор за учество на државата во проектот и добивање крак од гасоводот „Јужен поток“, иако за тој гасовод се велеше дека ќе создаде дополнителна и долгогодишна зависност од Русија.

Во 2013 година, неколку години по првите гасни кризи, кога стана

јасно дека постојат различни аршини за утврдување на цената од „Гаспром", презентиран е проектот „Александрополи", терминал за течен природен гас што ќе овозможи регасификација и диверзификација во снабдувањето со природен гас на земјите од Југоисточна Европа, а пред сè, на земјите од Балканот. По реализацијата на „ТАП" („Транс Адриатик Пајплајн") што експортираше гас од Азербејџан кон Грција и Италија, овој проект за нов гасен терминал отвори можност за алтернатива во снабдувањето со гас, вон дотогашната 100 % зависност од „Гаспром".

**ПРОЕКТОТ „АЛЕКСАНДРОПОЛИ" ИМА РЕГИОНАЛЕН КАРАКТЕР, ГИ ВКЛУЧУВА: ГРЦИЈА, БУГАРИЈА, СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, РОМАНИЈА, СРБИЈА И ДРУГИ ЗЕМЈИ, А БИ ТРЕБАЛО ДА ОБЕЗБЕДИ СИГУРНО И БЕЗБЕДНО СНАБДУВАЊЕ СО ПРИРОДЕН ГАС. ОВОЈ ПРОЕКТ Е ФИНАНСИСКИ ПОДДРЖАН ОД ЕУ СО 169 МИЛ. ЕВРА. ЗА ПРВПАТ НА БАЛКАНСКИОТ ПОЛУОСТРОВ СЕ ДЕЛУВА ЗАЕДНИЧКИ, МЕЃУ ПОЛИТИЧКИОТ ЕСТАБЛИШМЕНТ ОД СИТЕ ДРЖАВИ, ШТО Е ДОПОЛНИТЕЛЕН ЗНАК ДЕКА ОВОЈ ПРОЕКТ ИМА СВЕТЛА ИДНИНА И ГАРАНТИРАН УСПЕХ. НЕСПОРЕН Е ФАКТОТ ДЕКА ОД ПОЧЕТОКОТ НА ЕНЕРГЕТСКАТА КРИЗА „АЛЕКСАНДРОПОЛИ" СЕ ИЗДВОЈУВА И КАКО СТРАТЕШКИ ПРОЕКТ ОД ОБЛАСТА НА ЕНЕРГЕТИКАТА ЗА РЕГИОНОТ. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ПРВПАТ, ВО 30-ГОДИШНАТА НЕЗАВИСНОСТ, УЧЕСТВУВА ВО ЗНАЧАЕН СТРАТЕШКИ ПРОЕКТ ОД ОБЛАСТА НА ЕНЕРГЕТИКАТА, ЗАЕДНО СО СВОИТЕ СОСЕДИ**

Во 2017 година е договорен „Интерконектор" со Грција. Сè погласни беа критиките и отвореното противење кон реализацијата на „Јужен поток", а сè погласни беа изјавите од Европската Унија како поддршка на проектот „Александрополи".

Соочен со недоволната поддршка, дури и противење да се реализира проектот „Јужен поток", руската компанија „Гаспром" го промени првичниот проект и склучи директен договор со Турција, нарекувајќи го „Турски стрим". Целта на новиот зафат беше снабдување на Турција, но и заобиколување на Украина, но и достава на гасот што до тогаш го користеа: Бугарија, Грција, Македонија и Србија преку новиот гасовод „Турски поток".

Во 2017 година, по смената на власта во Република Македонија, почна комуникацијата со грчките колеги од „Систем операторот за природен гас" за можноста земјава да се приклучи кон грчкиот систем – оператор на природен гас. Набргу по решавањето на проблемот со името, во 2018 година, двете влади му дадоа приоритет

на овој проект, а ЕУ одобри грант-компонента за негова реализација.

Со ова се создадоа предуслови за алтернативно снабдување со природен гас на државата и намалување на целосна зависност од руски гас.

### Платформата „Александрополи“, нов голем капацитет

Проектот „Александрополи“ има регионален карактер, односно ги вклучува: Грција Бугарија, Северна Македонија, Романија, Србија и други земји, а би требало да обезбеди сигурно и безбедно снабдување со природен гас. Овој проект финансиски е поддржан од ЕУ во висина од 169 мил. евра, со што Унијата покажува колку овој проект е вреден за регионот и за Европа. За прв пат на Балканскиот Полуостров се делува заеднички, помеѓу политичкиот естаблишмент од сите држави, што е дополнителен знак дека овој проект има светла иднина и гарантиран успех. Неспорен е фактот дека од почетокот на енергетската криза, „Александрополи“ се издвојува и како стратешки проект од областа на енергетиката за регионот. Оттука, се очекува дека ќе предизвика позитивни промени во севкупната енергетска слика на регионот. За Македонија ова е прв пат во 30-годишната независност да одлучи да учествува во значаен стратешки проект од областа на енергетиката, заедно со своите соседи.

Гасниот терминал има капацитет од 6.5 милијарди нм3 гас годишно. За да биде појасно – тоа е количина на гас што, условно кажано, денес целосно би ги задоволила потребите на: Бугарија, Македонија и дел од Грција. Со таков нов капацитет и дополнителна количина на гас секоја економија во регион ќе ги почувствува бенефитите на либерализираниот пазар.

Во услови на драматична економска и енергетска глобална криза, значењето на овој проект е уште поголемо. Цените на енергенсите незапирливо растат, а скокот од 18 евра по MWh, на над 200 евра по MWh, со значајно повисоки дневни пикови е голем удар за секоја економија. Во недостиг на руски гас, се зголемува побарувачката на течен природен гас на пазарите во Азија, што, се разбира, има ефект врз формирањето на цената. Дополнително, санкциите од ЕУ кон Русија се очекува да резултираат со можен прекин на пристапот до: природен гас, јаглен и нафта, а истовремено и до натамошен скок на цените. Сето ова создава неизвесност на подолг рок во глобални,

но и домашни рамки. Северна Македонија, согласно последниот Извештај на Светската банка покажува висок степен на ранливост од зголемувањето на цената на увозните енергенси, бидејќи увозот има значаен дел во вкупната потрошувачка на енергија.

Во вакви околности проектот „Александрополи“ добива стратешко значење за Северна Македонија и ќе придонесе кон диверзификација на изворите за снабдување со гас.

### Лажни вести за „Александрополи“

Но, и покрај очигледните поволности, проектот „Александрополи“ во последно време е „бомбардиран“ со: лажни вести, погрешни бројки и проценти, неточни проекции за цената на гасот, невистини дека проектот не е заснован врз физибилити студија, дека е прескап, дека чини 700 мил. евра, итн. Во услови на вистинска и сурова војна на тлото на Европа, „бомбите“ од лажни вести се со познати мотиви, од одредени кругови во нашето општество. Но, фактите за проектот „Александрополи“ се следните:

- Терминалот не ја утврдува цената на гасот, туку тоа го утврдува пазарот, т.е. понудата и побарувачката;
- Терминалот има физибилност бидејќи ваков тип проекти спаѓаат во регулирана дејност и имаат гарантиран профит во точно определен процент, утврден од регулаторната комисија. Притоа, 60 % од капацитетот е закупен, а „маркет тестот“ е позитивно завршен;
- Терминалот не продава гас, туку создава услови за продавање гас од трговците на природен гас („Бритиш Петролеум“, „Шел“, „Шиниир“, „Катаргас“, и др.) на балканскиот пазар, а му прави и конкуренција на досегашниот „ексклузивец“ – „Гаспром“.

Ваквата конкуренција и зголемена понуда на гас во регионот неминовно ќе доведе до пад на цената на природниот гас во наредниот период, односно ќе придонесе кон значајно стабилизирање на цената на природниот гас на среден, до долг рок. Најважно за нашата економија е што ќе придонесе да се постигне еднаква цена со економиите во регионот, за разлика од до сега, кога секоја држава има одредена цена и тоа значајно утврдена од други неекономски фактори, како, на пример – политичките движења. Така,

инпутот на енергија во финалниот производ во: Србија, Бугарија и Грција беше многу понизок од тој во Македонија.

Проекциите се дека гасот од „Александрополи“ ќе потече за 20 месеци. До тогаш, Македонија нема други гасни врски и втор снабдувач, освен „Гаспром“. Но, доколку прекине испораката на гас – еднострано и без причина од страна на руски „Гаспром“, притоа нарушувајќи го постојниот договор, тогаш ќе се создадат услови и ние како втора договорна страна да не го почитуваме договорот со „Гаспром“, и тоа по однос на капацитет, при што можеме да повлечеме гас преку бугарскиот оператор за пренос на гас.

Ситуацијата е сложена, неизвесноста е голема и тоа за целиот регион. Верувам дека ЕУ ќе биде внимателна и постепено ќе воведува дополнителни санкции кон Русија (што не значи откажување од санкциите), за да се добие време за создавање услови за алтернативни решенија.

### Алтернативни решенија

Конечно, постојат технички можности, а постои и начин како да се надмине, односно да се ублажи овој проблем. Бугарија е без достава на гас од Русија од 27 април, а до денес (15 јуни 2022 година) немаше недостаток за ниту еден клиент. Така ќе биде и за Македонија. Два танкера со течен природен гас, со приближно 300 милиони кубни метри се испорачани од САД, како поддршка за Бугарија.

**ПРОЕКТОТ „АЛЕКСАНДРОПОЛИ“ Е „БОМБАРДИРАН“ СО: ЛАЖНИ ВЕСТИ, ПОГРЕШНИ БРОЈКИ И ПРОЦЕНТИ, НЕТОЧНИ ПРОЕКЦИИ ЗА ЦЕНАТА НА ГАСОТ, НЕВИСТИНИ ДЕКА ПРОЕКТОТ НЕ Е ЗАСНОВАН ВРЗ ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА... НО, ФАКТИТЕ ЗА ЕДЕН ОД НАЈЗНАЧАЈНИТЕ ЕНЕРГЕТСКИ ПРОЕКТИ ВО РЕГИОНОТ ВСУШНОСТ ВЕЛАТ:**

- **ТЕРМИНАЛОТ НЕ ЈА УТВРДУВА ЦЕНАТА НА ГАСОТ, ТУКУ ТОА ГО УТВРДУВА ПАЗАРОТ Т.Е. ПОНУДАТА И ПОБАРУВАЧКАТА;**
- **ТЕРМИНАЛОТ ИМА ФИЗИБИЛНОСТ БИДЕЈЌИ ВАКОВ ТИП ПРОЕКТИ СПАЃААТ ВО РЕГУЛИРАНА ДЕЈНОСТ И ИМААТ ГАРАНТИРАН ПРОФИТ ВО ТОЧНО ОПРЕДЕЛЕН ПРОЦЕНТ, УТВРДЕН ОД РЕГУЛАТОРНАТА КОМИСИЈА. ПРИТОА, 60 % ОД КАПАЦИТЕТОТ Е ЗАКУПЕН, А „МАРКЕТ ТЕСТОТ“ Е ПОЗИТИВНО ЗАВРШЕН;**
- **ТЕРМИНАЛОТ НЕ ПРОДАВА ГАС, ТУКУ СОЗДАВА УСЛОВИ ЗА ПРОДАВАЊЕ ГАС ОД ТРГОВЦИТЕ НА ПРИРОДЕН ГАС („БРИТИШ ПЕТРОЛЕУМ“, „ШЕЛ“, „ШИНИИР“, „КАТАРГАС“, И ДР.) НА БАЛКАНСКИОТ ПАЗАР, А МУ ПРАВИ И КОНКУРЕНЦИЈА НА ДОСЕГАШНИОТ „ЕКСКЛУЗИВЕЦ“ – „ГАСПРОМ“**

Ни претстои „тешка“ зима, но имаме време да се подготвиме со неколку сценарија. Дали тоа ќе го направиме!? Одговорноста е кај Владата и носителите на одлуки по овие прашања. Но, верувам дека сериозноста на ситуацијата ќе наложи во носењето одлуки да се вклучат вистинските познавачи на енергетскиот пазар.

Во развојот на гасоводни дистрибутивни мрежи до сега, за жал, Македонија го изгуби чекорот. Сега е доцна за такви проекти заради агендата на ЕУ за декарбонизација на европскиот континент до 2050 година. Дистрибутивните системи имаат лиценциран период од 35 години заради бавниот поврат на инвестицијата, што значи – немаме време за изградба на такви системи. Останува да се посветиме на довршување на магистралните водови и поврзување со соседите – што ќе ја направи оваа држава транзитна земја на природен гас. И, секако, останува поврзувањето на големите индустриски и енергетски постројки кои веќе ги имаме.

Другата опција се обновливите извори на енергија, за што во последните неколку години во Македонија и регионот има засилена инвестициска активност. Ако институциите направат сценарио за прифаќање на овие проекти и создадат услови за нешто како „енергетска револуција со зелени обновливи системи“ – тогаш ќе бидеме на вистинскиот пат. Гасификацијата подразбира и производство и користење на водород, кој се очекува да биде гасот на иднината на оваа планета. Ако за ова постои општ консензус – зошто да не бидеме лидери и промотори на таков проект во Македонија, по примерот на проектот „Александрополи“?!

*(Митко Андреевски е советник за енергетски прашања на премиерот на Република Северна Македонија. Тој е основач и генерален директор на компанијата „CNG Systems“ којашто: произведува, работи и извезува опрема за енергетски проекти. Застапник е за имплементирање на нови технологии при снабдувањето со природен гас.)*





# МИНАТО ИЛИ ИДНИНА – ШТО ИЗБИРААТ РАЗВИЕНИТЕ ЗЕМЈИ, А ШТО ЗЕМЈИТЕ ВО РАЗВОЈ НА ЕВРОПСКИОТ КОНТИНЕНТ

АЛЕКСАНДАР ДЕДИНЕЦ
АЛЕКСАНДРА ДЕДИНЕЦ

**ЕДЕН ОД ЗАКЛУЧОЦИТЕ НА СВЕТСКИОТ ЕКОНОМСКИ ФОРУМ ВО ДАВОС ЗА ТОА КАКО ДА СЕ РЕШИ ЕНЕРГЕТСКАТА КРИЗА НА ДОЛГ РОК Е ДЕКА НЕ ТРЕБА ДА СЕ БАРА НАЧИН КАКО ДА СЕ ЗАМЕНИ ИЗВОРОТ НА ФОСИЛНИТЕ ГОРИВА И НАЧИНОТ НА СНАБДУВАЊЕ СО НИВ ТУКУ ДА СЕ ЗАБРЗА ТРАНЗИЦИЈАТА. МАКЕДОНИЈА И ДРУГИТЕ ЗЕМЈИ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН ИМААТ ИСТОРИСКА МОЖНОСТ ДА СМЕНАТ МНОГУ РАБОТИ, МАКСИМАЛНО ДА ЈА ИСКОРИСТАТ КРИЗАТА, А НЕ ДА СЕ ПОВТОРУВА МИНАТОТО. ЗА РЕШЕНИЈАТА ШТО ЌЕ СЕ ДОНЕСАТ СЕГА ДА НЕ ДОВЕДАТ ДО НОВА ЕНЕРГЕТСКА КРИЗА ЗА ОВИЕ ЗЕМЈИ ВО БЛИСКА ИДНИНА**

Светот многупати досега се соочувал со кризи од различен карактер. Само во последните 15 години сведоци сме на четири сериозни кризи, глобалната финансиска криза 2008-2009 година, Европската должничка криза во 2012, КОВИД пандемија 2020-2021 и последната во низата - војната во Украина 2022 година. Секоја од овие кризи има свои специфики, но сите имаат заеднички именител: намалена продуктивност, намален бруто домашен производ, зголемена задолженост, зголемени социјални трансфери односно субвенции во најразлични форми и страв кај граѓаните што ќе се случува и како ќе се преживее.

Сите овие кризи се пропратени и со енергетски кризи. Меѓутоа, слободно може да се каже дека енергетската криза поврзана со КОВИД пандемијата,  на која се надоврза војната во Украина е прва од ваков тип, односно прва криза која ги опфаќа сите енергенти. Во минатото имаше енергетски кризи, но обично зафаќаа само еден енергент. На пример кризата во 1973 година е поврзана со нафтените деривати кои во тоа време биле движечки за растот на економијата, или кризата во 2009 година, поврзана со природниот

гас, кога Русија ја стопираше испораката на гас што поминува низ гасоводот во Украина.

Македонија не е имуна на ниту една од посочените кризи, напротив, како увозно зависна држава постојано е на удар од глобалните случувања. На пример, во годишниот извештај на Регулаторната комисија за енергетика од 2009 година, се опишува:

„Во јануари 2009 година, за прв пат се соочивме со гасна криза, односно имавме прекин во снабдувањето со природен гас, настанат заради спорот меѓу Русија и Украина, земја низ која поминува магистралниот гасовод наменет за испорака на рускиот природен гас во регионот на југо-источна Европа како и за потребите од природен гас на Република Македонија. Прекинот во испораката на природниот гас предизвика целосен застој во процесот на производство на компаниите Макстил АД Скопје и на ФЗЦ 11 Октомври – Куманово, заради неможноста од користење на алтернативно гориво. Останатите корисници приклучени на системот за пренос на природен гас немаа поголеми последици од гасната криза бидејќи беа во можност да се преадаптираат, главно на алтернативно гориво – мазут. Како последица на оваа гасна криза во текот на Јануари 2009 година на тарифните и квалификуваните потрошувачи се испорачаа 5.113.309 нм3 наместо планираните 22.108.259 нм3 .“

Но ова не е единствената последица од Глобалната финансиска криза во 2009 година за Македонија. Во истиот извештај на Регулаторната комисија за енергетика, може да се види дека цената на нафтените деривати се зголемиле и тоа на бензинот за околу 40% и за прв пат бензинот во Македонија се продава по цена од 66 МКД/литар, додека дизелот се зголемува за 26% и достигнува цена од 50 MKD/литар. Овој тренд на поскапување на нафтените деривати продолжува и во 2010 година кога бензинот достигнува вредност од 75 МКД/l, а дизелот 62MKD/l. 2012 година се случува нова криза на ниво на Европа, цените во Македонија продолжуваат со трендот на зголемување и во еден момент достигнуваат вредност од 90MKD/l (бензин) односно 74.5 MKD/l (дизел). Во следните неколку години следува период на опаѓање на цените и релаксирање на пазарот на нафтени деривати.

## Како државите ги решаваат моментите на криза

Да се вратиме на кризата во 1973 година. Голем број земји во светот бараа алтернативни начини за замена на нафтените деривати и промена на процесите во индустријата. Односно почнаа да ги заменуваат нафтените деривати со природен гас, јаглен и нуклеарна енергија. Голем дел се ориентираа кон она што им е на располагање дома, на пример САД се ориентираат пред се кон јаглен, а Франција ја воспостави својата нуклеарна програма. Иако во тоа време енергетската ефикасност речиси не постоеше, Франција им препорача на луѓето да ги загреваат своите домови на температура од 200С.

Исто како и во 1973 година, кога голем број од развиените земји се насочиле кон развој на нови технологии во тоа време и во 2021 и 2022 година истите тие се насочуваат кон забрзан развој на нови технологии што упатува на тоа дека повеќе од очигледно е дека ја имаат научено лекцијата. Она што е интересно е дека во периодот од 2017 до 2020 година инвестициите во чисти технологии се зголемувале во просек  за 2% годишно за во 2021 година да пораснат за околу 18% во однос на 2020 година (сл. 1). Според Меѓународната агенција за енергетика, инвестициите на светско ниво за 2022 година се планира да достигнат 2400 милијарди евра од кои околу 60% се инвестиции во чисти технологии (обновливи извори, енергетска ефикасност, складирање на енергија итн.). Електричните возила драстично го зголемуваат својот удел во нови продадени возила, а хидрогенот на голема врата влегува во ЕУ иако неговото помасовно користење е планирано за по 2025 година.

Слика 1. Годишни инвестиции во чисти технологии во енергетиката на глобално ниво




Извор: Меѓународна агенција за енергетика

Македонија и регионот некако потешко учат да живеат и да се справуваат со кризите. Уште повеќе, во криза се прават нелогични и брзи потези преку обиди за целосно менување на политиките зацртани во стратешки документи и без да се погледне поширока та слика, развојот на пазарот и подолгорочните насоки на движење. Во време на криза, да, треба да се делува проактивно, но тоа не значи дека драстично треба да се менуваат правците на развој во државата во надеж дека со стари технологии ќе успееме долгорочно да се справиме со кризата и акумулираните проблеми во енергетскиот сектор.

Регионот почна масовно да го зголемува производството на електрична енергија од термоелектраните на јаглен. Пример за тоа се : Србија која увезува јаглен од Црна Гора, Северна Македонија која увезува јаглен од Косово, Косово кое размислува за зголемување на производството од термоелектраните на јаглен, Босна и Херцеговина која извезува електрична енергија од јаглен и планира зголемување на своите производни капацитети за да може во време на криза да заработи поголеми средства. Но, не само овие земји, туку и некои земји од ЕУ решија да активираат одредени капацитети на јаглен, како Грција, Полска па дури и Германија.

**РЕГИОНОТ ПОЧНА МАСОВНО ДА ГО ЗГОЛЕМУВА ПРОИЗВОДСТВОТО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ТЕРМОЕЛЕКТРАНИТЕ НА ЈАГЛЕН. ПРИМЕР ЗА ТОА СЕ : СРБИЈА КОЈА УВЕЗУВА ЈАГЛЕН ОД ЦРНА ГОРА, СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КОЈА УВЕЗУВА ЈАГЛЕН ОД КОСОВО, КОСОВО КОЕ РАЗМИСЛУВА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДСТВОТО ОД ТЕРМОЕЛЕКТРАНИТЕ НА ЈАГЛЕН, БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА КОЈА ИЗВЕЗУВА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ЈАГЛЕН И ПЛАНИРА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СВОИТЕ ПРОИЗВОДНИ КАПАЦИТЕТИ ЗА ДА МОЖЕ ВО ВРЕМЕ НА КРИЗА ДА ЗАРАБОТИ ПОГОЛЕМИ СРЕДСТВА. НО, НЕ САМО ОВИЕ ЗЕМЈИ, ТУКУ И НЕКОИ ЗЕМЈИ ОД ЕУ РЕШИЈА ДА АКТИВИРААТ ОДРЕДЕНИ КАПАЦИТЕТИ НА ЈАГЛЕН, КАКО ГРЦИЈА, ПОЛСКА ПА ДУРИ И ГЕРМАНИЈА**

Германија тоа пред се го прави за да го зголеми производството на електрична енергија од термоелектраните на јаглен и за да може природниот гас, чиј проток Русија и го намали, а кој се користи за производство на електрична енергија, да го насочи кон складиштата на природен гас и да ги наполни за да може полесно да ја помине зимата 2022/2023 година. Но, ЕУ во ниту еден момент не излезе со документи со кои ги ревидираше целите за обновливи извори на енергија, енергетска ефикасност и емисии на стакленички гасови за 2030

година, туку напротив се зборува тие да се зголемат, што упатува на тоа дека искористувањето на термоелектраните на јаглен се само привремени мерки, а не долгорочни. ЕУ напротив, донесе стратегија за соларна енергија со која секој нов објект од 2029 година на својот покрив ќе мора да има инсталирано фотонапонски панели, заедно со топлински пумпа (инвертер клима уреди) и батерија за складирање на вишокот произведена енергија. Оваа обврска за реконструираните објекти од јавниот сектор ќе важи од 2025 година.

## Како функционира пазарот на електрична енергија

Активирањето на централите на јаглен никако нема да донесе пониски цени во ЕУ, затоа што јаглеродниот данок е превисок што значи дека производната цена од термоелектраните на јаглен само ќе ја продлабочи кризата наместо да ја ублажи. Активирањето на електраните не е од аспект на намалување на цената на електрична енергија како што се пласира во јавноста, туку првенствено од аспект на сигурно снабдување и задоволување на зголемената потрошувачка на електрична енергија, како што впрочем посочи и Сојузниот министер за економски прашања и климатски активности на Германија на Глобалниот економски форум во Давос, и од аспект на ублажување на енормните берзански ценовни скокови. Имено, производната цена на електричната енергија од термоелектраните на јаглен во ЕУ достигнува над 150 EUR/MWh, додека производната цена на електрична енергија од обновливи извори како фотонапонски и ветерни електрани е околу 50-60 EUR/MWh.

Дополнително, нешто што треба да се знае за земјите од Западен Балкан е тоа што ЕУ планира да го воведе јаглеродниот данок на своите граници. Тоа значи ако се извезува електрична енергија кон земја која е членка на ЕУ тогаш ќе треба да се плати јаглероден данок. Исто така, индустријата која произведува производи кои се добиени со користење на фосилни горива пред да влезат во ЕУ ќе мора да плати данок.

Како и ЕУ, така и регионот и Македонија не можат да ја надминат енергетската криза со подолгорочно враќање кон јагленот. Производството од јаглен во наредните децении ќе биде се поскапо и инвестициите во отворање на нови рудници или нови електрани на јаглен ќе бидат залудно потрошени средства. Затоа не треба да се избрзува со донесување на одлуките кои може да не доведат во

**КАКО И ЕУ, ТАКА И РЕГИОНОТ И МАКЕДОНИЈА НЕ МОЖАТ ДА ЈА НАДМИНАТ ЕНЕРГЕТСКАТА КРИЗА СО ПОДОЛГОРОЧНО ВРАЌАЊЕ КОН ЈАГЛЕНОТ. ПРОИЗВОДСТВОТО ОД ЈАГЛЕН ВО НАРЕДНИТЕ ДЕЦЕНИИ ЌЕ БИДЕ СЕ ПОСКАПО И ИНВЕСТИЦИИТЕ ВО ОТВОРАЊЕ НА НОВИ РУДНИЦИ ИЛИ НОВИ ЕЛЕКТРАНИ НА ЈАГЛЕН ЌЕ БИДАТ ЗАЛУДНО ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА. ЗАТОА НЕ ТРЕБА ДА СЕ ИЗБРЗУВА СО ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ КОИ МОЖЕ ДА НЕ ДОВЕДАТ ВО СИТУАЦИЈА ДА СРЕДСТВА ОД МАКЕДОНИЈА И ДРУГИТЕ ЗЕМЈИ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН СЕ ПЛАЌААТ НА ЕУ И ПАК КАКО И ВО МИНАТОТО ДА ГО ФИНАНСИРАМЕ РАЗВОЈОТ НА НОВИ ТЕХНОЛОГИИ НА ДРУГИТЕ ДРЖАВИ**

ситуација да средства од Македонија и другите земји од Западен Балкан се плаќаат на ЕУ и пак како и во минатото да го финансираме развојот на нови технологии на другите држави.

Има примери за нелогични потези, од блиското минато на Северна Македонија кои на долг рок не донесоа позитивни промени. Имено кога цената на нафтените деривати се зголемуваше и уриваше рекорди за тоа време, се дозволи увоз на половни возила, кои да, беа поефикасни од постојните, но кои значително ја зголемија потрошувачката на нафтени деривати во Македонија, а со тоа се овозможи и одлив на големи средства надвор од земјата. Имено, ако во Македонија до 2008 година во транспортниот сектор се трошеа околу 400 ktoe нафтени деривати, во 2012 има зголемување за 12%, тренд кој продолжува и во годините по 2012 за да во 2019 година достигне 90% повеќе потрошувачка на нафтени деривати споредено со 2008 година.  Дополнително на ова, поминаа околу 13 години од кризата на природен гас, а во Македонија не се презедоа ја благовремен мерки ка за диверзификација на снабдувањето со природен гас.

## Како до поголема енергетска независност и до намалување на притисокот врз цените на енергентите

Како што е наведено во текстот погоре, кризата во 1973 година, принудила голем број држави да се пренасочат кон други извори на енергија кои што ги имале во своите држави. Македонија до 2000 година 100% од електричната енергија ја произведуваше од сопствени електроцентрали, но што се случи потоа. Почнувајќи од 2001 па се до 2022 година ние сме во постојан тренд на зголемување на увозната зависност од електрична енергија. Во некои години увозната зависност достигнува и до 35% иако потрошувачката

на електрична енергија е зголемена за околу 20%. Во овој период се изградени три термоелектрани топлани (сите тие работат на природен гас кој што е увозно гориво), а од друга страна производството од термоелектраните на јаглен е намалено за 65% во Битола или од околу 4200 GWh во 2007 година на 1864 GWh, додека Осломеј од 660 GWh во 2007 година во 2020 произвел околу 97 GWh, а во 2016 година произвел само 26 GWh. Осломеј во 2021 година работеше на увозен јаглен и достигна производство од 214 GWh.

Со други зборови сме ја зголемиле увозната зависност за цели 20 процентни поени во рок од 15 години (2005-2020, сл. 2), а во 2021 и 2022 година се очекува да биде уште поголема како резултат на увозот на мазут и природен гас за производство на електрична енергија.

Слика 2. Увозна зависност на Македонија




Извор: драфт верзија на програмата за реализација на стратегијата за развој на енергетиката на Република Северна Македонија

Ова само покажува дека ние како држава не учиме од нашите грешки, а уште помалку од грешките кои ги направиле другите држави.

Македонија, но и другите земји од Западен Балкан немаат голем избор, имаат јаглен, сонце, ветар, вода и биомаса. Ако се исклучи јагленот во Македонија кој го има во се помали количини, тогаш

ни остануваат само обновливите извори на енергија кои пак се доста непредвидиливи во делот на производство на електрична енергија. Истражувањата и развојот на новите технологии носат и нови решенија на проблемите. Време е да не се повторуваат грешките од минатото и конечно да почнеме да фатиме чекор со земјите кои се развиени. Само така можеме да имаме додадена вредност и во економијата, но и во развој и користење на нови технологии. Никој не сака да користи компјутер со пентиум процесор повеќе, а и не може да се купи на пазарот, сите сакаат да користат нов компјутер со најдобар процесор и во најголем број случаи луѓето и ги купуваат. Зошто тоа не би било случај и во енергетиката.

Европската унија излезе со цели за 2020 година со кои зацрта да ги намали емисиите на стакленички гасови за 20% споредено со нивото во 1990 година, да ја зголеми енергетската ефикасност за 20% и учеството на ОИЕ во бруто финалната потрошувачка на енергија да биде 20%. Целите на ЕУ се уште поамбициозни за 2030, а за 2050 година се планира да биде првиот карбонски неутрален континент.

Зошто Македонија да не го следи примерот на ЕУ, кога веќе се соочува со исти проблеми - немање доволно домашни извори на енергија, како иста заедничка цел - максимално намалување на увозната зависност. Ова е всушност и еден од постулатите во новата стратегија за енергетика која што Владата на Република Северна Македонија ја усвои во 2019 година, а го опфаќа периодот до 2040 година. Потребно е инвестирање во обновливи извори на енергија, енергетската ефикасност со крајна цел намалување на увозната зависност, почист воздух и намалување на емисиите на стакленички гасови.

Повеќе од потребни се овие инвестиции не само во Македонија туку и во регионот. Македонија ја има поставена законската регулатива, но потребен е и нов пристап кон инвестициите во обновливи извори на енергија. Потребно е да се гарантира долгорочно производство со што е можно пониска цена. Тоа подразбира дека треба да му се даде слобода на инвеститорот да учествува на пазарот на електрична енергија, но не да прави големи екстра профити, односно кога цената на електричната енергија на пазарот е над одредена цена, производителот да уплаќа одредена сума во фонд кој би се користел потоа за ранливи категории на граѓани, развој на нови технологии или инвестирање во обновливи извори на енергија.

Сите земји од Западен Балкан разгледуваа можности за поголем продор на обновливи извори на енергија и затоа не треба никако да се вртат кон старите технологии туку да го задржат курсот што го започнаа. Само така ќе обезбедат евтина електрична енергија за своите граѓани, ќе ја намалат увозната зависност, но и ќе го сочуваат јагленот за некои идни времиња ако има потреба да го активираат.

## Како граѓаните да се заштитат од ценови шокови и да помогнат во време на криза

Да се сменат сијалиците и да се премине на ЛЕД. Треба да се забрани продажбата на сијалици со вжарено влакно во Македонија како што е направено во многу земји. Нема потреба да ги има повеќе затоа што тие сијалици само ги збунуваат луѓето. Не се во никој случај поевтини особено што сега има на пазарот лед сијалици и за 50 МКД.

Исто како и за сијалиците, потребно е да се оданочуваат со повисока стапка или да се забрани секаков вид на електрични греалки и панелки кои што се евтини да се купат, но загревањето на нив е прескапо, од една страна, а од друга страна го оптеретуваат електроенергетскиот систем и ја зголемуваат потрошувачката на електрична енергија. Потребно е субвенционирањето за клима уреди инвертери да продолжи и понатаму, затоа што тоа е единствениот начин да се забрза транзицијата. Греење на инвертер не е греење на електрична енергија туку на обновлив извор на енергија со најниска цена.

Најголем потрошувач во домот е бојлерот за топла вода. Мора да се оптимизира неговата потрошувачка. Ако има техничка можност потребно е да се замени со сончев колектор инвестиција која се враќа за само 2 години или да се стави само тајмер на постојниот бојлер што ќе работи за време на евтина тарифа и тоа само

**ЗОШТО МАКЕДОНИЈА ДА НЕ ГО СЛЕДИ ПРИМЕРОТ НА ЕУ, КОГА ВЕЌЕ СЕ СООЧУВА СО ИСТИ ПРОБЛЕМИ И ЦЕЛИ: НЕМАЊЕ ДОВОЛНО ДОМАШНИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА И ПОТРЕБА ОД МАКСИМАЛНО НАМАЛУВАЊЕ НА УВОЗНАТА ЗАВИСНОСТ. ОВА Е ЕДЕН ОД ПОСТУЛАТИТЕ ВО НОВАТА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА ШТО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЈА УСВОИ ВО 2019 ГОДИНА, А ГО ОПФАЌА ПЕРИОДОТ ДО 2040 ГОДИНА. ПОТРЕБНО Е ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА, ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ СО КРАЈНА ЦЕЛ НАМАЛУВАЊЕ НА УВОЗНАТА ЗАВИСНОСТ, ПОЧИСТ ВОЗДУХ И НАМАЛУВАЊЕ НА ЕМИСИИТЕ НА СТАКЛЕНИЧКИ ГАСОВИ**

во утрински часови пред да се спремат луѓето за на работа. Нема потреба да работи од 10 навечер до 6 наутро затоа што малкумина се тушираат во 3 по полноќ.

Потребно е да се заменат старите фрижидери од пред 30 години. Инвестицијата што се враќа за максимум две-три години. Особено популарните длабоки замрзнувачи или сандаци.

При купување на електрични уреди подобро е да се издвојат 1000 MKD плус и да се купи уред со највисока класа. Новите машини за перење речиси и да немаат потрошувачка на електрична енергија таа е сведена на минимум.

При купување на возила да внимаваат граѓаните, а и дистрибутерите на возила, да купуваат што е можно поефикасни возила, а не најголеми и луксузни возила кои се нудат на пазарот по ниски цени. Понудата за електрични возила и возила со приклучок на пазарот секојдневно се зголемува, затоа потребно е да се купуваат овие возила, се разбира тие кои можат тоа да го направат.

Еден од заклучоците на Светскиот економски форум во Давос за тоа како да се реши енергетската криза на долг рок е дека не треба да се бара начин како да се замени изворот на фосилните горива и начинот на снабдување со нив туку да се забрза транзицијата. Македонија и другите земји од Западен Балкан имаат историска можност да сменат многу работи и треба кризата максимално да се искористи, а не да се повторува минатото.  Не треба решенијата кои ќе се донесат сега да доведат до нова енергетска криза за овие земји во блиска иднина.

*(Александар Дединец е доктор на науки и работи како научен соработник во Истражувачкиот центар за енергетика и одржлив развој при Македонската академија на науките и уметностите. Тој е експерт во секторите: енергија, енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија и климатски промени.*

*Александра Дединец е доктор на науки и работи како доцент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". Нејзиното поле на истражување се: моделирање на енергетски системи, паметни мрежи и машинско учење.)*



# КРИЗА ПО КРИЗАТА: КАКО И ЗОШТО СЕ СОЗДАДЕ И КАКО ДА СЕ ЛЕКУВА?

ВАНЧО УЗУНОВ

**АКО ПОСТОИ ЕДНА РАБОТА КОЈАШТО ВЛИЈАЕ НЕГАТИВНО ВРЗ ЕКОНОМСКИТЕ ТЕКОВИ НА СЕКОЕ НИВО – НА НИВО НА ГРАЃАНИН И НЕГОВОТО ДОМАЌИНСТВО, НА ДЕЛОВНО НИВО (ФИРМИТЕ БЕЗ РАЗЛИКА НА ДЕЈНОСТА И ГОЛЕМИНАТА), НА НИВО НА ДРЖАВИ (МАЛИ, СРЕДНИ И ГОЛЕМИ), И НА НИВО НА МЕЃУНАРОДНИ ФИРМИ И ИНТЕГРАЦИИ (ПАЗАРИ) – ТОА Е НЕИЗВЕСНОСТА! НЕИЗВЕСНОСТА Е „ОТРОВ" ЗА ЕКОНОМИЈАТА. БИДЕЈЌИ, ВО ЕКОНОМСКИ СИСТЕМ БАЗИРАН ВРЗ ПАЗАР, А ДЕНЕС, РЕЧИСИ, СИТЕ ЕКОНОМИИ ВО СВЕТОТ СЕ ТАКВИ, ПЕРФОРМАНСИТЕ ЗАВИСАТ, ПРЕД СЀ, ОД ОЧЕКУВАЊАТА НА ГРАЃАНИТЕ И ЕКОНОМСКИТЕ АГЕНТИ. АКО СЕ ТИЕ НЕСИГУРНИ И НЕПРЕДВИДЛИВИ, ТОГАШ И: ПЕРФОРМАНСИТЕ, ЕФЕКТИТЕ И ЦЕНИТЕ СЕ НЕПРЕДВИДЛИВИ. НО, ЗА РАЗЛИКА ОД ПЕРФОРМАНСИТЕ, ЦЕНИТЕ ИМААТ ЕДНА „МАНА": ПРИ НЕПРЕДВИДЛИВОСТ И НЕИЗВЕСНОСТ, НИВНАТА ТЕНДЕНЦИЈА Е ПОВЕЌЕ КОН ПОРАСТ ОТКОЛКУ КОН ПАД, ШТО Е СОСЕМА ЛОГИЧНО**

## Вовед

Во последните две-три години зборот *криза* стана секојдневно употребуван термин. Во најбуквална смисла на зборот, кризата влезе во животите на сите луѓе на планетата: во нивните домови, на работните места, во деловните субјекти, во владините институции, па дури и на местата за забава. Речиси сѐ е подредено на нејзиното величество – кризата. Се разбира, таа криза не ја заобиколи ниту нашата држава.

Криза и кризно доба не се поволен амбиент за живеење. Напротив. Речиси никој не им се радува, освен мал број луѓе кои (мислат дека) знаат како да ја искористат таа ситуација. Покрај тоа, ниту оваа криза, како и ретко која претходна, не е само економска појава. Можеби почнува како таква, но веднаш ги опфаќа сите аспекти на животот на граѓаните. Токму заради тоа сега огромен број граѓани се прашуваат: Што да се (на)

прави? Економистите ја гледаат и проучуваат кризата од економски аспект; политиколозите од политички и безбедносен аспект; социолозите од социјален аспект, итн. А, нивните одговори, иако често се преплетуваат, сепак и се разликуваат. Така, прашањето, како и грдата реалност, остануваат актуелни. Да се надеваме, а тоа е последното што ни останува, за не премногу долго време.

Имајќи ги предвид воведниве напомени, овој труд има за амбиција, во обемот, а со тоа и длабочината, што ги дозволува просторот, да проба да фрли малку светлина на актуелната криза во Република Северна Македонија. Така, во продолжение, прво станува збор за тоа како и зошто се создаде оваа криза со која живееме, а потоа за решенијата и мерките што може да бидат преземени за нејзиното надминување. Притоа, заради полето на мојата стручна профилираност, кризата е набљудувана од економски аспект, толку колку што тој може да се одвои од останатите аспекти. И, уште само една воведна забелешка: текстот претставува објективна анализа пренесена со стил и јазик наменети за широката јавност, а не првенствено за економистите.

### Што ја предизвика и што значи актуелната криза?

Актуелната криза во која живееме не претставува изолирана појава, ниту појава што се создаде сама по себе и одненадеж. Да беше така, совладувањето на кризата ќе беше многу полесно. Меѓутоа, една од најбитните карактеристики на оваа криза е фактот што таа се надоврза на претходната криза, се надгради. Се прави голема грешка кога работите не се гледаат на тој начин. Впрочем, педантните анализи одат и уште подалеку, во смисла на барање на корените на сегашната криза во периодите пред кризата што настапи заради пандемијата на Ковид 19. Во случајот на РСМ, тоа не претставува непотребна „педантерија“, бидејќи ние имавме и политичка криза само неколку години пред пандемијата и само што почнавме да се соземаме од неа. Меѓутоа, тука, сепак, ќе биде доволно да почнеме само од кризата заради пандемијата.

Второ, за објаснување на кризата со која живееме мора да се појде и од состојбите во светската економија. Впрочем, нашата економија е толку мала што, фактички, не влијае врз ништо во светот. Но, спротивно на тоа, кога во светот (особено во Европа) ќе почне да се случува нешто, како, на пример, криза, тоа има огромно

влијание врз нашата економија. Така се исцртува и втората битна дефиниран карактеристика на актуелната криза: фактот дека кај нас таа е, во многу голем дел, „увезена“, а не е создадена дома како резултат на конкретни (некои) грешки на економската политика. И, повторно е жално што кризата не е создадена дома, бидејќи тогаш совладувањето ќе беше многу полесно.

Корона пандемијата во светот, покрај сите невини човечки животи што ги зеде и страдањата на граѓаните што ги предизвика, направи голем хаос во вкупните економски текови во целиот свет. Прво, заради рестрикциите и „затворањата“ (*lockdown*), се изгуби голем дел од потенцијалното ново богатство (нов доход) што можеше да биде создадено. Кога луѓето не работат толку колку што можат, дел од стоките и услугите што би ги создале се изгубени, па, во просек, сите луѓе стануваат посиромашни (иако некои поединци токму тогаш направија вистинско богатство, тоа не го менува заклучокот). Второ, заради намалената продукција и намалениот обем на транспорт се намали потрошувачката на енергенси, а со тоа паднаа и цените на енергенсите. Трето, за да не се почувствува негативниот ефект од рестрикциите врз доходите (животниот стандард) на граѓаните со сета силина, речиси сите држави во светот направија големи емисии на пари, односно создадоа нова вредност изразена во пари (финансиски инструменти), зад која немаше реална основа (стоки и услуги). Тоа звучи како намерно создавање на инфлација и, во основа, тоа е точно, но факт е дека тогаш немаше инфлација. Напротив, дури имаше и дефлација. Сепак, тоа не беше феномен, бидејќи кога луѓето имаат пари но не ги трошат (заради другите ефекти од пандемијата), цените не растат. Ама, сепак, парите останаа некаде. Четврто, кризата од пандемијата ги наруши или прекина врските во голем дел од, таканаречените, „вредносни вериги“. Се работи за воспоставените односи меѓу: производителите на примарни производи, производителите на полупроизводи, производителите на финални производи и дистрибутерите и трговците, во голем број случаи сите лоцирани во различни држави во светот. Тој ефект беше, а остана и до денес, особено изразен кај производството на стоки, а помалку кај производството на услуги (со исклучок на туризмот, додека некои услуги, типичен пример се „ај-ти“ услугите, доживеаја голем пораст).

Се разбира дека пописот на неповолни (економски) ефекти заради пандемијата во светот може да се продолжи, некому тоа може да му биде и интересно, меѓутоа тука е битен фактот дека така беше поставена „сцената“ (основата) за следната криза. Некои економисти тоа го кажуваа, но желбата (или очекувањата) за завршување на грдата криза од пандемијата, во голем дел ги потиснаа предвидувањата и активностите што, можеби, можеа да бидат преземени во пресрет на она што се насетуваше дека ќе почне.

**Брзо закрепнување, но и нова неизвесност!**

Намалувањето на влијанието на кризата од пандемијата во светот, при што вакцините одиграа клучна улога, но не само заради нив, доведе до релативно брз, дури и неочекувано брз пораст на економскиот раст и на материјалната продукција. И Светска банка прифаќа дека брзината на оздравувањето од пандемијата, што се случи особено во втората половина на 2021 година, ги надмина нејзините предвидувања. Таа оценка важи и за нашата држава. Но, брзото враќање на (барем дел) од работите на претходно ниво создаде нова економска нерамнотежа. Каде? Во два многу клучни сектори: енергијата и храната. Две „нешта“ без коишто никој не може да опстане и коишто секој ги користи секојдневно! Многу интересно (ако некој мисли дека сака да му биде интересно), но уште во последниот квартал на минатата година почна да се случува пораст на цените на енергенсите и на прехранбените производи. А, зошто почна да се случува тоа? Едноставно, нарушените претпандемиски економски текови доведоа до неизвесност за тоа што, и како ќе се случува понатаму. Како ќе се враќа светот во нормала? Ќе има ли доволно (енергенси и храна и други производи)? Всушност, се создаде клучниот збор што ја објаснува сегашната состојба речиси во целиот свет: *неизвесност*!

На таквата подлога, од пред четири месеци се надоврза и војната (нападот) во Украина. Како уште само тоа да недостасуваше! Загубата на човечки животи и страдањата во завојуваните страни во секој случај требаше, и мораше да бидат избегнати. А, за останатиот дел од светот, можеше да биде избегната поголемата економска криза. За жал, тоа не се случи. Но, во тие услови, неизвесноста во економските текови стана „неизвесност на квадрат“, бидејќи станаа уште пореални стравувањата и непредвидливоста дали во светот

ќе има доволно енергија и храна. Прво, бидејќи завојуваните страни (Русија и Украина) се големи производители на енергија и храна, а второ, бидејќи, како одговор на агресијата, голем број држави воведоа санкции кон Русија. Исто така, тука треба да се додаде и фактот што голем број држави во светот имаа започнато брзо преминување кон, таканаречената, „зелена енергија“, односно кон бесфосилни енергенси, што самото по себе е процес обременет со повеќе неизвесности.

Ако постои една работа којашто влијае негативно врз економските текови на секое ниво – на ниво на одделен граѓанин и неговото домаќинство, на деловно ниво (фирмите без разлика на дејноста, големината, и сл.), на ниво на држави (и мали и средни и големи) и на ниво на меѓународни фирми и интеграции (пазари) – тоа е неизвесноста. Неизвесноста е „отров“ за економијата. Во економски систем базиран врз пазар, а денес, речиси, сите економии во светот се такви, перформансите зависат, пред сѐ, од очекувањата на граѓаните и економските агенти. Ако се тие несигурни и непредвидливи, тогаш и перформансите и ефектите и цените се непредвидливи. Но, за разлика од перформансите, цените имаат една „мана“: при непредвидливост и неизвесност, нивната тенденција е повеќе кон пораст отколку кон пад, што е сосема логично.

**КОРОНА ПАНДЕМИЈАТА ВО СВЕТОТ, ОСВЕН НЕВИНИТЕ ЧОВЕЧКИ ЖИВОТИ ШТО ГИ ЗЕДЕ И СТРАДАЊАТА ШТО ГИ ПРЕДИЗВИКА, НАПРАВИ ГОЛЕМ ХАОС ВО ВКУПНИТЕ ЕКОНОМСКИ ТЕКОВИ ВО ЦЕЛИОТ СВЕТ. ПРВО, ЗАРАДИ РЕСТРИКЦИИТЕ И „ЗАТВОРАЊАТА“ (LOCKDOWN) СЕ ИЗГУБИ ГОЛЕМ ДЕЛ ОД ПОТЕНЦИЈАЛНОТО НОВО БОГАТСТВО (НОВ ДОХОД) ШТО МОЖЕШЕ ДА БИДЕ СОЗДАДЕНО. ВТОРО, ЗАРАДИ НАМАЛЕНАТА ПРОДУКЦИЈА И НАМАЛЕНИОТ ОБЕМ НА ТРАНСПОРТ ОПАДНА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЕНЕРГЕНСИ, А СО ТОА ПАДНАА И ЦЕНИТЕ НА ЕНЕРГЕНСИТЕ. ТРЕТО, ЗА ДА НЕ СЕ ПОЧУВСТВУВА НЕГАТИВНИОТ ЕФЕКТ ОД РЕСТРИКЦИИТЕ ВРЗ ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД НА ГРАЃАНИТЕ СО СЕТА СИЛИНА, РЕЧИСИ СИТЕ ДРЖАВИ ВО СВЕТОТ НАПРАВИЈА ГОЛЕМИ ЕМИСИИ НА ПАРИ; ОДНОСНО, СОЗДАДОА НОВА ВРЕДНОСТ ИЗРАЗЕНА ВО ПАРИ, ЗАД КОЈА НЕМАШЕ РЕАЛНА ОСНОВА. ТОА ЗВУЧИ КАКО НАМЕРНО СОЗДАВАЊЕ НА ИНФЛАЦИЈА И, ВО ОСНОВА, ТОА Е ТОЧНО, НО ФАКТ Е ДЕКА ТОГАШ НЕМАШЕ ИНФЛАЦИЈА. НАПРОТИВ, ДУРИ ИМАШЕ И ДЕФЛАЦИЈА**

И така, ние сега имаме кризна состојба којашто претставува збир на неколку негативни работи: прво, инфлација, бидејќи растечките цени на енергенсите и храната ги придвижуваат нагоре цените на многу други

производи и услуги; второ, стагнација, т.е. опаѓање на продукцијата и порастот на доходот. Земени заедно тие создаваат, таканаречена, *стагфлација* (инфлација со стагнација, што во вообичаена состојба е спротивставеност, но за објаснување нема простор), којашто создава уште два крајно неповолни ефекти: прво, опаѓање на куповната моќ на граѓаните; и второ, вовед во сиромаштија, особено за ранливите категории на граѓани, со што се создава и сè поголема социјална нееднаквост и неправедност. Ова, заедно, односно како резултат на неизвесноста, е општата слика и на македонската економија денес. Но, тоа, сепак, не е сè. Неизвесноста продолжува и, всушност, никој не знае до кога ќе трае, само знаеме дека долго ќе трае и ние ќе треба да се справуваме со тоа. А, познат е фактот дека продолжената неизвесност води кон хаос, а продолжениот хаос води кон агонија. Сепак, да се надеваме дека нема да стигнеме до тоа.

### Можни решенија и мерки за постојната состојба

Решенијата и мерките на политиката, колку и да се слични меѓу одделни држави, сепак се разликуваат во зависност од специфичните околности. Исто така, решенијата и мерките за било која состојба во економијата вообичаено се разликуваат на две нивоа: што треба да прават индивидуите и фирмите (за себе); и што треба да прави Владата (за сите). Во продолжение, мерките се разделени на тој начин.

*Што може и што треба да прават граѓаните?*

Одговорот на ова прашање е многу едноставен, иако тоа воопшто не е карактеристика за неговото изведување. Имено, во ситуација на неизвесност од тоа што го носи иднината, најрационално е да се биде *рационален*! Тоа е целата „филозофија", а гледано во практична смисла и кажано на македонски јазик, тоа значи да се постапува домаќински. Внимателно за секој трошок, со добро измерување на тоа што е неопходно и колку од тоа е неопходно, а која потрошувачка може да се намали, или да се одложи за во иднина.

Како спротивност на тоа мислење, сум слушнал многу изјави од многу граѓани, меѓу нив и економисти, дека во ситуација на инфлација парите треба да се трошат колку што може побрзо, бидејќи цените во иднина најверојатно ќе пораснат. Ако нешто може да се

купи денес поевтино, тоа е подобро отколку да се чека во иднина кога истото нешто ќе треба да се купи поскапо, кога парите ќе ја изгубат вредноста. Навидум, во тоа има логика. Меѓутоа, дали е секогаш баш така? Не би можел да се согласам со таквиот став за секој случај. Знаете, не е секогаш најбитно само прашањето колку ќе заштедиш, туку и колку ќе потрошиш. Бидејќи, ќе треба да купуваш и во иднина, а дали тогаш ќе имаш пари? Гледаме дека кризата ќе потрае. Она што е неопходно секојдневно (таканаречените нетрајни потрошни добра) тоа мора да се набавува, но од тие добра најчесто не може да се прават големи залихи, па затоа се поставува и прашањето: дали, и како може да се намали нивната потрошувачка? На пример, може да се штеди со намалување на температурата на греење и ладење на станот. Или да се греат и ладат помалку простории. Потребни инвестиции во поевтини (а воедно и повеќе „зелени“) видови на греење и ладење, итн.

*Што може и што треба да прават фирмите?*

Ова е многу широка тема, а бидејќи просторот ми е лимитиран, само неколку збора. Најголем проблем на фирмите во РСМ денес се цените на енергенсите и тој проблем во иднина попрво ќе стане уште поголем. Затоа, потребно е едновремено намалување (рационализирање) на трошењето енергија (што е сам по себе многу сложен потфат), со едновремено инвестирање во сопствено производство на енергија (со вградување на фотоволтаици, и сл.). Покрај тоа, се разбира дека сите напори за подобро организирање на работните процеси, барањето нови пазари, производната диверзификација, итн., сосема се оправдани и неопходни.

Во целина, и како заокружување на ова крајно кусо опишување на можните решенија за индивидуите (домаќинствата) и фирмите, е искажувањето дека „стратегијата“ на очекување и барање од Владата да помогне, или да ги реши (барем намали) проблемите од кризата за сите – што е доста често во РС Македонија – е неисплатлива, па дури и илузорна. Помагање на сите, или колективно решавање на проблемите од страна на Владата, нема да дојде и ниту може и треба да се очекува. Прво, бидејќи тоа е нерационално, а второ, затоа што оваа криза се надоврза на претходната, кога Владата потроши голема сума пари (и од задолжување), па маневарскиот простор на Владата во сегашната ситуација е изразено стеснет.

*Што треба да прави Владата?*

Во случај на криза, Владата има посебна задача. Во таа смисла, согласно направеното разграничување на каузално поврзаните ефекти од спиралата инфлација-стагнација-опаѓање на куповната моќ-растечка сиромаштија, Владата треба да има соодветен пакет-мерки што ќе ги тангира сите наведени аспекти едновремено. За тоа како се прави таков пакет-мерки во економијата постојат голем број теоретски сознанија и искуства, меѓутоа, како и (скоро) секогаш, постојат и различни идеолошки убедувања и ставови кои, пак, економистите, со стручен термин, ги нарекуваат „вредносни судови“. Затоа, мерките се разликуваат во зависност од тоа кој ги препорачува.

**НА ПОСТОЈНАТА ПОДЛОГА, ОД ПРЕД ЧЕТИРИ МЕСЕЦИ СЕ НАДОВРЗА И ВОЈНАТА ВО УКРАИНА. КАКО УШТЕ САМО ТОА ДА НЕДОСТАСУВАШЕ! ЗАГУБАТА НА ЧОВЕЧКИ ЖИВОТИ И СТРАДАЊАТА ВО ЗАВОЈУВАНИТЕ СТРАНИ ВО СЕКОЈ СЛУЧАЈ ТРЕБАШЕ И МОРАШЕ ДА БИДАТ ИЗБЕГНАТИ. А, ЗА ОСТАНАТИОТ ДЕЛ ОД СВЕТОТ, МОЖЕШЕ ДА БИДЕ ИЗБЕГНАТА ПОГОЛЕМАТА ЕКОНОМСКА КРИЗА. ЗА ЖАЛ, ТОА НЕ СЕ СЛУЧИ. НО, ВО ТИЕ УСЛОВИ, НЕИЗВЕСНОСТА ВО ЕКОНОМСКИТЕ ТЕКОВИ СТАНА „НЕИЗВЕСНОСТ НА КВАДРАТ“, БИДЕЈЌИ СТАНАА УШТЕ ПОРЕАЛНИ СТРАВУВАЊАТА И НЕПРЕДВИДЛИВОСТА ДАЛИ ВО СВЕТОТ ЌЕ ИМА ДОВОЛНО ЕНЕРГИЈА И ХРАНА. ПРВО, БИДЕЈЌИ ЗАВОЈУВАНИТЕ СТРАНИ, РУСИЈА И УКРАИНА, СЕ ГОЛЕМИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЕНЕРГИЈА И ХРАНА; А ВТОРО, БИДЕЈЌИ, КАКО ОДГОВОР НА АГРЕСИЈАТА, ГОЛЕМ БРОЈ ДРЖАВИ ВОВЕДОА САНКЦИИ КОН РУСИЈА. ИСТО ТАКА, ТУКА ТРЕБА ДА СЕ ДОДАДЕ И ФАКТОТ ШТО ГОЛЕМ БРОЈ ДРЖАВИ ВО СВЕТОТ ИМАА ЗАПОЧНАТО БРЗО ПРЕМИНУВАЊЕ КОН, ТАКАНАРЕЧЕНА, „ЗЕЛЕНА ЕНЕРГИЈА“, ОДНОСНО КОН БЕСФОСИЛНИ ЕНЕРГЕНСИ, ШТО САМО ПО СЕБЕ Е ПРОЦЕС ОБРЕМЕНЕТ СО ПОВЕЌЕ НЕИЗВЕСНОСТИ**

Во случај на инфлација, мерките на монетарната власт се незаобиколни. Конкретниот избор на инструменти на монетарната политика зависи од природата на инфлацијата, поточно од нејзините основни причинители. Така, бидејќи сегашната инфлација во РСМ, пред сè, е увезена, во смисла дека е создадена преку порастот на цените на увозните енергенси и храна, кои потоа имаат влијание врз порастот на останатите цени – ситуација што економистите ја викаат инфлација создадена од понудата – значи дека монетарната политика не може да биде најглавен (или единствен) механизам за совладување на инфлацијата. Состојбата ќе беше сосем поинаква ако инфлацијата беше предизвикана од преголема домашна побарувачка (односно, беше инфлација

создадена од побарувачката). Но, доколку инфлацијата не почне брзо да се смирува (што не е многу изгледно), сепак ќе мора да доаѓа до натамошно (повеќе од започнатото) „затегнување“ на монетарната политика. Ќе мора да се води политика на „скапи пари“, односно да се влијае врз покачување на каматните стапки преку пораст на, таканаречената, есконтна каматна стапка на НБРСМ. Банките во други држави тоа веќе го преземаат, исто како и Народната банка во РСМ, но сите изгледи се дека таквата политика ќе продолжи. Со други зборови, времето на „евтини пари“ (ниски или нулти каматни стапки) е веќе минато и ние сите ќе мора да се навикнеме да живееме со таквата реалност.

### Економски а не популистички мерки

Бидејќи инфлацијата значи општ пораст на цените, во услови кога доходите на граѓаните не растат (барем не со истата динамика), резултатот е осиромашување на граѓаните. Оттука, следното битно прашање е како да се влијае врз намалување на општиот пораст на цените. Тоа може да се изведе на повеќе начини, но прашањето е кој е економски, а не кој е популистички најисплатлив начин. Во таа смисла, повиците и апелите за замрзнување на цените навистина ќе значат запирање на нивниот пораст, но цената за тоа ќе биде преголема. Зошто? Бидејќи е тоа неодржливо, па ќе дојде до недостаток на понуда. Бадијала е ако производите се евтини ако ги нема (барем недоволно за сите). Тогаш би морала пак да интервенира државата, што за граѓаните, пак, нема да чини помалку, само работите ќе се одложат за во иднина.

Понатаму, во аналоген контекст може да се набљудуваат и повиците и апелите за намалување (или тргање) на давачките кон државата што се вградени во цените – данокот на додадена вредност и акцизите. Имено, со таа мерка ќе дојде до намалување на цените, но по цена на намалување и на буџетските приходи, кои, пак, се битни за одржување на фискалниот начин на влијаење врз ублажување на последиците од кризата (што е разгледан понатаму). Едноставно кажано, доколку Владата не собере доволно приходи од даноци (ДДВ и акцизите во случајот на нашата држава се основните и најиздашните извори на јавни приходи меѓу даночните извори на приходи), тогаш државата ќе мора да се задолжува повеќе, со каматни стапки што во иднина ќе растат (како што беше покажано претходно), што е неисплатливо.

Оттука, за намалувањето на порастот на цените на Владата ѝ останува да влијае врз една друга компонента што се вградува во цените, а тоа се трговските маржи. Во цените на сите производи и услуги, по правило, се вградуваат износите за, таканаречените, производни трошоци (тука се мисли, пред сè, на цените на суровините и полупроизводите, а тие се најчесто определени на странски пазари и тука нашата Влада нема никакво влијание; тие се, едноставно, за нас дадени), како и трошоците за работна сила (но, тие нема да можат да се намалуваат, бидејќи дури тогаш кризата ќе се почувствува крајно силно; прашањето, всушност, е колку тие трошоци ќе растат заради порастот на платите), на што се додаваат и давачките кон државата и трговските маржи. За влијаење врз падот на цените, од сите наведени компоненти во цените, Владата нејефективно и најисплатливо може да влијае врз контрола (замрзнување) на маржите. Едновремено, тоа е и најмногу социјално-праведно.

Од друга страна, претходно наведената рестриктивна монетарна политика што треба да се презема заради кризата, едновремено ќе значи и „ладење“ на економијата и поддржување на стагнацијата на порастот на бруто-домашниот производ. Стагнацијата беше второnaведениот проблем од оваа криза, односно на вториот дел од кованицата стагфлација. Како решение на овој проблем се јавува фискалната политика, која мора да биде во соодветен склад со монетарната политика. Едноставно кажано, фискалната политика треба да поддржува пораст на потрошувачката и на инвестиционата активност. Изведувањето на тоа е сплет на повеќе мерки.

Во однос на поддршката на побарувачката, преку фискалната политика Владата треба да се насочи единствено кон поддршка на ранливите категории граѓани. Бидејќи сите економски издржани и социјално-праведни критериуми даваат оправданост од прифаќањето на селективен, а не на хоризонтален (*one-size-fits-all*) пристап на политиката на поддршка на стандардот на граѓаните. Иако политичко-популистичките критериуми го кажуваат спротивното. Владата треба, преку повеќе пакети на социјална помош, да ја поддржува платежната способност на потрошувачката на оние групи граѓани коишто живеат под линијата на сиромаштија, како и на оние коишто се наоѓаат блиску над таа линија, но коишто кризата, инфлацијата, и сл., можат да ги турнат под националната линија (праг) на сиромаштија.

**БИДЕЈЌИ СЕГАШНАТА ИНФЛАЦИЈА ВО РСМ, ПРЕД СЀ Е УВЕЗЕНА, СОЗДАДЕНА ПРЕКУ ПОРАСТОТ НА ЦЕНИТЕ НА УВОЗНИТЕ ЕНЕРГЕНСИ И ХРАНА, ШТО ПОТОА ИМА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОРАСТОТ НА ОСТАНАТИТЕ ЦЕНИ – СИТУАЦИЈА ШТО ЕКОНОМИСТИТЕ ЈА ВИКААТ ИНФЛАЦИЈА СОЗДАДЕНА ОД ПОНУДАТА – ЗНАЧИ ДЕКА МОНЕТАРНАТА ПОЛИТИКА НЕ МОЖЕ ДА БИДЕ НАЈГЛАВЕН, ИЛИ ЕДИНСТВЕН, МЕХАНИЗАМ ЗА СОВЛАДУВАЊЕ НА ИНФЛАЦИЈАТА. СОСТОЈБАТА ЌЕ БЕШЕ СОСЕМ ПОИНАКВА АКО ИНФЛАЦИЈАТА БЕШЕ ПРЕДИЗВИКАНА ОД ПРЕГОЛЕМА ДОМАШНА ПОБАРУВАЧКА. НО, ДОКОЛКУ ИНФЛАЦИЈАТА НЕ ПОЧНЕ БРЗО ДА СЕ СМИРУВА (ШТО НЕ Е МНОГУ ИЗГЛЕДНО), СЕПАК ЌЕ МОРА ДА ДОЈДЕ ДО НАТАМОШНО „ЗАТЕГНУВАЊЕ“ НА МОНЕТАРНАТА ПОЛИТИКА. ЌЕ МОРА ДА СЕ ПРОДОЛЖИ СО ПОЛИТИКАТА НА „СКАПИ ПАРИ“, ОДНОСНО ДА СЕ ВЛИЈАЕ ВРЗ ПОКАЧУВАЊЕ НА КАМАТНИТЕ СТАПКИ ПРЕКУ ПОРАСТ НА, ТАКАНАРЕЧЕНАТА, ЕСКОНТНА КАМАТНА СТАПКА НА НБРСМ. СО ДРУГИ ЗБОРОВИ, ВРЕМЕТО НА „ЕВТИНИ ПАРИ“, НИСКИ ИЛИ НУЛТИ КАМАТНИ СТАПКИ, Е ВЕЌЕ МИНАТО И НИЕ СИТЕ ЌЕ МОРА ДА СЕ НАВИКНЕМЕ ДА ЖИВЕЕМЕ СО ТАКВАТА РЕАЛНОСТ**

Во однос, пак, на поддршката на инвестиционата активност, преку фискалната политика Владата треба да ги поддржува, пред сè, инвестициите за намалување на потрошувачката на енергија (бидејќи цените на енергенсите растат, но високи ќе останат и откако ќе помине кризата), исто како и инвестициите во производство на домашна енергија, но од обновливи извори. Во истата смисла, Владата треба да ги поддржи активностите во земјоделството (производството на домашна храна, бидејќи цените на увозната храна растат, а и тие и по кризата ќе останат повисоки). Нашата држава навистина има поволни услови за земјоделско производство, меѓутоа, пред сè, заради несоодветните мерки за поддршка (начинот на давање на субвенции за земјоделско производство во РСМ е исклучиво популистички и далеку од економски оправдан), секоја година станува сè поголем увозник, наместо извозник на храна. Тоа претставува двојна загуба, бидејќи ако државата беше голем извозник на храна, трендот на пораст на цените на прехранбените производи ќе значеше автоматски поголеми приходи од извоз, наместо поголеми расходи заради увоз на храна. Во секој случај, бидејќи трендовите на пораст на цените на храната ќе останат и во иднина, тоа ги прави инвестициите во земјоделското производство пооправдани. Само, прво треба да се постави правилна основа врз која ќе следи побрз развој на земјоделското производство и храна.

### Соработка со соседите, штедење и даночна реформа

Кога зборуваме за поддршка во оваа криза, треба да се наведе и корисноста од забрзаната регионална економска интеграција. Сега е потребна поголема, а не помала регионална економска интеграција. Тука навистина нема простор за опишување на оваа битна тема, но морам да си го кажам мислењето, дека започнувањето на некои нови кампањи на регионална економска интеграција што толку силовито се промовираат во јавноста (Отворен Балкан), со занемарување на веќе етаблираниот и програмски и институционално врамениот, таканаречен, Берлински процес, всушност не служи во толкава мерка за регионално економско интегрирање.

Остануваат уште две работи како препораки за Владата во оваа криза, но тоа не значи дека се тие помалку важни. Имено, првата од нив е потребата од рационализирање (кратење) на непродуктивните буџетски трошоци, исто како и потребата од поголемо штедење на енергија од страна на јавните институции и Владата. Доколку се очекува од граѓаните и фирмите да штедат, тогаш тоа мора да започне од Владата. Ова што е направено до сега е недоволно, има простор за уште многу во таа смисла.

И втората работа, која е особено битна на подолг рок, станува збор за голема даночна реформа. При тоа, не станува збор само за воведување на, таканаречен, прогресивен даночен систем кај директните даноци – тоа, во секој случај, треба да се направи, но овој пат внимателно и со широка дебата – туку, исто така, и за реформа на даночниот систем за намалување на даночната евазија, како и поголем број други аспекти. Меѓутоа, за таа тема повеќе ќе говориме во некоја друга прилика...

*(Д-р Ванчо Узунов е редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.)*



# КАКО ВОЈНАТА ВО УКРАИНА (ЌЕ) ВЛИЈАЕ ВРЗ МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА, И ШТО ДА СЕ ПРАВИ?

БРАНИМИР ЈОВАНОВИЌ

**ВОЈНАТА ВО УКРАИНА ИМА, И ДОПРВА ЌЕ ИМА, СЕРИОЗНИ СОЦИЈАЛНО-ЕКОНОМСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВРЗ СИТЕ СВЕТСКИ ЕКОНОМИИ, ПА И ВРЗ МАКЕДОНСКАТА. ЕФЕКТИТЕ ВО ГОЛЕМА МЕРА ЌЕ ЗАВИСАТ ОД ТОА КАКО ЌЕ СЕ ОДВИВА ВОЈНАТА – КОЛКУ ПОДОЛГО ТРАЕ, ТОЛКУ ШТЕТИТЕ ЌЕ БИДАТ ПОГОЛЕМИ. ДОКОЛКУ ВОЈНАТА ПОТРАЕ ДО КРАЈОТ НА ГОДИНАТА, МОЖНО Е ДА СЕ ПОЈАВАТ И ДРУГИ ЕФЕКТИ ОСВЕН ИНФЛАЦИЈАТА, СКОКОТ НА КАМАТНИТЕ СТАПКИ И ОСИРОМАШУВАЊЕТО. СЕ ЧИНИ ДЕКА НАЈСЕРИОЗЕН Е РИЗИКОТ СВЕТОТ ДА ОСТАНЕ БЕЗ ХРАНА, ПОРАДИ ОГРОМНОТО ЗНАЧЕЊЕ НА УКРАИНА И РУСИЈА ЗА ПРЕХРАНУВАЊЕТО НА ГОЛЕМ БРОЈ ДРЖАВИ, ПРЕД СÈ ВО АФРИКА И АЗИЈА. МАЛИТЕ ДРЖАВИ КАКО МАКЕДОНИЈА НЕ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ ВРЗ ГОЛЕМИТЕ ГЛОБАЛНИ СЛУЧУВАЊА, НО ТОА НЕ ЗНАЧИ ДЕКА НЕ МОЖАТ ДА ПРЕЗЕМАТ ЧЕКОРИ ЗА ДА ГИ ЗАШТИТАТ СВОИТЕ ГРАЃАНИ**

*Главните канали преку кои војната во Украина влијае, и допрва ќе влијае врз македонската економија се: високата инфлација, покачувањето на каматите и намалувањето на странската побарувачка. Сето ова ќе доведе до забавување на економската активност и раст на сиромаштијата и нееднаквоста. Мерките за ублажување на последиците треба да бидат насочени кон: контрола на цените; зголемување на примањата на граѓаните; зголемување на буџетските приходи на државата и пораст на државните трошења.*

Војната предизвикана од руската агресија во Украина има, и ќе има, бројни и сериозни економско-социјални последици. Еден краток текст од десетина страници не може да ги елаборира сите, па затоа фокусот ќе биде ставен на најзначајните за Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Македонија). Иако дискусијата е низ призма на

македонската економија, таа е еднакво валидна за сите економии во регионот. Првиот дел од текстот ги објаснува начините на кои војната влијае на економијата, додека вториот дел се осврнува на тоа што треба да прават владите за да ги ублажат последиците.

### Високата инфлација ги јаде примањата на граѓаните и ја забавува економијата

*Првиот канал преку кој војната во Украина веќе влијае врз македонската економија е инфлацијата. Војната ги крена глобалните цени на храната и енергенсите, што генерираше висока инфлација, највисока во последните неколку децении. Високата инфлација ја намалува куповната моќ на парите, со што ја забавува економската активност. Таа ја зголемува и сиромаштијата, затоа што повеќе ги погодува посиромашните граѓани.*

Руската агресија во Украина доведе до висок скок на цените на храната и горивата на светските берзи. Цената на пченицата во мај 2022 година достигна 522 САД долари за метрички тон (мт), што е највисока цена откако постојат податоци (Графикон 1). На почетокот на годината, пред инвазијата, цената беше околу 370 долари/мт, по инвазијата скокна за цели 40 %. Слично е и со цената на нафтата. Просечната цена на нафтата на светските берзи по инвазијата на Украина достигна 110 САД долари за барел, додека пред инвазијата таа изнесуваше околу 80 долари. Нивото од 110 долари/барел е сѐ уште под нивото забележано во 2008 година, кога нафтата надмина 130 долари, но сепак, станува збор за пораст од повеќе од 30 %, во рок од еден до два месеца (Графикон 2).

Графикон 1: Цена на пченицата на светските берзи (САД долари за метрички тон)




Извор: Светска банка, Pink Sheets

Графикон 2: Цена на нафтата на светските берзи
(САД долари за барел)




Извор: Светска банка, Pink Sheets

Високите глобални цени на храната и нафтата генерираа инфлаторни притисоци и во Македонија. Во мај 2022 година инфлацијата во Македонија достигна 11.9 %, што е највисока стапка од 1995 година, кога инфлацијата за цела година изнесуваше 15.7 % (Графикон 3 и 4).

Графикон 3: Годишна инфлација во Македонија,
по месеци, 2002-2022 (во %)




Извор: Државен завод за статистика

Графикон 4: Годишна инфлација во Македонија, по години, 1991-2001 (во %)




Извор: Државен завод за статистика

Инфлацијата е движена токму од повисоките цени на храната и транспортот (т.е. горивата). Цените на храната се зголемени за 17 % во однос на претходната година, додека цените на горивата се покачени за 24 % (Табела 1).

Табела 1: Годишна инфлација во Македонија во мај 2022 година, по компоненти (во %)

| | |
|---|---|
| **ВКУПНО** | **111.9** |
| **Храна и безалкохолни пијалаци** | **117.1** |
| Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици | 108.1 |
| Облека и обувки | 101.5 |
| Домување, вода, електрична енергија, гас и други горива | 108.2 |
| Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата | 106.7 |
| Здравствена заштита | 104.1 |
| **Транспорт** | **124.1** |
| Комуникации | 100.3 |
| Рекреација и култура | 104.4 |
| Образование | 100.4 |
| Ресторани и хотели | 110.8 |
| Разновидни стоки и услуги | 107.3 |

Извор: Државен завод за статистика

Какви ефекти има инфлацијата и зошто е таа лоша? Првиот ефект е што таа ги „јаде" реалните примања на граѓаните, односно ја намалува куповната моќ на парите. Така, во март 2022 година, просечната плата во Македонија го достигна највисокото ниво во историјата на државата (31.080 денари), за првпат надминувајќи 30.000 денари. Ова е годишен номинален раст од 10.1 %. Но, во реален износ, односно коригирано за инфлацијата, во март платата има годишен пораст од само 1.2 %. Или, со други зборови, во март 2022 просечната плата може да купи само 1.2 % повеќе работи отколку пред една година. Односно, високиот номинален раст на платите е попуст, кога нивната реална куповна моќ е изедена од инфлацијата.

Намалената куповна моќ понатаму ја забавува потрошувачката на домаќинствата. Така, во април 2022, прометот во трговијата на мало (без горивата) е намален за околу 2 %, додека продажбата на храна е намалена за околу 9 %. Потрошувачката е најзначајната компонента на бруто домашниот производ (БДП) – таа сочинува околу 65 % од македонскиот БДП – што значи дека ако таа се намали, шансите да има и пад на БДП се високи. Историски гледано, постои јасна негативна корелација помеѓу инфлацијата и растот/падот на БДП – кога инфлацијата е повисока, БДП има помал раст, или има пад (Графикон 5).

Графикон 5: Корелација помеѓу растот на БДП и инфлацијата во Македонија (1991-2021)




Извор: Државен завод за статистика

Освен забавувањето на економската активност, моменталнава висока инфлација има и директен негативен ефект врз сиромаштијата и нееднаквоста. Бидејќи е движена од повисоките цени на храната и бензините, таа повеќе ги погодува посиромашните семејства, бидејќи тие трошат поголем дел од својот буџет за храна и горива. Така, најсиромашните 10 % од домаќинствата во Македонија трошат скоро 80 % од својот буџет за храна, додека најбогатите 10 % трошат помалку од 20 % (Графикон 6).

Графикон 6: Учество на храната во вкупниот буџет на домаќинствата во Македонија, по децили (во %)




Извор: Државен завод за статистика, Анкета за потрошувачката на домаќинствата, 2017 година

## Скокот на каматите го намалува просторот на владите да вложуваат во јавни добра

*Вториот канал преку кој војната влијае, но и допрва ќе влијае врз македонската економија е преку повисоките каматни стапки. Ерата на ниски камати, која настапи по глобалната финансиска криза од 2007-2008 година, како последица на релаксираната монетарна политика во најголемите светски економии, е готова. Сите најважни светски централни банки ги кренаа своите камати, како последица на инфлацијата, што ги покачи и каматните стапки на државните обврзници. Тоа значи дека владите сè потешко ќе се задолжуваат, што го стеснува просторот на вложувања од страна*

*на државата. Тоа ќе го забави економскиот раст, и ќе има негативни социјални последици.*

Каматната стапка на 5-годишните државни обврзници на САД во средината на јуни 2022 година достигна 3.5 %. Тоа е највисокото ниво од 2008 година. Од почетокот на пандемијата, па до почетокот на 2022 година, каматната стапка се движеше околу  0-1 %, но последниве неколку месеци значајно порасна (Графикон 7). За илустрација, колку е оваа камата висока, Македонија во 2021 година издаде 7-годишна еврообврзница со купонска камата од 1.625 %.

Графикон 7: Каматна стапка на 5-годишните државни обврзници на САД (во %)




Извор: ЦНБС

Скокот на каматните стапки на американските државни обврзници се должи на покачувањето на каматната стапка на Американската централна банка, поради високата инфлација. Иако инфлацијата во САД беше релативно висока веќе кон крајот на 2021 година, со војната во Украина таа уште повеќе порасна, што доведе до тоа Централната банка да ја покачи својата каматна стапка во два наврата во 2022 година, за прв пат од почетокот на пандемијата. Каматите ги покачија и централните банки на: Англија, Шведска, Норвешка, Канада и Австралија, а од јули и Европската централна банка.

### За камати колку за социјална помош

Какви ефекти ќе имаат повисоките каматни стапки по Македонија? Првиот ефект е што ќе се одлеваат повеќе пари од државниот Буџет за камати на јавниот долг, наместо тие пари да завршуваат за други, покорисни намени. Во 2022 година, од државниот Буџет ќе се исплатат 166 милиони евра за камати на јавниот долг. Тоа се скоро исто онолку пари колку што ќе се исплатат за социјални

надоместоци. Пред 13 години, за камати на долгот оделе 40 милиони евра, денес тој износ е четирикратно повисок (Графикон 8). Со покачувањето на каматните стапки од последните месеци, износот во наредните години ќе станува уште повисок. Тоа ќе значи дека наместо државата да вложува повеќе во: социјална заштита, образование или здравство, таа ќе дава повеќе пари за камати.

Графикон 8: Каматни плаќања од државниот Буџет (милиони евра)




Извор: До 2020, Завршни сметки на Буџетот. За 2021 и 2022, Буџет на РСМ.

Извор: Министерство за финансии, Буџети и Завршни сметки на Буџетот

Вториот ефект од повисоките камати е што државата сè потешко ќе може да се задолжува, што може да значи дека ќе има помал простор за вложување во неопходните јавни добра, како: образование, здравство, социјална заштита, култура, инфраструктура, заштита на животната средина, и сл. Ова ќе значи забавување на економската активност, но и влошување на квалитетот на јавни добра и услуги.

Повисоките камати ќе влијаат и врз граѓаните, зашто ќе се зголемат и каматите коишто тие ги плаќаат на нивните кредити. Ова најмногу ќе ги погоди најсиромашните, затоа што тие се најмногу задолжени. За илустрација, во ЕУ задолженоста на најсиромашните 20 % домаќинства изнесува 113 % од средствата што ги поседуваат, додека најбогатите 20 % домаќинства имаат долгови од само 8 % од нивните средства (Графикон 9). Иако нема податоци за задолженоста на различните домаќинства во Македонија, со голема доза на сигурност може да се тврди дека состојбата е слична, ако не и подрастична.

Графикон 9: Нето-задолженост на граѓаните на ЕУ, по квинтили (% од финансиски средства коишто ги поседуваат)




Извор: Европска централна банка

КАКВИ ЕФЕКТИ ЌЕ ИМААТ ПОВИСОКИТЕ КАМАТНИ СТАПКИ ЗА МАКЕДОНИЈА? ПРВИОТ ЕФЕКТ Е ШТО ЌЕ СЕ ОДЛЕВААТ ПОВЕЌЕ ПАРИ ОД ДРЖАВНИОТ БУЏЕТ ЗА КАМАТИ НА ЈАВНИОТ ДОЛГ, НАМЕСТО ТИЕ ПАРИ ДА ЗАВРШУВААТ ЗА ДРУГИ, ПОКОРИСНИ НАМЕНИ. ВО 2022 ГОДИНА, ОД ДРЖАВНИОТ БУЏЕТ ЌЕ СЕ ИСПЛАТАТ 166 МИЛИОНИ ЕВРА ЗА КАМАТИ НА ЈАВНИОТ ДОЛГ. ТОА Е СКОРО ИСТА СУМА КОЛКУ ШТО ЌЕ СЕ ИСПЛАТИ ЗА СОЦИЈАЛНИ НАДОМЕСТОЦИ. ПРЕД 13 ГОДИНИ, ЗА КАМАТИ НА ДОЛГОТ ОДЕЛЕ 40 МИЛИОНИ ЕВРА, ДЕНЕС ТОЈ ИЗНОС Е ЧЕТИРИКРАТНО ПОВИСОК. СО ПОКАЧУВАЊЕТО НА КАМАТНИТЕ СТАПКИ ВО ПОСЛЕДНИТЕ МЕСЕЦИ, ИЗНОСОТ ВО НАРЕДНИТЕ ГОДИНИ ЌЕ СТАНУВА УШТЕ ПОВИСОК. ТОА ЌЕ ЗНАЧИ ДЕКА НАМЕСТО ДРЖАВАТА ДА ВЛОЖУВА ПОВЕЌЕ ВО: СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА, ОБРАЗОВАНИЕ ИЛИ ЗДРАВСТВО, ТАА ЌЕ ДАВА ПОВЕЌЕ ПАРИ ЗА КАМАТИ

## Забавувањето на европските економии ќе значи намален извоз од Македонија

*Третиот канал преку кој војната влијае, и ќе влијае, врз македонската економија е намалената странска побарувачка. Војната ќе го забави глобалниот економски раст, вклучувајќи го и растот во европските економии, коишто се најзначајниот трговски партнер на Македонија. Тоа ќе значи помал извоз од Македонија, односно дополнително забавување на економската активност.*

Според најновите проекции на Светската банка, од јуни 2022, глобалниот економски раст во 2022 година се очекува да изнесува 2.9 %, што е значајно пониско од очекувањата во јануари, кога се очекуваше растот да биде 4.2 %. Забавувањето е уште поизразено во евро зоната, која се

очекува да има раст од 2.5 %, наспроти јануарските очекувања за 4.2 % (Графикон 10). Можно е растот да биде уште понизок, зависно од тоа како ќе се одвива војната.

Графикон 10: Проекции за економскиот раст во светот, евро зоната и САД, во јануари 2022 и јуни 2022 (во %)




Извор: Светска банка

Тесно поврзано со ова, светските финансиски берзи веќе се соочуваат со сериозни проблеми, и берзата во САД во јуни 2022 навлезе во она што се нарекува „мечкин пазар", односно пад од повеќе од 20 % во однос на почетокот на годината (Графикон 11). Последно кога е забележан толкав пад беше за време на пандемијата, но тогаш берзата брзо закрепна, поради стимулативните мерки што ги преземаа и централните банки и владите. Претходно, „мечкин пазар" имаше за време на глобалната финансиска криза од 2007-2008 година.

Графикон 11: Индексот S&P 500 од почетокот на 2022, до средината на јуни 2022




Извор: Google Finance

Македонскиот финансиски систем не е толку интегриран во глобалните текови, па затоа не би се очекувало да има некој виден финансиски потрес. Ни во 2007-2008 година немаше сериозни прелевања од глобалната финансиска криза врз македонскиот финансиски систем. Но, финансиските потреси во САД неминовно водат до забавување на глобалната економија. Позната е изреката – кога САД ќе кивнат, целиот свет се разболува.

Забавениот глобален економски раст неминовно ќе значи забавување и на македонската економија, поради нејзината отвореност, односно високо учество на извозот и увозот во БДП. Вкупната надворешно-трговска размена на Македонија (извоз + увоз) изнесува околу 130 % од БДП, што е висока отвореност, и означува сензитивност на економијата на глобалните економски случувања. Затоа, забавувањето на глобалниот економскиот раст, како и растот во Европа, ќе значи понизок извоз од Македонија, што понатаму ќе значи и помал раст на БДП.

### Што да се прави?

Малите држави како Македонија не можат да влијаат врз овие глобални економско-политички случувања. Но, можат да преземат мерки за ублажување на нивните штетни последици. Мерките треба да бидат насочени кон каналите кои беа елаборирани погоре.

**Конкретно, околу инфлацијата, првата цел мора да биде да се спречи да ескалира. Тоа може да се направи со воведување некакви контроли на цените на сензитивните производи: струјата, греењето, горивата и храната.** Во ЕУ, 10 земји воведоа контроли на цените на енергенсите, а уште неколку размислуваат за такво нешто[1]. Дополнително, 20 земји намалија некои од давачките кон државата за енергенсите. Во регионот, многу од земјите воведоа контроли на цените на храната: Србија, Албанија, Хрватска, Унгарија. И Македонија воведе контроли на цените на храната на два наврата во изминатите неколку месеци, но од неразбирливи причини ги прекина двата сета мерки по само неколку месеци, што само дополнително ја разгори инфлацијата.

**МАКЕДОНСКИОТ ФИНАНСИСКИ СИСТЕМ НЕ Е ТОЛКУ ИНТЕГРИРАН ВО ГЛОБАЛНИТЕ ТЕКОВИ, ПА ЗАТОА НЕ СЕ ОЧЕКУВА ДА ИМА ВИДЕН ФИНАНСИСКИ ПОТРЕС. НИ ВО 2007-2008 ГОДИНА НЕМАШЕ СЕРИОЗНИ ПРЕЛЕВАЊА ОД ГЛОБАЛНАТА ФИНАНСИСКА КРИЗА ВРЗ МАКЕДОНСКИОТ ФИНАНСИСКИ СИСТЕМ. НО ФИНАНСИСКИТЕ ПОТРЕСИ ВО САД НЕМИНОВНО ВОДАТ ДО ЗАБАВУВАЊЕ НА ГЛОБАЛНАТА ЕКОНОМИЈА. ПОЗНАТА Е ИЗРЕКАТА: КОГА САД ЌЕ КИВНАТ, ЦЕЛИОТ СВЕТ СЕ РАЗБОЛУВА. ЗАБАВЕНИОТ ГЛОБАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАСТ НЕМИНОВНО ЌЕ ЗНАЧИ ЗАБАВУВАЊЕ И НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА, ПОРАДИ НЕЈЗИНАТА ОТВОРЕНОСТ, ОДНОСНО ВИСОКО УЧЕСТВО НА ИЗВОЗОТ И УВОЗОТ ВО БДП. ВКУПНАТА НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКА РАЗМЕНА НА МАКЕДОНИЈА ИЗНЕСУВА ОКОЛУ 130 % ОД БДП, ШТО Е ВИСОКА ОТВОРЕНОСТ И ЗНАЧИ СЕНЗИТИВНОСТ НА ЕКОНОМИЈАТА НА ГЛОБАЛНИТЕ ЕКОНОМСКИ СЛУЧУВАЊА**

Најдобра илустрација дека замрзнувањето на цените дава ефекти во зауздувањето на инфлацијата е движењето на инфлацијата во Србија и Македонија во изминатите неколку месеци (Графикон 12). Во декември 2021 година, кога беа воведени контролите на цените во Србија, инфлацијата таму изнесуваше 7.9 %, значајно повеќе отколку во Македонија (4.9 %). До мај 2022 година, инфлацијата

1 Sgaravatti, Giovanni, Simone Tagliapietra and Georg Zachmann (2022), „National policies to shield consumers from rising energy prices", Bruegel, available at: https://www.bruegel.org/publications/datasets/national-policies-to-shield-consumers-from-rising-energy-prices/

во Србија порасна на 10.4 %, односно за вкупно 2.5 процентни поени. Во Македонија, во истиот тој период, инфлацијата порасна за 7 процентни поени, достигнувајќи 11.9 % во мај, надминувајќи ја инфлацијата во Србија. Причината за побавниот раст на инфлацијата во Србија е тоа што државата таму ги држеше замрзнати цените на храната сето ова време, и ги ограничуваше цените на горивата, за разлика од Македонија, каде мерките за контрола на цените беа укинати по само неколку месеци.

Графикон 12: Инфлација во Србија и Македонија, декември 2021 – мај 2022 (во %)




Извор: Државни заводи за статистика

Второто нешто што треба да се направи како одговор на инфлацијата е да се преземат мерки за заштита на куповната моќ на граѓаните. Конкретно, потребни се мерки за покачување на платите на вработените, како и покачување на социјалните трансфери од страна на државата – пензиите, социјалната помош, и сл. Во однос на платите, државата може директно да ја покачи минималната плата, како и платите на вработените во јавниот сектор, што потоа индиректно би влијаело и врз останатите плати во приватниот сектор. Со покачувањето на платите и социјалните трансфери ќе се спречи инфлацијата да ги намали реалните примања на граѓаните, односно да дојде до пад на потрошувачката на домаќинствата.

Околу повисоките камати, она што државата може да го направи е да не дозволи тоа да влијае врз нејзиното вложување во јавни добра и услуги. Тоа конкретно може да се постигне ако државата ги зголеми своите приходи, кои во Македонија се меѓу најниските во Европа (Графикон 13). Имено, Македонија, заедно со уште само неколку европски економии, има буџетски приходи коишто се пониски од 30 % од БДП. За споредба, во повеќето европски земји буџетските приходи се повисоки од 40 % од БДП, а во најсоцијалните држави, тие надминуваат и 50 %.

Графикон 13: Приходи на општа влада во европските економии (како % од БДП)




Извор: Меѓународен монетарен фонд, World Economic Outlook

**Зголемувањето на буџетските приходи може лесно да се постигне преку воведување прогресивен данок,** кој во Македонија е повеќе од оправдан, поради фактот што граѓаните со највисоки приходи во државата плаќаат даноци по пониски стапки од граѓаните кои имаат минимални приходи (Графикон 14). Конкретно, најбогатите 0.1 % од населението имаат ефективна даночна стапка од само 12.9 % од нивниот доход, додека најсиромашните 50 % од населението имаат ефективна даночна стапка од 17.8 % од доходот. Со воведување прогресивен данок не само што би се зголемиле буџетските приходи, туку и би се елиминирала оваа неправда во оданочувањето.

Графикон 14: Вкупна ефективна стапка на данок на личен доход и социјални придонеси, по различни доходовни групи (во % од примањата)




Извор: Министерство за финансии

Искуството од 2018-2019 година, кога прогресивниот данок беше воведен без позначајни проблеми и доведе до значаен раст на буџетските приходи, покажува дека прогресивниот данок е чекор во вистинска насока. Но, исто така, ова искуство покажува и дека Владата мора да биде решена дека сака да го врати прогресивниот данок и дека мора да биде подготвена да го издржи притисокот од бизнис заедницата.

Исто така, искуството од 2018-2019 година покажува дека прогресивниот данок не треба да се однесува само на личните примања на граѓаните, туку треба да се однесува и на богатството, како и на добивките на фирмите. Со тоа, неговата оправданост ќе биде поголема, затоа што ќе биде сеопфатен и нема да може да се критикува дека ги привилегира фирмите, за сметка на граѓаните.

Друга лекција од 2018-2019 година е дека данокот треба да биде попрогресивен од оној што се воведе тогаш, затоа што најдоходовните 0.1 % треба да имаат уште повисоки даночни стапки од најдоходовните 1 %.

**ШТО ДА СЕ ПРАВИ? ПРВО, ДА СЕ СПРЕЧИ ЕСКАЛИРАЊЕ НА ИНФЛАЦИЈАТА, СО ВОВЕДУВАЊЕ КОНТРОЛИ НА ЦЕНИТЕ НА СЕНЗИТИВНИТЕ ПРОИЗВОДИ: СТРУЈАТА, ГРЕЕЊЕТО, ГОРИВАТА И ХРАНАТА. ДА СЕ ЗАШТИТИ КУПОВНАТА МОЌ НА ГРАЃАНИТЕ, СО ПОКАЧУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ И НА СОЦИЈАЛНИТЕ ТРАНСФЕРИ – ПЕНЗИИТЕ И СОЦИЈАЛНАТА ПОМОШ. ОКОЛУ ПОВИСОКИТЕ КАМАТИ, ДРЖАВАТА НЕ ТРЕБА ДА ДОЗВОЛИ ТОА ДА ВЛИЈАЕ ВРЗ НЕЈЗИНОТО ВЛОЖУВАЊЕ ВО ЈАВНИ ДОБРА И УСЛУГИ, НА ПРИМЕР СО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СВОИТЕ ПРИХОДИ. А, ЗГОЛЕМУВАЊЕТО НА БУЏЕТСКИТЕ ПРИХОДИ МОЖЕ ЛЕСНО ДА СЕ ПОСТИГНЕ ПРЕКУ ВОВЕДУВАЊЕ ПРОГРЕСИВЕН ДАНОК. ЗА НАМАЛЕНАТА СТРАНСКА ПОБАРУВАЧКА ДРЖАВАТА ТРЕБА ДА ТРОШИ ПОВЕЌЕ, ДА ВЛОЖУВА ВО ЈАВНИ ДОБРА И УСЛУГИ. ТОА Е СТАРО ПРАВИЛО ВО ФИСКАЛНАТА ПОЛИТИКА**

Така, на пример, една опција е да се воведе дополнителна стапка од 20 % за најдоходовните 1 % од граѓаните, и плус уште една стапка, од 30 %, за најдоходовните 0.5 % од граѓаните. Паралелно со тоа, да се воведе дополнителна даночна стапка од 20 % за добивката на фирмите која надминува 1 милион евра. Симулациите покажуваат дека една ваква реформа би довела до дополнителни буџетски приходи од 100 милиони евра годишно, што за 5 години заменува една еврообврзница.

**Околу намалената странска побарувачка, она што државата треба да направи е да троши повеќе, за да ја надомести намалената странска побарувачка.** Тоа, всушност, е старо правило во фискалната политика, дека таа треба да биде контрациклична, односно, да ѝ помага на економијата кога таа се наоѓа во криза. Бидејќи намалената странска побарувачка ќе значи намален домашен извоз, тоа понатаму ќе има негативен придонес кон БДП, бидејќи извозот е составен дел на БДП. Тој негативен придонес може да биде компензиран од страна на државата, преку експанзивна фискална политика, односно повисоко трошење од страна на државата, односно вложување во јавни добра и услуги.

## Наместо заклучок

Војната во Украина има, и допрва ќе има, сериозни социјално-економски импликации врз сите светски економии, па и врз македонската. Ефектите во голема мера ќе зависат од тоа како ќе се одвива војната – колку подолго трае, толку поголеми ќе бидат штетите. Доколку војната потрае до крајот на годината, можно е да се појават и други ефекти, коишто не беа опфатени во овој краток

текст. Најсериозен се чини дека е ризикот светот да остане без храна, поради огромното значење на Украина и Русија за прехранувањето на голем број држави, пред сè во Африка и Азија.

Малите држави како Македонија не можат да влијаат на големите глобални случувања, но тоа не значи дека не можат ништо да направат за да ги заштитат своите граѓани. Нивните напори морат да бидат насочени кон адресирање на проблемите што ги носи војната за нив и, пред сè, кон заштита на ранливите категории граѓани и сиромашните. Товарот од новата криза не смее да падне на грбот на најслабите, туку треба да биде понесен од страна на сите, особено од богатите и моќните, затоа што тие можат да издржат многу повеќе од сиромашните.

*(Бранимир Јовановиќ е економски истражувач на Виенскиот институт за меѓународни економски студии. Поле на преокупација му се социјалните аспекти на економијата, како: сиромаштијата, нееднаквоста, работничките права, социјалните политики, оданочувањето. Претходно бил професор на Институтот за општествени и хуманистички науки во Скопје, советник на министерот за финансии, Драган Тевдовски, истражувач во Народната банка и гостин-истражувач на Универзитетот во Торино. Има магистрирано на Универзитетот „Стафордшир“ во Велика Британија, а докторирано на Универзитетот „Тор Вергата“ во Рим.)*



# АВТОПАТОТ НА ФАКТИТЕ НАСПРОТИ ПОДРУМИТЕ ЗА ЛАЖНИТЕ ВЕСТИ

МАРЈАН ЗАБРЧАНЕЦ

**ДЕМОКРАТИЈАТА СЕКОГАШ ЌЕ БИДЕ ПОСИЛНА ОД ОНИЕ КОИ САКААТ ДА ЈА ДЕСТАБИЛИЗИРААТ. НАЈВАЖНО Е ДА ОСТАНЕ КОНСОЛИДИРАНА И ФОКУСИРАНА, КАКО ШТО Е СЛУЧАЈ ЗА ВРЕМЕ НА РУСКАТА АГРЕСИЈА ВРЗ УКРАИНА. ДЕМОКРАТСКИОТ БЛОК ПРЕДОЛГО БЕШЕ РЕАКТИВЕН КОН МАНИПУЛАЦИИТЕ, ДОВЕДУВАЈЌИ СЕ ПОНЕКОГАШ ДУРИ И ДО ПОЗИЦИЈА НА СЕБЕ-ПОТЦЕНУВАЊЕ, СЕБЕ-ЗАПЛАШУВАЊЕ И ДЕМОНСТРАЦИЈА НА НЕМОЌ. СЕ КОРИСТЕА ИСКЛУЧИТЕЛНО РЕАКТИВНИ НАРАТИВИ, КАКО: БОРБА ПРОТИВ ДЕЗИНФОРМАЦИИ, СПРАВУВАЊЕ СО ЛАЖНИ ВЕСТИ, ОДБРАНА ОД ХИБРИДНИ НАПАДИ. ДЕМОКРАТСКИОТ БЛОК ГИ ПОСЕДУВА НАЈСИЛНИТЕ КАНАЛИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА, КАКО ШТО СЕ: ВЛАДИТЕ, ИНСТИТУЦИИТЕ, МЕЈНСТРИМ МЕДИУМИТЕ И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО. ВАЖНО Е ДА ГИ КОРИСТИ ОВИЕ ОГРОМНИ РЕСУРСИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ, ЗА ШТО СЕ НЕОПХОДНИ: РЕДОВНИ КООРДИНАЦИИ НА ЧИНИТЕЛИТЕ, ВМРЕЖУВАЊА, УСОГЛАСЕНИ ПОРАКИ, АКТИВЕН ПЛАСМАН НА ПОРАКИТЕ ПРЕКУ РАЗЛИЧНИ ГЛАСНИЦИ, ПОЕДНОСТАВУВАЊЕ И ВИЗУАЛИЗИРАЊЕ**

Дезинформациите, денес, се најголемиот поткопувач на демократските и реформските процеси во светот.

Паравестите имаат цел: да го поткопаат владеењето на правото, политичката стабилност, да создаваат омраза меѓу луѓето и народите, да корумпираат и да влијаат врз новинарите, да ја намалуваат довербата во владите, во институциите, во медиумите, во образованието, во здравството и во науката.

Служат за поттикнување: конфликти, немири, насилно уривање на демократски избрани институции.

Дезинформациите се користат и за засилување на радикализмот и екстремизмот, за влевање: страв, несигурност, апатија, разочараност кај прогресивниот и умерениот дел од општествата. Но и обратно, за охрабрување на: радикали, насилници, мразачи, екстремисти, терористи.

Тие се оружје во рацете на регресивните сили и пропагаторите

на: хомофобија, антиваксерство, национализам и на секакви други форми на радикализам: политички, верски и идеолошки.

Станува збор за: декадентски, националистички, опасни и скриени центри на моќ и пропаганда кои се: против отвореноста на општествата, против толеранцијата меѓу луѓето, против отстранување на бариерите меѓу државите на Балканот, против мир, против стабилност. Тоа се оние центри коишто се: за агресија, за надмоќ на една нација врз друга, за дискриминација, за газење врз достоинството на луѓето.

Во регионален контекст, лажните вести коишто се насочени кон: етничка, политичка и верска нетрпеливост, се заеднички непријател на помирувањето на земјите и народите од Западен Балкан и нивната конечна европеизација.

Во новиот геополитички контекст наметнат од руската воена агресија врз Украина, регионот е особено изложен на антизападни и антидемократски дезинформирања, со што се прават обиди за оттргнување на земјите од Западен Балкан од утврдениот стратешки курс за членство во Европската Унија и НАТО.

Без разлика дали ваквите пропаганди ќе ги нарекуваме руски или не, важно е да се знае дека, пред сѐ, сите тие се антидемократски и дестабилизациски и дека извираат како од Русија, така и од други земји низ светот, вклучително и нашата.

## Разобличување митови што го туркаат Балканот против Западот

Најчестите теми околу кои се создаваат дезинформациите во регионот се поврзани со поттикнување сомнеж кај граѓаните за исправноста на демократскиот правец по кој се движат државите. Таквите наративи треба постојано да бидат: побивани, разобличувани и неутрализирани преку проактивна презентација на едноставни примери и факти.

**Манипулација 1:** „Руската армија е најмоќна армија во светот".

**Факти:** Руската армија покажа многу слабости при инвазијата во Украина. Се обиде да го освои Киев, но не успеа. Во текот на руската воена агресија во Украина, руската армија претрпе огромни материјални и човечки загуби. Во Црното Море потона и најголемиот руски воен брод, „Москва".

**Манипулација 2:** „Северна Македонија треба да биде неутрална, како што се: Србија, Турција и Швајцарија и како што беше Југославија“.

**Факти:** Спомнатите држави не покажаа јасна неутралност. И Србија, како и сите балкански држави, гласаше за Резолуцијата на ОН со која се осудува агресијата врз Украина и се бара стопирање и повлекување на воените сили од територијата на Украина (во рамки на меѓународно признатите граници). Србија гласаше за исклучување на Русија од Советот за човекови права на ООН.

Турција не е неутрална, членка е на НАТО. И Швајцарија веќе не е неутрална во однос на инвазијата врз Украина, воведе економски санкции кон Русија. По Титовото „не“ на Сталин, кога постоеше опасност од советска инвазија и Југославија стапи во воен сојуз со земји-членки на НАТО (Грција и Турција, Балкански пакт 1953 година).

Со 100 гласа „за“, три „против“ и ниту еден „воздржан“, Собранието на Северна Македонија ја усвои „Декларацијата за осуда на воените напади коишто го загрозуваат територијалниот интегритет и суверенитет на Украина“.

**Манипулација 3:** Западот ја користи Северна Македонија како земја во која ќе се сместуваат стотици илјади мигранти и бегалци.

**Факти:** Тврдењата дека во Македонија ќе се градат кампови за мигранти се покажаа како лажни. Статистиките покажуваат дека од 2015 година, до денес, низ Северна Македонија транзитирале повеќе од 1 милион мигранти од различни кризни подрачја, но ниту еден од нив не останал во земјава и немал намера да се насели тука. Во Северна Македонија нема населени мигранти.

Исто така, се ширеа огромни невистини дека земјава ќе ја населат „Талибанци“ од Авганистан, а вистината е дека во Северна Македонија пристигнаа околу 1.000 граѓани, демократско население кое бега и си го спасува животот токму од талибанскиот режим. Повеќе од половината од нив веќе ја напуштија земјава и се упатија кон нивните трајни дестинации. Истото ќе се случи и со останатите за кои државата обезбеди привремено прибежиште и спас.

**Манипулација 4:** Западот ја загрозува унитарноста на Македонија, се подготвува федерализација и кантонизација.

**Факти:** Тврдењата од 2017 година дека ако се смени власта, Северна Македонија ќе биде поделена, дека ќе се федерализира и

кантонизира и дека ќе ѝ се загрози уставната унитарност, се покажаа како дезинформации. По 27 април 2017 година, руското МНР издаде соопштение со коешто го поддржа насилството и упадот во Собранието и наместо да застане зад демократските механизми, се одлучи да застане на страната на оние кои влегоа насилно во Собранието и не го признаваа демократски избраното парламентарно мнозинство – тогаш во соопштението на Руската Федерација стоеше следново: „опозицијата која ги загуби парламентарните избори... изврши обид за насилно освојување на власта во земјата".

**Манипулација 5:** Евроазиската економска унија е вистинската алтернатива за Северна Македонија.

**Факти:** Во јануари 2022 година, Северна Македонија има најголема економска размена со земјите-членки на ЕУ (432,39 милиони евра), дури 20 пати поголема отколку со Руската Федерација (21,28 милиони евра).

Во јануари 2022 Македонија имаше поголема економска размена со Украина (22,74 милиони евра) отколку со Руската Федерација.

**Манипулација 6:** Русија ја поддржува Северна Македонија во спорот со Бугарија, како што ја поддржуваше во спорот со Грција.

**Факти:** Русија го поддржува македонскиот национализам како што го поддржува и бугарскиот. Русија од Скопје го честита раѓањето на Гоце Делчев, а во Бугарија роденденот на Николај Игнатиев, потписникот на Санстефанскиот договор за поделба на Македонија.

Бугарскиот премиер неодамна објави дека руски шпиони биле фатени како работат против историско помирување на Северна Македонија и Бугарија во ЕУ.

Руската амбасада во Северна Македонија на 24 мај, 2021 година, објави твит со честитка до македонскиот народ за светите браќа Кирил и Методиј. Од амбасадата споделија и цитат од руското претседател Владимир Путин.

– „Му го честитаме на братскиот македонски народ Денот на светите Кирил и Методиј, кој се слави како државен празник. Денес во Русија е свечен ден, Денот на словенската писменост, а писменоста дојде кај нас токму од македонската земја, рече Путин", беше наведено во твитот на руската амбасада во Скопје.

За разлика од оваа порака, руската амбасадорка во Софија, Елеонора Митрофанова, во видеопораката изјави дека честитката ја упатува кон Денот на Св. Кирил и Методиј, на бугарската азбука,

просвета и словенска книжевност, затоа што, несомнено, непроценлива е улогата на Бугарија во формирањето и ширењето на словенската писменост, јазик и култура.

**Манипулација 7:** Противниците на воената агресија и инвазија врз Украина се „русофоби“, како и тие што ги „цензурираат“ руските медиуми и руската култура.

**Факти:** Да се биде против политиките на режим и воени агресии на Путин никако не значи дека си „русофоб“. Дефинитивно, илјадници Руси коишто се спротивставија на воената агресија во Украина и беа уапсени, не се „русофоби“. Рускиот јазик е мајчин јазик на многу Украинци кои станаа жртви на воената агресија и окупација. Руската Федерација е таа што ги цензурира руските медиуми, воведува драконски казни и ги оневозможува мирните антивоени протести во Русија. Руската култура не е нападната и негирана туку: украинската култура, украинскиот јазик и Украинците. Западните земји не „цензурираа“ слободни руски медиуми, кои веќе не постојат во режимот на Путин.

**ПАРАВЕСТИТЕ ИМААТ ЦЕЛ ДА ГО ПОТКОПААТ ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО, ПОЛИТИЧКАТА СТАБИЛНОСТ, ДА СОЗДАВААТ ОМРАЗА МЕЃУ ЛУЃЕТО И НАРОДИТЕ, ДА КОРУМПИРААТ И ДА ВЛИЈААТ ВРЗ НОВИНАРИТЕ. ДА ЈА НАМАЛУВААТ ДОВЕРБАТА: ВО ВЛАДИТЕ, ВО ИНСТИТУЦИИТЕ, ВО МЕДИУМИТЕ, ВО ОБРАЗОВАНИЕТО, ВО ЗДРАВСТВОТО И ВО НАУКАТА. СЛУЖАТ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ: КОНФЛИКТИ, НЕМИРИ, НАСИЛНО УРИВАЊЕ НА ДЕМОКРАТСКИ ИЗБРАНИ ИНСТИТУЦИИ. ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ СЕ КОРИСТАТ И ЗА ЗАСИЛУВАЊЕ НА РАДИКАЛИЗМОТ И ЕКСТРЕМИЗМОТ, ЗА ВЛЕВАЊЕ: СТРАВ, НЕСИГУРНОСТ, АПАТИЈА, РАЗОЧАРАНОСТ КАЈ ПРОГРЕСИВНИОТ И УМЕРЕНИОТ ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВАТА. НО И ОБРАТНО, ЗА ОХРАБРУВАЊЕ НА: РАДИКАЛИ, НАСИЛНИЦИ, МРАЗАЧИ, ЕКСТРЕМИСТИ, ТЕРОРИСТИ. ТИЕ СЕ ОРУЖЈЕ ВО РАЦЕТЕ НА РЕГРЕСИВНИТЕ СИЛИ И ПРОПАГАТОРИТЕ НА: ХОМОФОБИЈА, НА АНТИВАКСЕРСТВО, НА НАЦИОНАЛИЗАМ И НА СЕКАКВИ ДРУГИ ФОРМИ НА: РАДИКАЛИЗАМ, ПОЛИТИЧКИ, ВЕРСКИ И ИДЕОЛОШКИ**

**Манипулација 8:** Русија не напаѓа, туку се брани (од биолошко оружје во Украина, од странски воени бази и од проширувањето на НАТО). Украина и Западот ја загрозуваат и напаѓаат Русија.

**Факти:** Нема докази за тврдењата дека Украина употребила или развивала биолошко или друго забрането оружје против Русија. Нема странски воени бази во Украина. Украина е суверена држава и има право сама да одлучува за стапување во воен сојуз или колективен систем на безбедност. Нема докази за никаква завера за инвазија врз Русија од страна на Украина, ниту, пак, Украина се

заканувала со напад врз Русија. Руската федерација се граничи со 14 земји, 5 се членки на НАТО повеќе години и ниту една до сега не претставувала закана за Русија.

Откако 90 % од Украинците гласаа за независност во 1991 година, во 1994 година Украина се согласи да го уништи својот нуклеарен арсенал и се приклучи на Договорот да не се шири нуклеарно оружје. Нема никакви докази дека Украина не го почитува тој Договор. Спротивно, има непобитни докази дека Руската Федерација го прекршува Договорот од 1994 година дека ќе ги почитува: независноста, суверенитетот и постојните граници на Украина, како што е анексијата на Крим од 2014 година и воената инвазија во 2022 година.

**Манипулација 9:** Путин спроведува „демилитаризација" и „денацификација" на Украина. Нацизмот е поддржуван од Украинската влада која ги држи Украинците во заложништво.

**Факти:** Вооружените напади од копно и од воздух и заземањето на украински градови и села не се чинови на „демилитаризација" туку на милитаризација и окупација. Нацизмот не е идеологија на Украинската влада предводена од премиер со еврејско потекло, чии роднини биле жртви на холокаустот.

Украинците не се „заложници" на „нацистичка" влада ниту на „нацистички" претседател кој победи на избори со 73 % поддршка. Апсолутно мнозинство на Украинци не се чувствуваат како „заложници" на нивната влада, ниту, пак, побарале Русија да ги „ослободи" од „денацификација".

Во воената агресија од страна на Русија настрада меморијалот на холокаустот „Бабин Јар", а меѓу цивилните жртви има и луѓе кои ги преживеале нацистичките концентрациони логори.

## Северна Македонија и регионот под напад од дезинформации, но битките ги добива демократскиот блок

Северна Македонија како земја во демократски развој и најнова членка на НАТО беше, и сè уште е силно изложена на манипулативни наративи кои имаат цел намерно да го доведуваат населението во заблуда дека западните и демократските политики и системи не се соодветни за ова поднебје и со тоа штетат врз безбедноста и сигурноста на граѓаните.

Дезинформаторите ги напаѓаат прогресивните теми и идеи и се особено присутни со наративи за големите општествени текови и правецот во кој оди државата.

За време на спроведување на референдумот, на кој граѓаните се изјаснуваа дали се ЗА решение со Грција и со тоа ЗА натамошно членство на Северна Македонија во НАТО и ЕУ, нашата земја беше изложена на силна кампања со дезинформации и манипулации.

Се појавија нови сомнителни: веб-портали, страници на социјалните медиуми, ботовски лајкови и шерови во огромен квантитет, постови кои шират омраза, оркестрирани анонимни ставови, фото манипулации – сите со цел да влијаат врз граѓаните за да се отстапи од нашата национална стратешката определба, а тоа е членство во НАТО и во Европската Унија.

Во нашето домашно искуство со дезинформациите имаме случај и на хибриден напад од страна на странски пранкери, кои преку наше конзуларно претставништво, преку фиктивен, но навидум реален веб-сајт и домејн, успеаја да закажат и да реализираат телефонски разговор со премиерот на Северна Македонија, Зоран Заев, и тоа преку злоупотреба на идентитетот на младата екоактивистка Грета Тунберг.

Владата веднаш го обелодени овој случај пред јавноста и пред семејството на Тунберг, со што беа пресретнати намерите на нарачателите. Аудиото од тој манипулативен телефонски повик беше објавено неколку месеци подоцна, во очи на парламентарните избори, со цел директно да се влијае врз волјата на гласачите и врз исходот од изборите.

Сепак, манипулацијата не успеа бидејќи објавата на аудиото не беше голема вест, односно беше стара лажна вест којашто претходно веќе беше објавена и разоткриена од владините претставници. Овој пример само покажува дека дезинформациите имаат цел да влијаат дури и врз изборни резултати, односно врз тоа која политичка структура ќе ја води државата.

На истите овие пранкери, Vovan и Lexus, неколку месеци подоцна жртва им беше и канадскиот премиер Џастин Трудо.

**Владата на Северна Македонија од 2018 година има активна и водечка улога во намалување на штетите од дезинформациите**

Во нашиот случај е особено позитивно што имаме целосно демократска влада која се исправа со разни механизми против ваквите појави и која работи на создавање механизми со кои општеството ќе биде поотпорно на манипулации.

Владата беше прва во регионот којашто уште пред неколку години создаде и активираше сеопфатен акциски план за справување со дезинформации. Тоа даде соодветни резултати и на ниво на алармирање и издигнување на свеста кај населението и на ниво на системски решенија, како што е високото ниво на активна транспарентност и отвореност на централните државни институции или, пак, воведувањето на медиумската писменост во образованието.

Северна Македонија е во постојана координација со своите НАТО сојузници, а кризата во Украина покажа дека НАТО, меѓу другото, е и сериозно координирана комуникациска платформа за промоција на демократски вредности и за заштита од антизападни манипулации и дезинформации. Сè почести се заклучоците дека Русија ја изгуби пропагандната војна во случајот со Украина.

Пристапот на Владата во справувањето со дезинформациите се

**НАЈЧЕСТИТЕ ТЕМИ НА ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ ВО РЕГИОНОТ СЕ ПОВРЗАНИ СО ПОТТИКНУВАЊЕ СОМНЕЖ КАЈ ГРАЃАНИТЕ ЗА ИСПРАВНОСТА НА ДЕМОКРАТСКИОТ ПРАВЕЦ ПО КОЈ СЕ ДВИЖАТ ДРЖАВИТЕ. ТАКВИТЕ НАРАТИВИ ТРЕБА ПОСТОЈАНО ДА БИДАТ ПОБИВАНИ И РАЗОБЛИЧУВАНИ СО ФАКТИ.**

**МАНИПУЛАЦИЈА 1: „РУСКАТА АРМИЈА Е НАЈМОЌНА АРМИЈА ВО СВЕТОТ“.**

**ФАКТИ: РУСКАТА АРМИЈА ПОКАЖА МНОГУ СЛАБОСТИ ВО ИНВАЗИЈАТА ВО УКРАИНА. СЕ ОБИДЕ ДА ГО ОСВОИ КИЕВ, НО НЕ УСПЕА. ПРЕТРПЕ ОГРОМНИ МАТЕРИЈАЛНИ И ЧОВЕЧКИ ЗАГУБИ. ВО ЦРНОТО МОРЕ ПОТОНА И НАЈГОЛЕМИОТ РУСКИ ВОЕН БРОД, „МОСКВА“.**

**МАНИПУЛАЦИЈА 2: „СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ТРЕБА ДА БИДЕ НЕУТРАЛНА, КАКО ШТО СЕ: СРБИЈА, ТУРЦИЈА И ШВАЈЦАРИЈА И КАКО ШТО БЕШЕ ЈУГОСЛАВИЈА“.**

**ФАКТИ: СПОМНАТИТЕ ДРЖАВИ НЕ ПОКАЖАА ЈАСНА НЕУТРАЛНОСТ. И СРБИЈА, КАКО И СИТЕ БАЛКАНСКИ ДРЖАВИ, ГЛАСАШЕ ЗА РЕЗОЛУЦИЈАТА НА ОН СО КОЈА СЕ ОСУДУВА АГРЕСИЈАТА ВРЗ УКРАИНА И СЕ БАРА ПОВЛЕКУВАЊЕ НА ВОЕНИТЕ СИЛИ ОД УКРАИНА. СРБИЈА ГЛАСАШЕ ЗА ИСКЛУЧУВАЊЕ НА РУСИЈА ОД СОВЕТОТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА ООН.**

**ТУРЦИЈА НЕ Е НЕУТРАЛНА, ЧЛЕНКА Е НА НАТО. И ШВАЈЦАРИЈА ВЕЌЕ НЕ Е НЕУТРАЛНА – ВОВЕДЕ ЕКОНОМСКИ САНКЦИИ КОН РУСИЈА**

заснова на пет главни принципи: активна транспарентност; медиумска писменост; модерни проактивни комуникации; соработка и вмрежување и брзи реакции за разобличување дезинформации.

**Активна транспарентност**

Владата, согласно Стратегијата за транспарентност и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како задолжителен стандард ја спроведува активната транспарентност (член 10, Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер – 21 документ) во сите институции во рамките на централната извршна власт и ги промовира и препорачува стандардите низ општините.

Согласно мерењата на регионалната иницијатива Action Southeast Europe, Владата на Северна Македонија веќе четврта година по ред е на прво место по отвореност во споредба со земјите од регионот. Пред 2017 година, Владата, предводена од ВМРО-ДПМНЕ беше последна по отвореност во регионот.

Во рамки на својата Стратегија за транспарентност, Владата обезбедува податочни сетови достапни на веб-страницата и јавно достапни до граѓаните, како што се: органограми, листи на вработени, листи на кабинетски советници, реализирани службени трошоци на функционери, финансиски извештаи, сите трезорски исплати, сите договори за јавни набавки, дневни редови на владините седници, записници од реализираните седници.

Во обид да ја зголеми транспарентноста и на локално ниво, донесени се препораки општините да ја зголемат транспарентноста, а финансиските трансакции за програмите преку кои Владата исплаќа средства за општините, капиталните инвестиции, инвестициите со поддршка на Светска Банка, проектите од средствата од ТАВ, се условени со видливо зголемена отчетност на општините.

**Модерни проактивни комуникации**

Со комбинирање на различни канали за комуникација за проактивни комуникации, Владата е фокусирана на промовирање наративи за демократија кои се засноваат врз принципот на вредностите на Европската Унија: солидарност, различност, регионална соработка, слобода на движење, антидискриминација, итн. Целта на овој проактивен пристап е да се постави наратив кој доминира над вообичаените наративи кои ги пласираат центрите за дезинформации: национализам, дискриминација, антивакцинација, итн. Говори

на премиерот, министри или други владини претставници, како и дневни објави на социјалните медиуми, се користат за промоција на демократските наративи, како постојани напори за одговор на општите дезинформациски наративи поврзани со стереотипите, градењето национализам, и сл.

**<u>Медиумска писменост</u>**

Со новата Концепција за основно образование медиумската писменост се изучува како посебна тема во наставната програма по мајчин јазик (македонски, албански, турски, српски, босански). Секогаш кога е можно, наставникот ќе ја интегрира медиумската писменост со останатите теми и подрачја, со цел да им се овозможи на учениците да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

Во учебната 2021/2022 година, новите наставни програми почнаа да се реализираат во прво и четврто одделение, така што и изучувањето на медиумската писменост е вклучено во овие две одделенија. Постепено ќе се воведува и во новите наставни програми за другите одделенија.

Стекнувањето медиумска писменост ќе им овозможи на учениците информациите што ги добиваат од различни извори: да ги анализираат, да ги разбираат соодветно на контекстот, да ги поврзуваат со други информации, да размислуваат критички и да бидат во состојба да го проценат нивниот квалитет, а како резултат на тоа самостојно да донесат одлуки и судови базирани врз факти. Потребата за медиумската писменост произлегува од фактот што современите средства за масовна комуникација овозможуваат лесно пласирање на дезинформации и злонамерно фабрикувани манипулации што го контаминираат јавниот дискурс и ги доведуваат граѓаните во заблуда.

Ако создадеме генерации со повеќе знаење и алатки за справување со лажните вести ќе бидеме поподготвени за битката со нив, како и подготвени за превенција на кризни ситуации креирани со помош на лажни вести.

**<u>Соработка и вмрежување</u>**

Владата со својот однос кон овој феномен создава амбиент за споделување искуства и дефинирање на неколку клучни заеднички столбови меѓу сите чинители во земјата, но и во регионот. Постои

силна политичка поддршка за мешаните платформи меѓу: граѓанските организации, медиумите и владините институции коишто ќе создадат силни мрежи за борба против центрите за дезинформирање. Владата е во постојана соработка со главните платформи на социјалните медиуми на тема дезинформации.

Како дел од Акцискиот план, на 21 октомври, Владата заедно со граѓанската организација „Метаморфозис“ започна иницијатива за „проверка на факти“, наречена „Де ФАКТО“. Платформа за проверка на факти за брз одговор меѓу медиумите и претставниците од институции, каде што дезинформациите брзо ќе се разоткриваат, со цел да се запрат лажните вести за манипулирање со јавноста. Платформата дополнително ќе ја издигне свеста за дезинформациите како феномен.

**Брза реакција**

Владата усвои протокол за кризни комуникации, како дел од Комуникациската стратегија на Владата, што вклучува методологии за брз одговор кои се клучни за раните реакции во насока на намалување на штетата предизвикана од дезинформации. Протоколот се користи секојдневно за справување со дезинформациите, во Секторот за комуникации на Владата. Особено е корисен во услови на инфомедемијата која ја придружи пандемијата.

**ЗА ВРЕМЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМОТ, НА КОЈ ГРАЃАНИТЕ СЕ ИЗЈАСНУВАА ДАЛИ СЕ ЗА РЕШЕНИЕ СО ГРЦИЈА И СО ТОА ЗА НАТАМОШНО ЧЛЕНСТВО НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО НАТО И ЕУ, НАШАТА ЗЕМЈА БЕШЕ ИЗЛОЖЕНА НА СИЛНА КАМПАЊА СО ДЕЗИНФОРМАЦИИ И МАНИПУЛАЦИИ. СЕ ПОЈАВИЈА НОВИ СОМНИТЕЛНИ: ВЕБ-ПОРТАЛИ, СТРАНИЦИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ, БОТОВСКИ ЛАЈКОВИ И ШЕРОВИ ВО ОГРОМЕН КВАНТИТЕТ, ПОСТОВИ КОИ ШИРАТ ОМРАЗА, ОРКЕСТРИРАНИ АНОНИМНИ СТАВОВИ, ФОТО МАНИПУЛАЦИИ – СИТЕ ТИЕ ИМАА ЦЕЛ ДА ВЛИЈААТ ВРЗ ГРАЃАНИТЕ ЗА ДА СЕ ОТСТАПИ ОД НАШАТА НАЦИОНАЛНА СТРАТЕШКАТА ОПРЕДЕЛБА, А ТОА Е ЧЛЕНСТВО ВО НАТО И ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА. ВО НАШЕТО ДОМАШНО ИСКУСТВО СО ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ ИМАМЕ СЛУЧАЈ И НА ХИБРИДЕН НАПАД ОД СТРАНА НА СТРАНСКИ ПРАНКЕРИ, КОИ ПРЕКУ НАШЕ КОНЗУЛАРНО ПРЕТСТАВНИШТВО, ПРЕКУ ФИКТИВЕН, НО НАВИДУМ РЕАЛЕН ВЕБ-САЈТ И ДОМЕЈН, УСПЕАЈА ДА ЗАКАЖАТ И ДА РЕАЛИЗИРААТ ТЕЛЕФОНСКИ РАЗГОВОР СО ПРЕМИЕРОТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ЗОРАН ЗАЕВ, И ТОА ПРЕКУ ЗЛОУПОТРЕБА НА ИДЕНТИТЕТОТ НА МЛАДАТА ЕКОАКТИВИСТКА ГРЕТА ТУНБЕРГ. ВЛАДАТА ВЕДНАШ ГО ОБЕЛОДЕНИ СЛУЧАЈОТ ПРЕД ЈАВНОСТА И ПРЕД СЕМЕЈСТВОТО НА ТУНБЕРГ, СО ШТО БЕА ПРЕСРЕТНАТИ НАМЕРИТЕ НА НАРАЧАТЕЛИТЕ**

### Не сакаме да бидеме препознаени по она против што се бориме

Охрабрува начинот на кој НАТО и САД ја дефинираат својата улога во справувањето со дезинформациите, велејќи: „не сакаме да бидеме препознаени по она против што се бориме, туку по она за што се залагаме или по она што го промовираме".

Општествените чинители коишто презеле одговорност и си ја зацртале својата улога да промовираат: прогрес, факти, информации, напредок, соживот, дијалог, разбирање, мора многу повеќе да вложуваат во каузите „за", отколку во реактивното „против".

Демократскиот блок предолго беше реактивен кон манипулациите, доведувајќи се понекогаш дури и до позиција на себе-потценување, себе-заплашување и демонстрација на немоќ. Се користеа исклучително реактивни наративи, како: БОРБА ПРОТИВ дезинформации, СПРАВУВАЊЕ СО лажни вести, ОДБРАНА ОД хибридни напади.

Но демократскиот блок ги поседува најсилните канали за комуникација, како што се: владите, институциите, мејнстрим медиумите и граѓанското општество. Овие демократски центри имаат огромни ресурси за справување со дезинформациите, за што се неопходни: редовни координации на чинителите, вмрежувања, усогласени пораки, активен пласман на пораките преку различни гласници, поедноставување и визуализирање.

Демократијата секогаш ќе биде посилна од оние кои сакаат да ја дестабилизираат. Најважно е да остане консолидирана и фокусирана, како што е тоа случај за време на руската агресија врз Украина.

*(Марјан Забрчанец е специјалист по односи со јавност, комуникациски стратегии и стратешко планирање, со 20-годишно искуство во граѓанскиот, приватниот и јавниот сектор. Од 2017 до 2022 година раководеше со владиниот комуникациски сервис, како посебен советник за односи со јавност на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, а потоа и како национален координатор за стратегиски комуникации. Во тој период ги координираше јавните комуникации на најважните*

*владини и политички случувања и достигнувања на Северна Македонија, како што се: Договорот од Преспа, референдумот за Договорот од Преспа, посетата на Папата, европските интеграции, членството во НАТО, справувањето со Ковид-19 пандемијата, како и основањето и развојот на иницијативата „Отворен Балкан“. Како ПР менаџер има работено во агенцијата New Moment, а како претседател и извршен директор има раководено со Младинскиот образовен форум (МОФ). Во 2017 година беше специјалист за развој на капацитети на граѓански организации на проектот на УСАИД за граѓанско учество, во рамки на тимот на Фондацијата Отворено општество – Македонија.)*

ISSN 2671-3209